РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ СВ.“КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД:**

# ТРУМАНОВАТА ДОКТРИНА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ НА БАЛКАНОТ

**Подносител:**
**Николовски Дејан**

**Ментор:**
**Проф. Д-р. Ачкоска Виолета**

**СОДРЖИНА**

**Вовед**......................................................................................................4

**Предмет на**

**истражувањето**...........................................................................................5

**Временска рамка**.........................................................................................6

**Методолошка рамка**........... .....................................................................6

**Општествена и научна оправданост на трудот**...........................................8

**Краток осврт на трудови и архивски фондови**...........................................10

**Глава I**

**Политичко безбедносната и економската состојба во Европа кон крајот на Втората светска војна**

1.1 Европските држави во првите години по Втората светска војна...... ......12

1.2 Балканските држави кон крајот на војната............................................ ..23

1.3 Југословенската федерација по Втората светска војна................................29

**Глава II**

**Македонското прашање во услови на блоковска поделеност и почетокот на студената војна**

2.1 Создавање на современата македонска држава............................................37

2.2 Поделба на сферите на влијание.................................................................48

2.3 Граѓанската војна во Грција ........................................................................53

2.4 Прокламацијата на Трумановата доктрина и македонското прашање.........61

**Глава III**

**Американската надворешна политичка стратегија на потиснување-задржување („containment“) и нејзините компоненти**

3.1 Политиката на потиснување или задржување – containment.......................73

3.2 Маршалов план, политичко-безбедносни и економски аспекти.................77

3.3 Формирањето на НАТО пактот

како воена компонента на "политиката на задржување"............... ..............85

**Глава IV**

**Македонското прашање во услови на зголемени тензии помеѓу САД и СССР**

4.1 Формирањето на Информационото Биро – ИНФОРМБИРО како одговор на Трумановата доктрина и Маршаловиот план....................................................87

4.2 Резолуцијата на Информбирото и последиците за југословенската федерација..................................................92

4.3 Крајот на граѓанската војна во Грција и последиците за македонскиот народ..........................................................................................................106

**Глава V**

**Македонското прашање и југословенската политика во услови на заладени односи со СССР и источниот блок**

5.1 Балканскиот пакт од 1953 година со Југославија - Јужното крило на НАТО пактот......................................................................110

5.2 Смрта на Сталин и нормализацијата на односите помеѓу Југославија и Источниот блок...........116

5.3 Македонското прашање и политиката на Неврзувањето на Југословенската федерација како одговор на глобална воена-политичка поделеност................122

**Заклучок**..........................................................................................................130

**Работна библиографија**.........................................................................132

# ВОВЕД

Интересот за темата определена за изработка на магистерска теза беше насочен од повеќе причини, лични мотиви, фактори и околности. Обидот да се дефинира и воедно да се даде одговор што всушност значеше **Трумановата доктрина**, ќе даде насоки кон одговорите на многу историски прашања по Втората светска војна, клучни за политичката историја на европските држави, а пред се за македонската држава, која во тој момент се создаваше на урнатините на културно-историското наследство на многу империи и на еден дел од нејзината етничка и историска граница.

Втората светска војна отвори една нова димензија на американските интереси, како никогаш дотогаш и после годините на „политиката на воздржаност и изолационизам" (монровата доктрина) од интервенција во меѓународната политика, ќе овозможи САД да ја превземат улогата на креатор на светската политика согласно своите национални интереси. Американскиот претседател Рузвелт, а веднаш потоа и Хари Труман и неговите главни советници биле одлучни да ги заштитат Соединетите Држави од се што би можело да ги загрози нивните глобални интереси по победата над фашистичката коалиција.

**Трумановата доктрина**, која пред се беше систем на политички, економски, воени и дипломатски мерки директно ги дефинираше и презентираше националните интереси на САД во глобалната конфронтација со СССР. Нејзиното имплементирање се врзува со директната економска и воена интервенција во Грција и Турција. Гледано во еден историски континуитет Трумановата доктрина која потоа ќе ја надополнуваат и други административно стратешки документи ќе биде долгорочна геополитичка стратегија на САД, доктрина која ќе биде втемелувач на геополитичката "стратегија на задржување" од ширење на руското влијание на секоја точка од земјината топка.

Особено важни, ако не и пресудни ги сметам геополитичките интереси на САД и СССР кои ќе ја определат судбината на светот по Втората светска војна, многу народи ќе бидат во средиштето на директниот идеолошки судир, милиони луѓе од европскиот континент ќе бидат раселени, со тоа етничките карти продолжија да се менуваат, а териториите на одредени држави ќе бидат повторно прекроени.

Несомнено Втората светска војна ќе преставува една од најголемите пресвртници во историјата на човештвото, ако воопшто може да се направи и некаква историска паралела, пресвртница еднаква на пронаоѓање на писмото, ренесансата, просветителството, пронаоѓањето на новите континенти. Меѓутоа последиците од

Втората светска војна ќе бидат најинтензивните промени што се случиле во историјата на човештвото и тоа во сите сфери на општественото живеење.

По завршувањето на војната единствените супер сили САД и СССР ќе тргнат по патот на одбрана на своите системи на вредности, односно национални интереси кои ќе доведат до директна конфронтација и поделба на светот на сфери на влијаниа.

Мерките кои биле превземени од страна на САД имале една единствена цел, а тоа е спречување на продорот на советското влијание, кое веќе почнувало да се чуствува и во срцето на Европа, како резултат на економската криза која вешто ја користеле комунистичките партии кои биле под директно влијание на Москва.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Основата на истражувањето ќе бидат политичките, безбедносните и економските историски аспекти во периодот од 1945 до 1953 година, како и стратешките интереси на САД и СССР, по Втората светска војна.

Дефинирањето на Трумановата доктрина и нејзиното влијание на другите историски процеси, ќе преставува основниот приоритет на истражувањето. Во поновата американска историја таа заедно со **Маршаловиот план** ќе претставуваат двата најревулуционерни и најконкретни акти во надворешната политика.

Значењето на **Трумановата доктрина**, за националните интереси на САД, е едно од основните прашања. Меѓутоа истата тешко може да ја поврземе само со името на претседателот Хари Труман, бидејќи дефинирањето на надворешно-политичките приоритети ќе бидат поврзани и со имињата на Џорџ Кенан, Џорџ Маршал и Дин Ачисон.

Во тој контекст предмет на истражувачки интерес ќе бидат **„Политиката на задржување или потиснување“** и **„Маршаловиот план“**, кои ќе бидат дел од американската надворешна глобална политика.

Трумановата доктрина најчесто во историски дискурс се врзува со говорот на претседателот Хари Труман на 27 март 1947 година. Но всушност стратегијата и доктрината како поим се дефинираат многу покомлексно и не може да биде опфатена само во едно претседателско обраќање пред Конгресот на САД.

Како едно од основните и клучните прашања неминовно се наметна и прашањето за граѓанската војна во Грција 1946-1949 година, како и тоа што значеше спречување на продорот на влијанието на СССР во Грција и Турција.

Основата на истражувањето секако дека ќе биде македонското прашање во контекст на глобална конфронтација на САД и СССР, интересите и односот на балканските држави, како и интересот и односот на КПЈ и југолсовенската федерација кон македонското прашање.

Како директна последица на Трумановата доктрина и Маршаловиот план ќе претставува формирањето на Информационото Биро, што всушност ќе биде една од првите причини споменати во декларацијата на комунистичките партии за меѓународната ситуација. Од тука формирањето на ИБ и резолуцијата која ќе биде последица на затегнатите односи помеѓу КПЈ и СКП(б) ќе бидат прашања кои ќе бидат предмет на осврт и историска анализа во контекст на темата која е предмет на обработка.

Последиците од Резолуцијата на ИБ за Југославија ќе имаат суштинско значење за нејзиниот иден општествено политички и економски развој.

Барањето на третиот пат за југословенското државно раководство ќе бида еден од надворешно-политичките приорите пред и по смртта на Сталин. Потребата да се одржи курсот на сопствен пат во изградбата на социјалистичкиот систем беше подеднакво важно, од една страна да не се потклекне под притисоците на СССР но и да не се дозволи или пак да се контролира влегувањето на западниот капитал.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА

Временската рамка ја дефинирав во временскиот период на претседателските мандати на Хари Труман од 1945 година до 1953 година, а исто така годината се совпаѓа и со смртта на Јосиф Сталин и почетокот на попуштање на затегнатоста на односите помеѓу СССР и југословенската федерација. Официјално и историски Трумановата доктрина се врзува со конкретен датум, а тоа е ноговиот говор на 12 март 1947 година, пред конгресот со што јавно го презентира планот за помош на Грција и Турција, при тоа образлагајќи што всушност тоа значи за американските национални интереси.

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА

Методолошката рамка, односно употребата на методите ја определив пред се придржувајќи се кон современите општо научно-истражувачки начела во историската

наука. Општите научни методи се универзалната рамка на едно истражување и тоа преку:

**Аналитичкиот метод** како метод можеби е еден од најупотребуваните и најприменуваните во современата општа научна мисла. Сложената структура на меѓународните односи по Втората светска војна наметнува потреба од примена на аналитичкиот метод. Расчленување на сложените историски појави и процеси, е со цел да се опишат деловите и како нивните меѓусебни односи влијаат врз целината.

**Методот на синтеза** логично се надоврзува на методот на анализа. Ако синтезата во историјата значи воопштување, тогаш сложената општествена историска структура наметнува интегрирано историско промислување на извлечените поединечни елементи.

**Метод на индукција** ќе ни овозможи преку анализираните поединечни елементи добивање на преставите за општите случувања и состојби во една држава, регион, состојбите внатре во воено-политичките блокови и сл.

**Метод на дедукција,** исто како и логичкото надоврзување кај методите на анализа и синтеза, е мисловна форма која логички се надоплнува со методот на индукција и каде неможеме да вршиме чисти механички раздвојувања, при истражувањето на одредена историска појава, историски настан или историски процес.

**Компаративен-историски метод** како еден од најупотребуваните и најприменливи во историската наука, компаративно-историскиот метод овозможува директни паралели помеѓу државите кои ќе бидат предмет на истражувања во даден временски период. Компаративно-историскиот метод преку анализата на историските услови, околности, фактори, причини и последици ни дава истовремено историска реконструкција на состојбите во повеќе држави. Во контекст на компаративно-историскиот метод може да го споменеме и **Синхрониот метод** .

**Методот на актуелизација** исто така ќе има применлива вредност пред се поради непосредната врска помеѓу историските настани и процеси по втората светска војна со настаните пред и по падот на Берлинскиот ѕид и источниот блок.

**Дескриптивниот метод** кој ќе биде употребен за опишување на материјалот во поврзување на фактите и нивното логичко обликување и соодветно соопштување на сознанијата за настанот, појавата, личностите и сл.

## ОПШТЕСТВЕНА И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА ТРУДОТ

Една од основните причини за кои се решив да истражувам на конкретната тема е дека, како и многу други прашања од македонската историја, така и предметното прашање е со скромна македонска историска теоретска основа.

Прашање на кое многу малку и скромно е посветено внимание во нашата историографија, а прашање од кое може да се добие целосно јасна слика и одговор какви беа општествено, политичките, економските и безбедносните услови во светот, Европа, балканските држави, Југославија и Македонија по завршувањето на Втората светска војна. Зашто не беше реална идејата за обединувањето на етногеографската и историска граница на Македонија во услови на биполарност на интересите на двете супер сили САД и СССР. Клучното прашање на кое тешко може да се даде одговор е всушност под чие геополитичко и геостратешко влијание би била обединета Македонија?! Предметното прашање е во директна констелација и со денешните политички и дипломатки односи, на големите сили, европските и балканските држави, како и современата македонска држава.

Историскиот период кој го обработувам е навистина деликатно и чувствително прашање. Некои историски процеси сеуште се одвиваат и докрај не се завршени за Република Македонија и истите допираат до нашата сегашност, до некои современици и до нивните семејства, што преставува особена тешкотија при дефинирањето на појавите, процесите и последиците, а при тоа да се биде имун на емоции, субјективизам, необјективност, пристрасност, притисок или автоцензура.

Стратешкото значење на поствоена Југославија ќе има посебно место во односите помеѓу двата воено политички блокови предводени од САД и СССР, пред се поради нереалната дефинираност на влијанијата. Принципот на "фифти-фифти" она што го беа договориле Черчил и Сталин, само ја отсликуваше хипокризијата во односите помеѓу големите сили. Како би се поделиле влијанијата и интересите во една земја по тој принцип? Како би се дефинирале влијанијата во војската, полицијата, економијата, природните ресурси, влијанија на дијаметрално спротивните политички идеологии, различните општествени уредувања? Самиот таков однос наметна Југословенската федерација, предводена од Јосип Броз*, со сплет на низа други

* Уште еден пример од историјата со што се потврдува улогата на една личност и нејзиното влијание на историските процеси кои се однесуваат на една држава, на еден народ(и), или пак поширок регион.

историски околности, да го бара патот кој ќе биде гаранција, за нејзиното скоро шест дениско постоење.

Исто така особено важно за историско промислување беше моментот на донесувањето на резолуцијата на ИНФОРБИРОТО и последиците што се одразија кон општествено-економските и политичките текови во Југославија, а со тоа и во НР Македонија. Југославија и по смртта на Сталин продолжи да ја одигрува улогата што и беше “доделена“ во текот на Втората светска војна, како и непосредно по војната, а како резултат на дефинираните геополитички и геостратешки интереси на големите сили, пред се на САД и СССР. Без разлика што првично во исцртување на политичката карта на светот учествуваше и Велика Британија, таа поради економската криза мораше да се повлече од фронтовската линија на Балканот и да го препушти сопственото поле на интерес на единствената сила која имаше моќ и пред се интерес да застане на патот на продорот на “црвената петокрака“.

На глобален план се случуваа големи и интензивни промени, борбите за колонијалното ослободување кои започнаа кон крајот на втората светска и војна и се интензивираа во 50-тите години, уште повеќе ги разниша позициите и стабилноста, пред се на поранешните империјалистички и колонизаторски земји, Велика Британија, Франција и Холандија.

Сето тоа дополнително влијаеше на односите помеѓу СССР и САД и двете сили настојуваа на секаков начин да ги бранат своите позиции, а воедно да се стекнат и со нови. Комунистичкото движење и силината на комунистичката партија на СССР ќе се почуствува во срцето на Европа. Не би можело да не се спомене колкава беше моќта на КП на Франција и на Италија и колкава беше опасноста за потпаѓање под советско влијание. Одговор од страна на САД пред се заради заштита на нивните глобални национални интереси, беше многу повеќе од потребен. Како никогаш дотогаш, за САД се отвори патот за креатор на светската политика, по годините на изолационата политика.

**Маршаловиот план и Трумановата доктрина** кои пред се имаа една единствена цел, а тоа е спречување на продорот на советското влијание, ќе бидат едни од првите мерки на американската администрација. Дефинираните интереси на големите сили на дипломатските конференции кои се одржуваа во текот на војната и пред самиот нејзин крај во суштина никој и не го обрзуваше дека така дефинираните интереси и состојби се трајно решение.

Одговорот на многуте прашања поставени во магистерската теза сметам дека ќе дадат основа која ќе даде придонес за едно издржано и аргументирано историско толкување кое ќе биде во насока на експликација на поствоената геополитичка архитектура на Европа и воопшто светот.

## Краток осврт на трудови и архивски фондови

Во досегашните научни истражувања кои во одреден контекст допираат до одредени прашања на определениот предмет на истражување би сакал да ги издвојам и споменам трудовите на неколку македонски автори.

**Тодор Чепреганов** е посветен на надрворешната политиката и стратешките интереси на Велика Британија кон Балканот и македонското прашање, непосредно по втората светска војна, нуди исклучително вредни податоци за стратешките игри на големите сили. **Новица Велјановски** е посветен на државно правната историја на македонската држава од 1945 година до 1991 година и на македонско – бугарските односи. **Виолета Ачкоска** е посветена на аграрното прашање односно аграрната историја, политичката историја и меѓуетничките односи. **Методија Манојловски** е посветен на состојбите во Македонија во текот на Втората светска војна, а заедно со **Катерина Тодороска** имаат приредоно стручна монографија за односите помеѓу Македонија и соседите издадена во 2011 година. **Михајло Миноваски** е посветен на македонското прашање за периодот на делувањето на македонската револуционерна организација, периодот помеѓу двете светски војни, како и по Втората светска војна. **Лазар Лазаров** е посветен на тематика од XX век од повеќе области и тоа општествено-економска, политичко-правна, дипломатска, меѓународна. Обработен е односот на големите сили, посебно Франција, како и на балканските земји кон Македонија и кон македонскиот народ.

**Кирјазовки Ристо** е посветен на македонското национално прашање во Егејска Македонија, за македонското национално движење за време на втората светска војна и политичката емиграција од Егејска Македонија. Во оваа прилика не би можел да ги споменам и оние автори кои имаа одредени трудови кои беа објавени во одредени публикации, по повод одредени научни синмпозиуми, но се разбира во текот на магистерскиот труд сигурно ќе бидат цитирани.

**Маргарита Пешевска** е посветена на политичките и дипломатските односи во светот по Втората светска војна.

**Архивски фонд Лазар Колишевски** во МАНУ, барем од она што можев да забележам и констатирам во моментот на истражувањето, мал е бројот на оние кои го користеле за научна-истражувачка работа. Постојат голем број на документи кои најверојатно не се ни отворени уште од времето на нивното архивирање. Мислам дека фондот заслужува поголемо внимание од проста причина што таму се наоѓаат голем број на документи кои се со степен на класифицираност на тајноста на информациите и истите се продукт на надлежните државни органи кои морале да содржат објективни и реални информации бидејќи биле наменети пред се на оние функционери кои донесувале одлуки. Фондот содржи голем број на документи кои ја определуваат улогата на Лазар Колишевски и неговите ставови пред се за македонското прашање во Егејска и Пиринска Македонија и неговите политички определби и заложби за развојот на македонската држава во рамките на југословенкста федерација иако за некои постои временски мораториум, а некои документи недостасуваат.

**Дигитален архивски фонд Хари Труман достапен online на интернет адресата http://www.trumanlibrary.org** нуди исклучително вредни архивски документи од администрацијата на САД во времето на претседатслките мандати на Хари Труман во врменскиот период од 1945 до 1953 година. Во делот на достапната документација постојат голем број на поглавја, а кои се однесуваат на: Воздушниот коридор за Берлин, Студената војна, Одлуката за фрлање на атомската бомба, Корејската војна, Маршаловиот план, НАТО, Трумановата доктрина, Признавањето на израелската држава, Обединетите нации и др.

Во магистерскиот труд претежно беа користени документи објавени во поглавјето насловено како Truman doctrine. Воглавном тоа се документи кои во текот на 70-тите години се декласифицирани од степенот на тајност, кои некои од нив имале степен на класификација државна тајна и доверливо.

# Глава I

# ПОЛИТИЧКО БЕЗБЕДНОСНАТА И ЕКОНОМСКАТА СОСТОЈБА ВО ЕВРОПА КОН КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## 1.1 Европските држави во првите години по Втората светска војна

Втората светска војна засекогаш ќе го измести тежиштето на политичката и воената моќ. Европа го изгубила водечкото место во светот. Релативното опаѓање на влијанието на Европа било долготраен, мачен процес кој почнал многу порано, како последица на политичките, економските, општествените и ништо помалку важните демографски движења.

Втората светска војна во Европа завршила со капитулацијата на Германија на 7 мај 1945 година. Документот за капитулација го потпишале во Ремс, фердмаршалот Alfred Jodl, во име на Вермахтот и генерал-полковник Bedell Smith во име на американските и британските сили. Француските и руските официри биле сведоци. Подоцна слична церемонија се одржала во Берлин, помеѓу Русите и Германците и сите непријателства се завршени на 8 мај. Најдолгата и најуништувачката војна во историјата на Европа завршила.[1]

Крајот на војната на Пацификот помеѓу САД и Јапонија била пролонгирана пред се поради отпорот на Јапонците. Но на почетокот на 1945 година се почуствувала немоќта на јапонската армија да го спречи продорот на американската армија. Тешките бомбардирања на Токио во мај, во кои американските бомбардери фрлале напалм бомби кои врз градот создале големи пожари во кои загинале повеќе од 80.000 луѓе, уште повеќе ја ослабнале волјата на Јапонците за отпор. Умерените јапонски лидери, кои уште одамна имале заклучено дека војната е изгубена, ја зголемувале својата сила во владата и барале начини да им стават крај на борбите, иако продолжувале да се соочуваат со силна опозиција од страна на воените лидери. Во секој случај нивните напори станале излишни во средината на јули 1945 година, кога американските научници успешно го испробале првото атомско оружје во светот.[2] Фрлените атомски бомби врз Хирошима и Нагасаки на 6 и на 9 август 1945 година довеле до побрза

[1] Волтер Лакер, Историја Европе, 1945-1992,CLIO, 1999, стр.23
[2] Ален Бринкли, Историја на САД, Штрк, Скопје, 1999 год., стр.630

капитулација на Јапонија, потпишана на 2 септември 1945 година. И покрај настојувањата на научниците да го одвратат од намерите претседатолот на САД, Хари Труман, сепак размислувањето на политичарите ја надминувало рационалноста на човечкиот разум, во името на сопствените жртви и националната безбедност на САД.

Објаснувањето на оние кои ја издале наредбата за фрлањето на атомските бомби е дека со тоа требало да се заврши војната на Далечниот исток, која веќе проголтнала огромен број на американски жртви, но истовремено требало да ги предупреди СССР и останатиот свет.[3]

Сепак пред одлуката за употребата на нуклеарното оружје треба да се земат во предвид неколку факти. Пред се тоа се битката за Окинава водена помеѓу САД и Јапонија во периодот од април до крајот на јуни 1945 година и бројот на жртвите на страната на сојузниците со САД кој изнесувал околу 50.000 загинати,[4] што претставувал голем притисок за американскиот претседател пред се од домашната јавност. Во ист момент додека се водела војната на Пацификот и голем дел од воените ресурси биле концетрирани на далечниот исток, се одржувала Постдамската конференција од 16 јули до 2 август 1945 година, каде се исцртувала новата политичка карта на Европа. Јакнењето и зацврстувањето на позициите на СССР во цела Источна Европа манифестирано на самата конференција, било уште еден голем предизвик за претседателот Труман и дополнителна причина за една одлука која требало да стави точка на војната. Производството и употребата на нуклеарното оружје ќе биде нов момент во историјата на човештвото и ќе стане дел од новите нуклеарни одбранбени воени доктрини, пред се на САД и СССР.

Како што се приближувал крајот на Втората светска војна до израз доаѓале спротивните интереси на големите сили, пред се, на САД и СССР, кои биле сојузници во текот на Втората светска војна. Крајот на војната е одбележан со крахот на традиционалните европски сили, Велика Британија, Франција и Германија. САД и СССР со нивните различни форми на владеење и економија, кои се појавиле како две супер сили во светот, нивните идеологии, различните политичка и општествена филозофија, веднаш ги довело во судир со што започнала Студената војна.[5] Напуштањето на изолационизмот во надворешната политика и инволвирањето во

---

[3] Свет после другог светског рата, книга прва, (спрема концепцијата и основниот текст на книгата Историја последних двадесет година), Лучијана Додоли и Манлиј Марадеј, Слобода, Београд 1975, стр.23
[4] Ален Бринкли, Историја на САД, Штрк, Скопје, 1999 год., стр.629
[5] Sharon M.Hanes and Richard C.Hanes, Cold War Primary Sources,Thomson Gale, 2004, стр.2

политичките случувања во Европа има директна корелација со еден од приоритетите во надворешната политика на САД по војната, а тоа е одржување на рамнотежа на силите особено во Европа. Политичките коментари кои биле давани кон почетокот на војната звучеле дури и несериозни, а служеле и како можност за "обложување" за тоа колку време СССР би поклекнал на налетите на германските оклопни дивизии. Меѓутоа во тоа време сенаторот Хари Труман дал една макијавелистичка изјава која гласела: *„Ќе чекаме да видиме како ќе зе развива војната, а потоа ќе помогнеме на оние кои ќе изгубат".*[6] Самата изјава има голема политичка тежина бидејќи подоцна Хари Труман ќе стане претседател на САД, а се потврдува уште еден факт дека ситуацијата во Европа, САД не ја следеле рамнодушно уште од самиот почеток на војната. Конференцијата во Јалта (Крим) одржана од 4 до 11 Февруари 1945 година и потпишаниот текст на договорот, јасно до знаење стави дека иднинита и поствоеното уредување на Европа и Светот ќе зависи од интересите на САД, СССР и Велика Британија. Во потпишаната декларација на 11. февруари 1945 година помеѓу тројцата шефови на држави Јосиф Сталин, Френклин Делано Рузвелт и Винстон Черчил во точката 3 од првото поглавје на декларацијата се гледа дека и во однос на уредувањето и функционирањето на Светската Организација главниот збор ќе го имаат трите земји сојузнички. Во самата одредба се вели дека Владата на САД во име на трите сили, требало да ги консултира Владата на Кина и Француската привремена влада, во врска со одлуките донесени на конференцијата за светската организција.[7]* Истата ситуација ја имаме и во Декларацијата за слободна Европа, каде повторно се нагласува потребата од меѓусебно консултирање во име на своите интереси и интересите на слободна Европа. Се разбира дека клучниот момент во соработката ќе бидат воспоставување на мирот во европските држави, да се превземат итни мерки за помош и обнова, воспоставување на привремена власт од сите демократски претставници, а потоа организирање на слободни избори за претставници на власта и да се овозможи

[6] Свет после другог светског рата, книга прва, (спрема концепцијата и основниот текст на книгата Историја последних двадесет година), Лучијана Додоли и Манлиј Марадеј, Слобода, Београд 1975, стр.142

[7] Договорот од Јалта во целост на англиски јазик може да се најде на http://avalon.law.yale.edu/wwii/yalta.asp* Повеќе од јасно е дека тоа било само куртуазен дипломатски гест, кон идните две постојани членки на Советот за безбедност на ООН, затоа што заклучоците се донесени без нив, а потоа дополнително би биле консултирани?! Трите сили потписнички на договорот ќе ја кројат судбината на целиот поствоен светски поредок. Но сепак и САД и Велика Британија, сметале на Франција и понатаму како на важен глобален фактор, без разлика што таа била во голема воена-политичка и економска криза. Самото нејзино присуство во друштво на двете големи сили САД и Велика Британија имало поголема политичка тежина во поглед на мерење на силите со комунистичката коалиција СССР и НР Кина како нов глобален фактор на светската политичка сцена, особено во битката за гласови во Советот за безбедност на ООН.

спроведување на избори каде тоа е потребно.[8] Со договорот се потпишани и одредби кои директно се однесувале на одредени држави кои подоцна ќе претставуваат причина за меѓусебни недоразбирање помеѓу големите сили, каков што било случајот со Полска, Југославија, Бугарија, Грција. Во однос на Југославија биле усогласени препораки кои биле упатени кон Јосип Броз Тито и Д-р Иван Шубашиќ со цел веднаш да се стави во сила договорот Тито – Шубашиќ[*], а со формирањето на новата влада, било потребно АВНОЈ да се прошири со членови од последниот состав на Собранието на Југославија (Кралска Југославија), кои не биле компроминтирани во соработката со непријателот, што на тој начин ќе се формира тело кое ќе има функција на привремен парламент и законодавните акти кои ги донесува АВНОЈ, ќе бидат предмет на дополнителна ратификација од страна на уставотворното Собрание и потоа оваа изјава требало да биде објавена во Коминике на конференцијата.[9] Целта на ваквите препораки и одредби од договорот била очигледна. Да се постигне каква – таква рамнотежа меѓу новите и старите сили во Југославија, за да се попречат најавуваните промени кон комунистичко општество што не беше во интерес на западните земји на големите сили, кои имаа поинакво уредување.[10] Она што е најважно во договорот од Јалта, а што директно се рефлектирало и врз понатамошниот развој на македонското прашање на Балканот е делот кој се однесува на Југословенско – Бугарските односи. На конференцијата во Јалта дошло до размена на мислења помеѓу Министрите за надворешни работи за прашањето кое се однесувало на Југословенско – Бугарски пакт за сојузништво. Прашањето било дали една држава под режим на примирјето (сојузна контролна комисија, м.з) може да и се дозволи да влегува во договор со друга држава. Министерот Eden предложил дека бугарската и југословенската Влада, треба да бидат информирани дека тоа не може да биде одобрено. Министерот Stettinius предложил британските и американските амбасадори во иднина да продолжат со дискусија со министерот Молотов во Москва. Министерот Молотов се сложил со предлогот на министерот Stettinius.[11]

[8] Исто така..Declaration of liberated Europe.....
[*] Спогодбата Тито – Шубашиќ била потпишана на 16 јуни 1944 година на Вис, со која кралската власт се согласила да прифати некои придобивки од НОВ на Југославија, да се продолжи борбата против фашизмот, но со услов во новата влада да се најдат и некои луѓе од поранешниот состав кои не биле компромитирани од соработката со непријателот. Новица Вељановски, Македонија во Југословенско – Бугарските односи, ИНИ, Скопје, 1998, стр.30-31
[9] Исто така..Declaration of liberated Europe.,Поглавје VII, Yugoslavia,
[10] Новица Вељановски, Македонија во Југословенско – Бугарските односи, ИНИ, Скопје, 1998, стр.26
[11] Исто така..Declaration of liberated Europe, X. Yugoslav-Bulgarian relations..

Во одредбата за југословенско – бугарските односи, јасно било ставено до знаење дека во иднина од страна на В.Британија не може да се дозволи создавање на било каква федерација или конфедерација која директно би ги загрозила интересите на Британија во Грција. Доколку би дошло до фузирање на двете држави тогаш природно би се поставило прашањето за целосно обединување на Македонија. Тоа бил концептот на Балканската или Јужнословенската федерација позади која се криеле советските интереси, што директно ја загрозувала британската сфера на интерес.

Таквиот став на Британија, но и на САД бил недвосмислено формулиран уште пред почетокот на конференцијата во Јалта. Со телеграма од 26 јануари 1945 значи непосредно пред почетокот на истата, Foreign Office ја известил амбасадата на Велика Британија во Софија, а истата телеграма е препратена и во Москва, Вашингтон, Белград, Атина и Казерта со назнака "итно" со која за британската влада вели дека би била добредојдена конфедерација помеѓу сите Балкански држави, вклучувајќи ги земјите и од Алијансата и од непријателските земји, со можност за вклучување и на Турција. Тие не би можеле да дозволат унија или заедница помеѓу Југославија и Бугарија. И покрај тоа Владата е подготвена да се согласи за создавање на македонска држава во идната федерална Југославија, таа силно би се спротивставиле на формирање на Голема Македонија вклучувајќи ги барањата за грчка територија. Затоа Владата гледа со крајна недоверба на активностите на македонските пропагандисти во Бугарија, кои изледа бугарската влада ги толерира и таа нема (британската влада) да го признае правото на бугарската влада за отстапување на било каков дел од нејзината територија на Југословенската Федерална Држава Македонија, без согласност на ООН.[12]

Таквиот став на Британија веднаш по одржаната конференција во Јалта, бил подржан и од страна на САД, иако соопштувањето на таквиот став е многу по дипломатски и по тактичен. Во една телеграма испратена од Вашингтон до Foreign Office од 7 март 1945 година, со назнака „строго доверливо", а истата препратена до амбасадите на САД во Москва, Белград, Атина, Софиа, се вели дека State Department го дели мислењето со Владата на Велика Британија и дека не е пожелно за Југославија и Бугарија, особено што Бугарија сеуште е непријателска држава, да влегуваат во преговори за пакт за сојуз и заедничка помош или во други меѓународни договори со

[12]Телеграма на Британската Влада која не одобрува федерација меѓу Југославија и Бугарија од 26 јануари 1945 година, Документи 1951 – 2011, стр.142, Државен Архив на Република Македонија, Скопје 2011

политички карактер во период на примирје. Американскиот амбасадор во Москва бил инструиран да ја информира советската влада за ваквата позиција, а во исто време се контактирало и со југословенскиот вршител на должност во Вашингтон за пренесување на таквиот став на југословенската влада. Во согласност со договорената политика за меѓусебна консултација помеѓу трите сојузнички, пред да се делува во работи кои се однесуват на надворешните работи на Бугарија во период на владеење на сојузничката контролна комисија, State Department-от, ќе чека на ставовите на советската влада пред да се дискутира на ова прашање со бугарските авторитети.[13]

Европа во 1945 година била соочена со криза со која не само што ја загубила својата доминатна позиција, туку и опстанокот на континентот бил загрозен. Како резултат на двете светски војни, кои некои ги нарекуваат и европски граѓански војни, фашистичка агресивна тиранија и полудени националистички страсти, Европа била политички неспособна и на работ на економска пропаст. Европа се прашувала може ли со сопствено земјоделие да обезбеди толку храна, а да не дојде до општ глад. Иднината на индустријата била премногу несигурна. Најголемата грижа на финансиерите бил таканаречениот доларски расчекор, силата на доларот во однос на слабоста на европските валути. Источна Европа со се, само не со име, била дел од Советскиот Сојуз. Германија повеќе не била единствена; малите и средните држави во Западна Европа не биле способни сосема сами да се бранат и повеќе не можеле да останат самостојно, нути политички, ниту економски.[14]

Од војната Европа излегла разурната, а од друга страна САД излегле економски зајакнати и се јавиле како меѓународен фактор. Пред крајот на војната во нејзиниот вооружен состав имало 12 милиони војска од кои 4 милиони биле во Европа, а 2 милиони на Пацифик. САД со такви вооружени сили и со силна индустрија која била со неограничен капацитет, тогаш била најмоќна воена сила дури и без атомско оружје.[15]

---

[13]Телеграма на State Departmen 7 март 1945 година, кој го дели мислењето со Владата на Велика Британија, дека федерација меѓу Југославија и Бугарија е непожелно, Документи 1951 – 2011, Државен Архив на Република Македонија, стр.144, , Скопје 2011

[14] Волтер Лакер, Историја Европе 1945-1992, Clio, 1999 година, стр.7

[15] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна, Менора, Скопје, 1999 год.,стр.25

На крајот од Втората светска војна вкупното учеството на САД изразено во пари било со 341 милијарди долари,[16] што несомнено покажува колкав бил влогот и интересот да се биде пресудно влијателен по завршување на војната.

Од 1939 до 1945 година, Советскиот Сојуз територијално се проширил за околу 450.000 км². На крајот од војната ја имал најсилната копнена војска во светот, која броела околу десет милиони војници и која било делумно стационирана во источноевропските земји, како и во окупираните делови на Германија и Австрија.[17]

Советите во периодот од 1945 до 1948 година ја прошириле својата зона на влијание на огромна територија која се протегала од 38-та паралела во Кореја до реката Елба (Лаба) во Европа. Тоа било знак, другата страна се повеќе да се ангажира, со цел да се спречи понатамошното советско ширење и влијание во светот. Светскиот систем на односи се повеќе се потпирал на влијанието на големите сили кои биле постојано оптоварени со противречности во меѓусебните односи. Непосредна последица на ваквите односи во годините по Втората светска војна доведоа до мислење дека судирите меѓу нив можат да се решат само со крстоносна војна против една од силите.[18]

Смртта на Сталин во 1953 година, по општо уверување, е следната голема пресвртница во историјата на Европа. Меѓутоа и по смртта на Сталин, односите помеѓу двата блока не се подобрени колку што се очекувало. Наследниците на Сталин никако не сакале да го ослабат своето влијание во Источна Европа,[19] таквата состојба на европскиот континент ќе се задржи во наредните четириесет година.

Материјалните штети кои ги претрпеле државите биле огромни и во човечка и материјална смисла. Полска загубила повеќе од 20% од вкупното население (вклучувајќи и милиони убиени Евреи), а Југославија 10% од популацијата. Советските загуби се проценуваат од дваесет до триесет милиони, германските на повеќе од пет милиони.[20]

Триесет милиони Европјани морале да го напуштат својот дом. Милион и половина Полјаци заминале во прогонство односно кои морале да ја напуштат

[16] Address of the President to Congress, Recommending Assistance to Greece and Turkey, March 12, 1947. HarryS.Truman,Administration,ElseyPapers,http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/pdfs/5-9.pdf#zoom=100, стр.5
[17] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.13
[18] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна, Менора, Скопје, 1999 год.,стр.29
[19] Волтер Лакер, Историја Европе 1945-1992, Clio, 1999 година, стр.10
[20] Исто така.., стр.25-26

територијата која ја присвоила Германија. Шест милиони Евреи се уништени во гетата и концентрационите логори. Стотина илјади жители на Алзас и Лорен се протерани во неокупираната Франција. Четиристотини илјади Германци од Источна Германија се префрлени на Запад, па повторно се префрлени на исток кога Хитлер одлучил да се создадат германски колониии во Украина и на останата територија на Советскиот Сојуз која била освоена. Дванаесет милиони Руси, Украинци и други, под налетот на непријателското напредување, ја напуштиле својата територија и се преселиле во внатрешноста на СССР. Над стотина илјади луѓе се нашле без куќи на Балканот кога Хитлер ги скршил старите граници на државите. На крајот од воениот судир Црвениот Крст и останатите меѓународни добротворни организации морале да пронајдат и соберат дванаесет милиони изгубени и постепено да ги вратат во нивната земја. Кон крајот на 1946 година два милиони луѓе жиивееле во бегалски логори.[21]

Повеќе милиони воени заробеници и принудни работници, кои биле доведени во Хитлеровиот Рајхт помеѓу 1940 и 1944 година, тргнале назад кон своите домови штом војната завршила. На крајот на војната во Германија имало шест милиони од овие рселени лица. После три месеци две третини се вратени во своите домови, но во тоа време пристигнал уштепоголем бран на нови бегалци. Мигацијата продолжила во сите правци. Некои по втор или трет пат се исфрлени од своите домови: 250 000 Финци, населени во советска Карелија, преминале во Финска за време на првата руско-финска војна во 1939 година, па повторно се вратиле во своите домови во 1941 година кога Финска повторно ја освоила Карелија. Германците населени во Источна Европа уште од 13 век, нацистите ги евакуирале во 1939-1940 година и ги пренеле во Германија. Населени се повторно во Полска во 1941 година и повторно се евакуирани кога војната добила друг правец. Околу десет милиони Германци пребегале воглавно во Западна Германија, од германските области источно од линијата Одра-Ниса и од Чехословачка и Унгарија. Ни внатрешната миграција од советската зона во Западна Германија не била занемарлива и продолжила се до подигнување на Берлиснкиот Ѕид во 1961 година. Тука биле и стотината илјади Пољаци, вклучувајќи и 160 000 Украинци и Литванци од армијата на генералот Андерс, кои крајот на војната го дочекале далеку од своите домови и кои од политички причини не смееле да се вратат. Во Европа патувале и повеќе илјади прежививеани Евреи, од логорите на смртта и гетата,

[21] Свет после другог светског рата, књига прва, (спрема концепцијата и основниот текст на книгата Историја последних двадесет година), Лучијана Додоли и Манлиј Марадеј, Слобода, Београд 1975, стр.155

со желба да го напуштат континентот кој се претворил во кланица и гробишта на нивните семејства и заедница.[22] По втората светска војна етничките проблеми речиси и не биле земени во предвид. Никој не се трудел да дознае што сакало локалното население. Предност имале прашањата на рамнотежа на силите и односите Исток-Запад. Кога станало јасно дека Советскиот Сојуз ќе има одлучувачко влијание во Источна Европа, било сеедно дали границата помеѓу Полска и Чехословачка, или помеѓу Унгарија и Романија ќе ја следи етничко или некое друго разграничување.[23]

Европскиот континет по Вората светска војна, како и претходно после секоја војна се соочи со голема економска криза. Во секоја посетена земја постоеја докази на ненахранетост, туберкулоза и болести. Германија и Романија претставуваа најголеми области каде населението умирало од глад; Полска била најуништена; Швајцарија, Шведска, Белгија и Данска економски биле најдобри. Истата година европскиот континент бил опфатен од суша која силно влијаеле на секоја држава од Западна Европа, кои биле надвор влијанието на Русија и нејзините сателитски држави.[24]

Франција и Велика Британија, иако биле победнички сили во Втората светска војна биле економски ослабени. Особено била разнишана нивната колонијална состојба и во новата констелација на силите тие можеле да играат второстепена улога.

**Велика Британија** иако била една од водечките сили на Антихитлеровската коалиција, економски била исцрпена и таа загубила 30% од нејзиното национално богатсво. Економската моќ уште повеќе била ослабена со започнувањето на еден широк бран на антиколонијални револуции на народите кои биле под британска власт во Азија и Африка.

По британската најава за нејзино повлекување од економска политичка и воена подршка за Грција, британското влијание се повлекува и од други делови од светот каде британските интереси биле присутни. Говорот на претседателот Труман пред Конгресот на 12 март 1947 година, јасно ја посочува економската слабост на Британија, каде се вели дека: *„..околностите во кои треба да бидат видени случувањата, се една акутна економска слабост и економска лимитираност на Велика Британија, со што и се наметнува неопходно намалување или ликвидирање на обврските не само во Грција*

[22] Волтер Лакер, Историја Европе 1945-1992, Clio, 1999 година, стр.37-38
[23] Исто така.., стр.36
[24]Memorandum from Mike Mansfield, ca. 1947. Subject File, Clifford Papers, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/marshall/large/documents/index.php?documentdate=ca.%20%201947&documentid=5-9&pagenumber=1, Memorandum from Mike Mansfield, ca. 1947. Subject File, Clifford Papers. **Michael Joseph Mansfield** (Март 16, 1903 – Октомври 5, 2001), политичар од Демократската Партија на САД, член на претставничкиот дом од 1943 го 1953 година. Амбасадор на САД во Јапонија 1977 – 1988 година.

со желба да го напуштат континентот кој се претворил во кланица и гробишта на нивните семејства и заедница.[22] По втората светска војна етничките проблеми речиси и не биле земени во предвид. Никој не се трудел да дознае што сакало локалното население. Предност имале прашањата на рамнотежа на силите и односите Исток-Запад. Кога станало јасно дека Советскиот Сојуз ќе има одлучувачко влијание во Источна Европа, било сеедно дали границата помеѓу Полска и Чехословачка, или помеѓу Унгарија и Романија ќе ја следи етничко или некое друго разграничување.[23]

Европскиот континет по Вората светска војна, како и претходно после секоја војна се соочи со голема економска криза. Во секоја посетена земја постоеја докази на ненахранетост, туберкулоза и болести. Германија и Романија претставуваа најголеми области каде населението умирало од глад; Полска била најуништена; Швајцарија, Шведска, Белгија и Данска економски биле најдобри. Истата година европскиот континент бил опфатен од суша која силно влијаеле на секоја држава од Западна Европа, кои биле надвор влијанието на Русија и нејзините сателитски држави.[24]

Франција и Велика Британија, иако биле победнички сили во Втората светска војна биле економски ослабени. Особено била разнишана нивната колонијална состојба и во новата констелација на силите тие можеле да играат второстепена улога.

**Велика Британија** иако била една од водечките сили на Антихитлеровската коалиција, економски била исцрпена и таа загубила 30% од нејзиното национално богатсво. Економската моќ уште повеќе била ослабена со започнувањето на еден широк бран на антиколонијални револуции на народите кои биле под британска власт во Азија и Африка.

По британската најава за нејзино повлекување од економска политичка и воена подршка за Грција, британското влијание се повлекува и од други делови од светот каде британските интереси биле присутни. Говорот на претседателот Труман пред Конгресот на 12 март 1947 година, јасно ја посочува економската слабост на Британија, каде се вели дека: *„..околностите во кои треба да бидат видени случувањата, се една акутна економска слабост и економска лимитираност на Велика Британија, со што и се наметнува неопходно намалување или ликвидирање на обврските не само во Грција*

[22] Волтер Лакер, Историја Европе 1945-1992, Clio, 1999 година, стр.37-38
[23] Исто така.., стр.36
[24]Memorandum from Mike Mansfield, ca. 1947. Subject File, Clifford Papers, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/marshall/large/documents/index.php?documentdate=ca.%20%201947&documentid=5-9&pagenumber=1, Memorandum from Mike Mansfield, ca. 1947. Subject File, Clifford Papers. **Michael Joseph Mansfield** (Март 16, 1903 – Октомври 5, 2001), политичар од Демократската Партија на САД, член на претставничкиот дом од 1943 го 1953 година. Амбасадор на САД во Јапонија 1977 – 1988 година.

*и Турција туку и во другите делови на светот, особено во Египет, Палестина, Индија и Бурма“.*[25] Иако можеби водечка европска нација во поствоена Европа исто така и таа не можела да ја избегне потребата од американската финасиска помош реализирана преку Маршаловиот План и кредитите овозможени од американските банки.

Последната рата на Велика Британија од финансискиот долг направен во текот на Втората Светска војна кон Соединтетите Американски Држави бил исплатен на 29 декември 2006 година во износ од 43 милиони фунти.[26]

САД со дополнителен кредит во висина од 4,34 милијарди долари не дозволиле Велика Британија да банкротира, а потоа во наредната пола декада посветувајќи ги сите свои ресурси на војната. Од 1950 година Британија почнала со враќање на долгот во висина од 84 милиони долари, на крајот од секоја година.

Заемот, бил еквивалетно на денешни 119 милијарди фунти, кој бил двојно повеќе од големината на британската економија во тоа време. Денес тоа е мал дел од британскиот долг од 550 милијарди фунти, околу 36.4 проценти од економијата.[27] Од конкретниот случај може да заклучиме колкави биле политичките и економските последици и за најразвиените европски држави од Втората светска војна.

**Франција** од војната излегла со уште потешка состојба. По отварањето на Вториот фронт завршни операци биле водени на нејзина територија, со што настрадале повеќе градови и индустриски центри. Нејзиното индустриски производство во 1946 година било намалено за 46% во однос на 1940 година. Користењето на економските потенцијали на колониите отпаднало, па Франција се нашла во ситуација во колониите да има повеќе расходи од приходи. По војната Франција била принудена да испраќа големи воени сили во колониите кои покажале тенденција за ослободување од француската власт.[28] Проблемите со снабдувањето и траспортот, реорганизација на економијата и индустријата барале итни мерки. Производството на електричната енергија било на половина од нивото на производството пред војната. За разлика од Англија, рационализацијата на потребите било лошо регулирано. Декември 1944 година национализирани се рудниците за

---

[25]Draft suggestions for President's Message to Congress on Greek Situation, March 3, 1947. Subject File, J.M. Jones Papers, Online Documents, Truman Doctrine, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?documentdate=1947-03-03&documentid=6-9&pagenumber=1

[26] Информација објавена во весникот New York Times од Четврток, 28, декември 2006 година, http://www.nytimes.com/2006/12/28/business/worldbusiness/28iht-nazi.4042453.html?_r=1.

[27] Исто така

[28] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна, Менора, Скопје, 1999 год.,стр.25

јаглен, набргу потоа четирите најголеми банки, Air France, некои поголеми фабрики, на пример Renault. Во некои случаи одлуката за национализација зависела од однесувањето на сопственикот за време на окупацијата.[29]

Политичката нестабилност била присутна во цела **Италија** по крахот на нацистичкиот режим, а состојбата била уште покомплицирана по окупацијата на сојузничките сили кои имале и спротивставени ставови за одредени прашања. Американците сметале дека кралот Емануел III требало да ја напушти Италија, но Черчил сакал да го задржи. Во меѓувреме, кралот абдицирал во корист на својот син, Умберто, но проблемот не бил решен. На општ референдум на 2 јуни 1946 година, 54% од Италијанците гласале за република. Сепак монархијата неочекувано добила подршка особено на југот, каде мнозинството гласало во нејзина корист. Вторите веројатно биле под влијание на говорот од папата на Пие XII, кој одржал говор преку радио, во очи на референдумот и ги повикал Италијанците „да изберат помеѓу подржувачите и непријателите на христијанската цивилизација". Меѓутоа неговиот потфат немал одлучувачко влијание на резултатот од изборите. Умберто II отишол во Португалија, со тоа семејството Савои повеќе не владеело со Италија.[30]

Во некои од помалите европските држави трансформацијата на стопанството се одвивала без поголеми потешкотии како на пример во Белгија која претрпела помалку штета од соседната Холандија во текот на последната фаза на војната, така да и нејзината економска ситуација во 1945 – 1946 година била подобра.[31] Но Белгија ја мачела внатрешната политичка нестабилност, а додека Холандија била соочена со побуната во Индонезија, на која подоцна морала да и ја признае независноста.

Данска и Норвешка во војната претрпеле помали штети од Холандија и преминот во мирнодопски услови (во мирнодопско стопанство) бил релативно брз, без поголеми проблеми.[32]

Додека окупираните земји по ослободувањето биле соочени речиси си истите проблеми, неутралните земји имале свои специфични околности. Шведска и Швајцарија, дури и Шпанија и Турција живеле во текот на војната во страв од можен напад,[33] а Шпанија по војната ја живеела судбината на диктатурата на Генералот Франко (1891 – 1975).

[29] Волтер Лакер, Историја Европе 1945 – 1992, CLIO, 1999, стр.70
[30] Исто така.., стр.76
[31] Исто така.., стр.80
[32] Исто така.., стр.81
[33] Исто така.., стр.82

Милионите бегалци, уништените држави, градови, домови биле сведоштво за најголемата автодеструктивност во човечката историја. Но во ист момент кога се мислело дека човекот тешко повторно ќе излезе од под површината на пепелта од урнатините, човечката цивилизација се подготвувала за промена на начинот на живеење со невиден дотогаш технолошки и индустриски развој.

## 1.2 Балканските држави кон крајот на војната

Иднината на полуостровот, како и на преостанатиот дел од Европа, била одредена при преговорите што биле одржани за време на војната меѓу Черчил, Сталин и Рузвелт, тројца водачи чии визии за повоениот свет значително се разликувале.[34]

Дури и за време на војната постоеле очигледни разлики во однос на решенијата. Сталин бил лут поради непрекинатото одложување на одлуката да се отвори вистински втор фронт, со што се повеќе растеле сомневањата дека западните сили се надеваат оти германската и советската војска ќе се уништат меѓусебно. Како и Советскиот Сојуз и западните влади се плашеле дека другата страна ќе склучи сепаратен мир.[35] На Велика Британија и Черчил пак не им сеостварила желбата за отварање на Балкански фронт што јасно покажува дека во ист момент големите сили меѓусебно биле во трка за што подобри геострателжки позиции при крајот на војната.

Ставот на Черчил како традиционален британски државник, бил дека немал никаква намера да го предводи одумирањето на британската империја или да помогне во предавањето на континентот под контрола на само една сила.[36]

Со доближувањето на советските армии до границите на источноевропските држави, очигледно станала потребата од договор меѓу сојузниците околу нивната управа по советската окупација. Во октомври 1944 година, кога Черчил и Идн биле во Москва, а Рузвелт не бил пристутен, премиерот изнел дополнителни предлози во оваа насока. Најконтроверзниот дел од овие разговори се однесувал на таканареченото пазарење за проценти. Во своите мемоари Черчил ја дал својата верзија на неговиот разговор со Сталин, воден на 9 октомври при што истакнува дека:

[34] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесетти век, Том II, Ник Лист, Скопје 1999 година,стр.330
[35] Исто така..,стр.352
[36] Исто така..,стр.332

*"Моментот беше погоден за работа, па така јас кажав: Ајде да се договориме околу Балканот. Вашите армии се во Романија и Бугарија. Ние таму имаме интерес, мисии и агенти. Да не дојде до недоразбирање околу прашања за кои треба малку попуштање. Што се однесува до Велика Британија и Русија, како би било вие да имате деведесет отсто доминација во Романија, а ние деведесет отсто во Грција, а да одиме педесет-педесет во Југославија? Потоа овие предложени бројки Черчил ги напишал на парче хартија, додавајќи му 75% од Бугарија на Советскиот Сојуз и делејќи ја Унгарија на еднакви делови.*

*Му го подадов парчето хартија преку масата на Сталин, кој дотогаш го слушна преводот. Настана кратка пауза. Потоа тој го извади своето сино пенкало и со широк потез го штиклира напишаното и ни го врати. Се беше средено за толку кратко време, коку што е потребно да се седне.*

*Секако дека долго и со страв го разгледувавме нашиот став и дека размислувавме само на непосредни решенија во воено време. И двете страни ги оставија сите поголеми прашања за она што тогаш се надевавме дека ќе биде на мировна маса, штом ќе се добие војната.*

*По ова настапи долга тишина. Во средината на масата стоеше хартијата испишана со пенкало. Конечно јас реков: Зарем нема да биде цинично ако испадне дека ова прашање, судбоносно за милиони луѓе, сме го решиле вака на брза рака. Ајде да ја запалиме хартијата. Не сочувајте ја, рече Сталин".*[37]

Историското парче хартија подоцна ќе стане политичка реалност и синоним за судбината на малите народи дека секогаш таа се решавала помеѓу интересите на големите сили.

Со завршувањето на непријателствата во Европа и Азија, САД станале најголемата сила во светот. Тие имале ист број вооружени луѓе како и Советскиот Сојуз, но само тие го имале најзастрашувачкото оружје на светот, атомската бомба, монопол што го држеле до 1949 година.

Поради ваквата воена предност некои ја критикувале колебливоста на САД во однос на нејзиното однесување кон земјите од Југоисточна Европа и отсуство на стратегија, интерес и грижа за овој дел од европскиот континент. Во тој период е остварен главниот советски пробив во Источна Европа.

[37] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесетти век, Том II, Ник Лист, Скопје 1999 година,стр.333

И покрај договорот во **Јалта** , комунистичките коалици, со советска подршка, во 1945 година ја презеле целосната контрола во Албанија, Бугарија и во Југославија; во 1947 година Полска; и во 1948 година во Чехословачка, Унгарија и во Романија.[38]

Сепак, без имплицитна закана со сила, западните сили не можеле да го спречат политичкиот развој што се случил во овој регион. Грандиозните декларации едноставно ги збуниле оние политички елементи кои биле пријателски расположени кон Запад.[39]

Во однос на Унгарија, Романија и Бугарија кои за време на војната биле сателити на Германија, ситуацијата изгледала многу поедноставна, таму не постоел силен вооружен отпор, освен донекаде во Бугарија, кога движењето на отпорот станало поактивно со наближувањето на Црвената Армија до границите на државата.

Во Бугарија власта ја презел Татковинскиот фронт*, без разлика што формално и понатаму две години, останал и кралскиот регентски совет (кој е создаден по смртта на крал Борис). Сепак најдоминатна политичка партија во Татковинскиот фронт била БРП, која бројот на своето членство го зголемувала и пред 9 септември, а особено по тој датум. Во 1943 година имала 6.000 членови, до 9 септември 1944 имала повеќе од 13.000, а во јануари партијата броела 250.000 илјади членови. Одлучувачки чинител како во бугарската политика имал СССР. Британија и САД прифатиле советскиот претставник да биде на чело на Сојузничката контролна комисија во Бугарија се додека не се завршат воените дејствија во Европа.[40]

Во текот на првите неколку недели власта на Татковинскиот фронт, спровела чистка од огромни размери во целата земја и во голем дел тие акции ги воделе , или пак биле надгледувани од страна на одборите на Татковинскиот фронт. Во текот на наредните шест месеци, спрема официјалната статистика, пред народните судови изведени се 11.667 лица; неофицијалните проценки зборуваат дека обвинети се помеѓу 30.000 и 100.000 лица.[41]

Превратот од 9 септември 1944 година, особено со голема мерка ќе се одрази врз структурите на полицијата и пред се на Државната безбедност. Тоа било сосем

---

[38] Исто така..,стр.353

[39] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесетти век, Том II, Ник Лист, Скопје 1999 година ,стр.355

* Татковинскиот фронт била политичка коалиција создадена од БРП(к), Звено, Бугарскиот земјоделски сојуз и Бугарската работничка социјалдемократска партија (обединета)

[40] Ричард Џ. Кремптон, Балкан после другог светског рата, Clio, 2003, стр.84

[41] Исто така, стр.86

природно, ако се има предвид улогата на тој орган во борбата со комунистичката партија и опозиционите политички организации до 1944 година.[42]

Активноста на бугарската државна безбедност уште од самиот почеток била потполно во согласност, дури и потчинета на Народниот комесаријат за внатрешни работи (НКВД) на СССР.[43]

Во Романија бидејќи трупите на Црвената армија се пробиле до нејзините граници, кралот Михаил, наредил да се затвори диктаторот Антонеску (Ion Antonescu), прогласил крај на непријателствата спрема Советите и така се извлекол од сојузот со Хитлер. Набрзо влада формирал генералот Радеску (Radescu) кој бил десно ориентиран, па претставниците на Нарднодемократскиот фронт во оваа влада на чело со со Петр Грозе, предизвикале криза во владата. Кон крајот на февруари 1945 година нова влада формирал Петр Грозе. Кралот со тоа не се сложил и затоа се повлекол од земјата, а во декември 1947 година Романија е прогласена за република.

Во Унгарија регентот Хорти (Miklos Horthy), слично на Романците сакал да се „извлече" од сојузот со Германија, но тоа го направил потполно дилетантски, па Германците го осуетиле и го уапсиле, именувајќи еден екстремен фашист за шеф на владата. Во ноември 1944 година, трупите на Црвената армија, под команда на Малиновски и Толбухин, продреле во Унгарија, каде е создадена првата привремена влада на чело со генералот Миклош (Miklosz) кој бил антигермански настроен.

Во овие три земји советските трупи го помагале воспоставувањето на новата народна власт. Во таа структура на власта значајно место заземале комунистите. Тоа во овие земји било почеток на создавање на ново општество, па за враќање на стариот поредок немало ни збор.[44]

Во Албанија пред пролетта во 1944 година, НОФ, бил пред изгледна победа во однос на останатите групи на отпорот како што биле Абас Купи Бали Комбетар (БК) и монархистичкото движење за легалност (ПЛ), кое имало за цел да го врати кралот Зогу кои исто така учествувале во граѓанската војна.

На политичкиот фронт тоа било навестено во мај 1944 година во Пермит каде НОФ го одржал првиот Антифашистички конгрес за национално ослободување, следејќи го примерот на Југославија. На чело на комитетот кој при тоа бил формиран застанал Енвер Хоџа. Во октомври 1944 година во Берат бил одржан вториот конгрес

---

[42] Георги Кръстев, Разузнавателните служби на България, възникване, развитие, перспективи, Военно издателство, 2006, стр.63

[43] Исто така стр.64

[44] Свет после другог светског рата, Слобода, Београд, 1975 година, Стр.158/159

на кој бил прогласена демократска влада на Албанија, а за Хоџа за претседател. Како и во сите земји каде комунистите ја имале предноста во освојување на власта и во Албанија првата година поминала во елиминација на сите опозициони движења или нивно минимизирање. Кон крајот на 1945 година биле одржани избори за уставотворното собрание, а новиот Устав бил усвоен во март 1946 година.[45]

Албанските комунисти биле свесни дека земјата била заостаната и осиромашена, а исто така биле убедени дека и се заканува опасност од непријателот од Грција и од другата страна на Јадранското море. За таа цел во септември 1945 година, Албанија и СССР потпишуваат договор со кој СССР се обврзуваат да обезбедат жито и технички стручни лица за нафтената индустрија и рударството, а Албанија за возврат на СССР ќе испраќа тутун, сушено овошје, руда, бакар и нафта.

Потребата од блиски односи со Југославија и КПЈ, Албанија не ја криала, а влијанието на Југославија во Албанија се чувствувало уште во текот на ослободителната војна, кога голем број на партизански единици и инструктури учествувале во заеднички акции на албанската територија и обратно.

На 28 април 1945 година југословенската влада донела решеније да ја признае народната влада на Албанија и со неа да воспостави дипломатски односи. За прв југословенки пратеник во Албанија е поставен Вељо Стојниќ, дотогашниот шеф на Југословенската воена мисија.[46]

Политиката на Југославија кон Албанија била критикувана за експанзионистичка уште од самиот почеток на воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу двете држави и признавањето на албанската влада, но особено по склучувањето на Договорот за пријателство и взаемна помош потпишан во Тирана на 9 јули 1946 година.[47]

Турскиот весник „Вакит“ на 5 јуни 1946 година напишал дека „Југославија ја следи политиката на Мусолини што сакаше да господари со Јадранското море и на тој начин да игра главна улога во Средоземното Море“.

Во одбрана на Албанија застанал и италијанксиот министер за надворешени работи де Гаспери, кој што во италијанскиот парламент изјавил дека услов за

---

[45] Ричард Џ. Кремптон, Балкан после другог светског рата, CLIO, 2003, стр.62 - 66

[46] Владимир Дедијер, Југословенско – Албанските односи (1939 – 1948), Култура, Скопје, 1949, стр.134

[47]Договорот предвидувал превземање на заеднички мерки кои се потребни за обезбедување на независноста и интегритетот на двете земји (Југославија и Албанија), притоа поаѓајќи од заедничката историја во која имале заеднички непријатели во прв план спомената се фашистичка Германија и Италија.Закон за договор за пријателство и заемна помош мегју Федеративната Народна Република Југославија и Народната Република Албанија, Службен лист на ФНРЈ, бр.60/1946

подобрување на односите помеѓу ФНРЈ и Италија е потполна независнот на Албанија, бидејќи тоа ја гарантирала сигурноста и рамнотежата на Јадранското Море.

Одредени италијански весници давале најразлични коментари за односите помеѓу Југославија и Албанија и тоа: „Ла Капитале" дека Југославија ја проголтала Албанија, весникот „Темпо" излегол со коментар дека Тито ќе домира со Балканот – Албанија ја снема како национална држава, итн. Грчкиот весник „Еликикон вима" од 14 јули 1946 година запишал дека „Југословенско – албанскиот договор претставува провокација насочена кон Грција и Организацијата на Обединети нации. Договорот можел причина за страшен пожар на Балканот.[48]

За западните земји односот на југословенската надворешна политика кон Албанија бил користен за дипломатско – тактичен маневар, заради компензација во однос на прашањето за Трст. Во врска со оваа ситуација британскиот „Обсервер" од 8 август 1946 година пишува дека: „Извесни набљудувачи веруваат дека во неодамнешното потпишување на пактот за пријателство помеѓу Југославија и Албанија треба да се гледа претходен маневар за создавање на југословенска федерација, што би ја опфатила Албанија и што би и овозможила на белградската пропаганда да го претстави присоединувањето на Тирана како надополнение за загубата на Трст. За сега овој пакт е особено наменет за да ја заштити Албанија од Грција, што го бара Северен Епир. Спрема одредбите на овој пакт, Југославија се обврзува да и објави војна на Грција, во случај ако оваа земја по насилен пат се обиде да го анектира Северен Епир, што засега изледа неверојатно".[49]

Пред советско-југословенското разединување, изгледало дека сите балкански држави, освен Грција, биле предодредени да станат комунистички сатрапи на Советите. Во државите со силни движење на отпорот како што се Албанија, Југославија и Грција, комунистичките партии биле многу силни, бугарските комунисти можеле да се пофалат со многу активности и организација иако нивниот отпор во текот на војната не можел да се спореди со отпорот на комунисти во окупираните земји. Во Романија комунистичката партија немала речиси никаква локална подршка ниту почитување.

Во политичката борба, комунистите воглавно делувале преку национални или народни фронтови и не претерани цврсти коалиции на левичарските и антифашистичките сили. Борбата била безпоштедна. По војната веднаш била

[48] Исто така.., стр.138
[49] Исто така..,Владимир Дедијер, стр.139

елиминарана десничарската опозиција, па дури и партиите на центарот. Комунистите ги прогонувале и неутрализирале сите поединци и организации кои имале некакви врски со Западот и ги поткопувале сите јавни установи и општествени групи кои би можеле да послужат како основа за создавање на опозиција.[50]

## 1.3 Југословенската федерација по втората светска војна

По признавањето на статусот на Југославија како сојузничка сила на Техеранската конференција во ноември 1943 година, особено зајакнала нејзината меѓународна положба и она што особено било важно е дека Југославија не била под туторство на Сојузната надзорна комисија, која би ја надгледувала работата на владата. Исто така не била ни под окупација на сојузничките сили. Црвената армија напредувала на север и запад, спроведувајќи убиствен и безобзирен прогон на Германците. Како резултат на таквите меѓународни воено-политичи околности, југословенските кумунистички раководители имале одврзани раце. За време на војната комунистите не воделе само борба против окупаторот и домашните фашисти, туку и против соперничките движења на отпорот, борба која продолжила и после војната. [51]

За југословенското комунистичко раководство постоеле предизвици и на внатрешно и на надворешно политички план.

На внатрешно политички план требало да се зацврстат придобивките на Народно ослободителната борба, давајќи при тоа општонароден обем и содржина, елиминација на политичкото влијание на организираните припадници на реакционерните граѓански политички партии и групи, да се ослободи макар и од формалното туторство на кралскиот регент, детронизирање на монархијата и воспоставување на Република – облик на општествено уредување иманентен за НОВ.

Со изборите од 11 ноември 1945 година и со бојкотот на главните опозициони партии, Народниот фронт освоил 90%, а опозиционите партии 10%. Уставотворното собрание се состанало на 29 ноември и веднаш започнало со работа. Федералната република е прогласена на првото заседание и д-р Иван Рибар е именуван за претседател. Уставот е прогласен на 31 јануари 1946 година и потоа уставотворното собрание се преименувало во Народно собрание на Федеративна Народна Република Југославија.

---

[50] Кремптон Џ. Ричард, Балкан после другог светског рата, Clio, 2003 година, стр.19
[51] Исто така.., стр.32-33

Етаблирањето на новата комунистичка југословенска власт, било проследено со голема недоверба од страна на западните земји. Непосредно по победата на изборите во 1945 година на Народниот фронт, американскиот амбасадор во Белград, Р.Патерсон, се јавил во Вашингтон, про што заклучил дека Белград: „...е како главен град на некоја советска република, а режимот е непријателски кон Америка и Британија“. Разочараниот Американец, му предлагал на Стејт Департментот да се укине амбасадата на САД во Југославија.[52] Таквиот став на западните земји се должел на повеќе причини но пред се поради големото влијание на советската доктрина и пракса кои биле повеќе од евидентни: Централизирано јавно обвинителство, декоративното значење на Презедиумот на Народното собрание кој бил налик неговиот пандан во СССР, Презедиумот на Врховниот совет – органи на локалната самоуправа како спроведувачи на волјата на вишите државни органи, Народното собрание на ФНРЈ, како и Врховниот совет, свикуван главно два пати годишно, а законодавната иницијатива се наоѓала во рацете на Владата.[53]

Како едно од најконтроверзните внатрешно политички прашања кое се избегнуваше на секаков начин е отварањето на досието за настаните на Косово кон крајот на Втората светска војна, пред се поради закаката по братството и единството како единствена југословенска политичка алтернатива.

Во декември 1944 година, генералот Светозар Вукмановиќ Темпо го известил полковниикот Дикин, виш британски офицер за врска со партизаните, дека Албанците се единствена етничка групација која морала со сила да се врати во новата Југославија, што би требало да се довери на Бугарите, со што одговорноста би требало да падне на нив, а не на Југословенските партизани. Бунтот на Косово траел околу шест месеци, а според *Рицард Џ.Кремптон*, бунтовниците немале јасно изразени политички цели.[54] Ако навистина било така тогаш би можело тука некаде да се бара и еден од одговорите на прашањето за политичките калкулациите на Јосип Броз Тито и југословенското комунистичко раководство со бугарската држава и раководство, која од позиција на поразена окупаторска фашистичка држава требало да се прикаже и наметне како фактор кој ќе влијае на поразот на германските и другите фашистички сојузници, а Косово било вистинско место за тоа.

---

[52] Darko Bekić, Jugoslavija u hladnom ratu, Globus, Zagreb, 1988, Стр.24

[53] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.74

[54] Ричард Џ. Кремптон, Балкан после другог светског рата, Clio, 2003, стр.33

Како еден од најважните фактори за зацврстување на власта и во пресметката со противничките политички организации и воени групации била војската. Народноослободителната војска* била под контрола на југословенските комунисти, кои после војната вешто извлекувале корист од тоа. Во очи на конечниот прекин на непријателствата во Европа, во Југославија е прогласена општа мобилизација. Причината која била дадена е наводното продолжување на војната против фашизмот, позади која се криеле поднеднакво важните причини кои не биле споменати, пред се спречување на сепаратизмот на Косово или во кој било дел на Југославија. Создавањето на голема армија исто така би го зголемил престижот на Југославија во светот и способноста на земјата самата да се брани, или пак да ги прошири границите. Мобилизацијата од големи размери би го смалило побарувањето за храна и станови и најважно собирањето на голем број на младина во воените редови под надзор на партизаните било идеално да се спроведе идоктринација на новата идеологија.[55]

Исто така покрај армијата во зацврстување на новата комунистичко-југословенска власт голема улога имале и службите за безбедност, особено Службата за државна безбедност при Мнистерството за внатрешни работи попозната со кратенката УДБ-а, како и контраразузнавачката служба во Југословенската армија попозната со кратенката КОС.

И двете служби организациски биле формирани од кадровскиот потенцијал во Одделението за заштита на народот (ОЗНА) формирана на 13.05.1944 година.

Со донесувањето на Уставот на Федеративна Народна Република Југославија на 31.1.1946 година дефинирана е организацијата на државната управа, а со тоа и положбата на службите за безбедност во неа. Извршена е реорганизација на разузнавачко-безбедносниот систем. Од одделението за заштита на народот формиранаи се двете служби.

Прво, од III-от и IV-от отсек на ОЗН (отсеци за контраразузнавање во вооружените сили) заедно со подредените органи во штабовите на единиците и установите на ЈА, формирана е контраразузнавачката служба на ЈА (КОС)

---

* Според чл.134 од Уставот на ФНРЈ од 1 јануари 1946 година, Југословенкста армија е вооружана сила на Федеративна Народна Република Југославија. Нејзина задача е да ја чува и брани независноста на државата и слободата на народот. Таа е чувар на неповредивоста на државните граници и служи за одржување на мирот и безбедноста.

[55] Ричард Џ. Кремптон, Балкан после другог светског рата, Clio, 2003, стр.34-35

Второ, од I, II, дел од IV, V, VI отсек (отсеци за разузнавање и контраразузнавање на ослободената територија), формирана е Управата за државна безбедност во составот на Министерството за внатрешни работи на ФНРЈ. На УДБ подредени и биле републичките управи за државна безбедност, а вршела работи од областа на: офанзивна политичко-разузнавачка служба до 1953 година; контраразузнавачка работа и вршеле дејност на политичка полиција – борба против внатрешниот непријател.[56]

Службата за државна безбедност била строго централизирана која го насочувала делувањето на републичките управи. Републичките раководства одлучувале за примената на мерки кон структурата на внатрешниот непријател, но за тоа се усогласувале ставовите со УДБ во Сојузното Министерство за внатрешни работи.[57]

Со самото формирање на безбедносниот систем започнало зацврстувањето на новата комунистичка власт во Југословенската федерација, почнале да се утврдуваат, обработуваат, а потоа општествено и физички да се елиминараат сите оние личности кои биле дефинирани како непријатели на општествено-економскиот и политичкиот ситем односно уставниот поредок.

Уште од самиот почеток на превземање на власта биле инкриминирани националната, верската и расната нетрпеливост*, бидејќи се работело за дијаметрално различна национална идеологија на КПЈ во повеќенационална заедница, штотуку излезена од војна во која доаѓало до страшни судири, во кои окупаторските-квислиншки сили инспирирале братоубиствена војна, со што КПЈ од првиот момент ја истакнувала антитезата за братството, а колаборационистичките сили од сите страна тежнееле народноослободителната борба да ја насочат од антиокупаторска кон граѓанска војна за власт.[58]

Пресметката со внатрешниот непријател особено критички ќе биде опсервиран од страна на историчарите, политиколозите и други научно-општествени работници, по распаѓањето на југословенската федерација во 1991 година. Со бројката судени лица како категорија внатрешен непријател од страна на комунистичкиот режим до ден

---

[56] Bezbednosna funkcija u sistemu socijalističkog samoupravljanja, Naučno stručno savetovanje, Viša škola unutračnjih poslova, Beograd, 1983, Dr Orben Đorđevič, Dogradnja sistema državne bezbednosti SFRJ, стр.91

[57] Исто така..,

* Во Чл.21 од Уставот на ФНРЈ од 1 јануари 1946 година се вели дека казнив е секој акт со кој на граѓаните им се дава привилегија или им се ограничуваат правата на основа на разликите во народноста, расата и вероисповеста како и секое предизвикување на национална, расна или верска омраза и раздор.

[58] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.77

денес се шпекулира, пред се поради отсуство на архивска документација или пак документација која во голема мерка беше злоупотребена од страна на повеќепартиските системи во новонастанатите држави по распадот на СФРЈ. За одредени состојби и почетоците на развојот на судскиот систем во Југославија, може да утврдиме преку Уписникот на Врховниот Воен Суд за 1945 година, кој содржи 3.844 предмети, доставени од 143 суда, со вкупно обвинети 5557 лица кои територијално биле распоредени: Србија (Косово и Метохија, Војводина) 1854 лица или 33,4%; Хрватска 1453 лица или 26,1%; БиХ 730 лица или 13,1%, Словенија 285 лица или 5,1%, Македонија 353 лица или 6,3%, Црна Гора 363 лица или 6,5% и предмети од останати судови 529 лица или 9,5%.[59] Помеѓу обвинетите 3315 лица се осудени на смрт по различни основи. Уписникот може да претставува и извор за проучување на општата состојба во општеството но и основ за регулирање на личните граѓански права (рехабилитација, материјален надомест или враќање на конфискуван имот) особено зашто во него се наоѓаат и податоци за дел од судовите чија архивска граѓа не е сочувана или првостепените пресуди се битно изменети.[60] Врз основа на прегледот на првостепените судови за град Белград, нивната работа не била задоволителна така да речиси половина (46%) од пресудите се изменети, вратени на нова постапка или лицата се ослободени од одговорност, дури и во случаевите кога во прв степен им е изречена смрттна казна. Кај изменетите пресуди околу 80% казните се ублажени, а само 20% се заострени.[61]

Конечните пресуди кои се последица на потврда, изменување и ослободување, укажуваат дека критериумите на Вишиот Воен Суд биле видно пообјективни (поблаги) отколку судењето во прв степен. Процентот за осуда на смрт е намален од 23,8% на 13,7%, а со казна од две години казнети се 30% осудени, што укажува дека степенот на репресивност бил нешто понизок него што било вообичаено. Без оглед на тоа што 1945 година се изречени далеку повеќе смртни казни отколку во периодот пред Втората светска војна, податоците до кои може да се дојде со увидот во пресудите на Воениот суд за град Белград, а кои се превземени од Уписникот на Вишиот воен суд покажуваат дека тежиштето на репресијата во периодот при крајот и непосредно по завршувањето

---

[59] Krsmanović, Dragan, Уписник Вишег војног суда у Београду за 1945. годину, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 2 / 2010, стр. 198, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=5fc96486-f860-4172-8cd2-421be42e4c15&articleId=f17cf610-4960-4263-8647-b1686ba24dd3

[60] Исто така

[61] Исто така стр.201

на Втората светска војна не било во судската репресија,[62] туку во воено-полицискиот безбедносен апарат.

На надворешен политички план требало да се работи на понатамошно меѓународно признавање на земјата и воспоставување на дипломатски односи, особено по прогласувањето на ФНРЈ. Паралелно со тоа е водена борба за приклучување на словеначките и хрватските територии, кои после 1918 година останеле под Австрија и Италија. Таа обврска била потикната од одлуките на Второто Заседание на АВНОЈ и Декларацијата на привремената влада на ДФЈ, од 9 март 1945 година,[63] каде се вели дека *„..Владата ќе стори се, за да нашата национална територија која после првата светска војна остана надвор од границите на нашата држава, да биде присоединета, што побрзо како резултат на општонародноослободителното востание против надворешните освојувачи, кои фактички се приклучиле и се определиле за демократска и федеративна Југославија“.*[64] Декларацијата јасно покажува во кој правец и насока ќе се движат аспирациите на југословенските власти за проширување на југословенската територија, влијание и интереси. Во врска со начелата на надворешната политика на Југославија, недвосмислено се произнел и Јосип Броз Тито каде меѓу другото навел дека Југославија со сите сили ќе работи да дојде до своите права, како до оние кои и биле скратени после Првата светска војна т.е. да ја поврати неправедната загуба на своите територии како што се Истра, Словеначкото Приморје со Трст, словеначкиот дел на Корушка итн, како и до правата кои произлегувале од војната, а се засноваат на огромниот број на жртви и огромната штета која ја претрпела држават.[65]

Со се поочигледниот расцеп во воениот сојуз на антифашистичките сили, западните сили стравувале дека Советскиот Сојуз преку Југославија би можела да избие на Јадранското Море, посебно на најсеверниот дел[66], при тоа имајќи го во предвид исто така едно од начелата на надворешната политика на Југославија, а тоа е дека ќе се работи на зацврстување на културните, политичките и економските односи, во прв ред со братските словенски народи, на чело со Советскиот Сојуз и покрај тоа

---

[62] Krsmanović, Dragan, Уписник Вишег војног суда у Београду за 1945. годину, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 2 / 2010, стр.202, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=5fc96486-f860-4172-8cd2-421be42e4c15&articleId=f17cf610-4960-4263-8647-b1686ba24dd3

[63] Vojnoobaveštajna služba, Grupa autora, Edicija »Razvoj oružanih snaga SFRJ 1945-1985«, Beograd, 1990, стр.103

[64] Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1988.. стр.100

[65] Исто така, стр. 584—596,

[66] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, стр.163

што се наведува дека односите ќе се развиваат и со другите земји особено со сојузниците.[67]

Трст бил последниот бедем на западните сили кон Истокот, па поради стратешкото значење сигурно не би го препуштиле на Југославија. За нив тоа било излегување на СССР на северниот дел на Јадранското море, понатаму на границата со Италија, допирот со Медитеранот, од каде можело да се врши притисок на Италија и нејзините внатрешни процеси, преку помагање на КП на Италија, една од најсилните комунистички партии во Западна Европа.

Ставот на западните сили бил од првиот момент бил недвосмислен дека Трст како важна стратешка точка, економски центар на Јадранот и големо пристаниште на цела средна Европа. не може да се предаде на Југославија, практично на СССР во нивниот поглед.[68]

Велика Британија и САД во тоа време давале предност на Италија каде имале концетрирано големи воени сили и можност брзо да бидат засилени од централна Европа, а можело и да се смета на италијанските вооружени сили, кои се наоѓале во фаза на реорганизација и развој со англо-американска помош. Можноста за посилен напад од територијата на Грција била помала, не поради послабите сили кои биле лоцирани таму, туку поради граѓанската војна, која ги ангажирала сите монархистички сили, а британските единици биле така распоредени да овозможуваат заштита и да ја обезбдеуваат заднината на грчите владини сили.[69]

Нискиот културен и образовен степен на населението, општата сиромаштија и немаштијата, големата миграција и последиците од воените разорувања направиле Федеративна Народна Република Југославија да биде една од најзаостанатите земји во Европа. Епидемија на заразни болести, како што се сифилис, дифтерија, дизентерија и тифус биле директна последица на сеопштата нехигиена, како комунунална така и лична. Посебно тешки прилики владееле во најзаостанатите делови на земјата – Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, јужните краишта на Србија, Санџак и на

---

[67] Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1988.dokument TITO O NAČELIMA SPOLJNE POLITI KE JUGOSLAVIJE, 1. aprila 1946, стрн.812, II vanredno zasedanje, Narodne skupštine FNRJ, Stenografske beleške, Beograd, 1947, str. 584—596

[68] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.173

[69] Vojnoobaveštajna služba, Grupa autora, Edicija »Razvoj oružanih snaga SFRJ 1945-1985«, Beograd, 1990, стр.104

Косово и Метохија, бидејќи во тие краеви населението во хигиенски но и во секој друг поглед било потполно непросветено.[70]

Тешка економска положба, цврсто вкоренети предрасуди, празноверни народни обичаи и верувања претставувале главен „противник" на власта во напорите за просветување на масите.[71]

Во тој поствон период започнала и целокупната општествена и економска трансформација во Југославија, а со тоа и сопственичката структура. Започнувајќи од Одлуката на претстедателството на АВНОЈ за преоѓање во државна сопственост на непријателскиот имот, во државно владение над имотот на отсутните лица и над имотот кој окупаторските власти присилно го отуѓиле,[72] Законот за одземање на воените добивки стекнати за време на непријателската окупација,[73]експропријацијата Законот за аграрна реформа и колонизација[74]и Законот за конечна ликвидација на земјоделските долгови[75], на тој начин целокупната општествена економска трансформација добила институционално правна рамка во новиот југословенски правен систем.

Процесот на изградба на стопанскиот систем на нова Југославија започна со рушење на старите сопственички односи. Со конфискацијата во текот и непосредно по војната и со спроведената национализација на најважните извори на средствата за производство, создадена е потполна нова ситуација во сопственичките односи. Со национализацијата на банките, со преземањето на емисионите функции и другите финансиски прерогативи од страна на народната власт, остварена е целосна контрола над создавањето нови и над движењето на постојните финансиски средства. Со тоа финансискиот, индустрискиот и трговскиот капитал во најголема мера бил експроприран.[76]

Национализацијата започнала и се вршела под доминатно влијание на *идеологијата, но исто така и под влијание на вистински социјални мотиви,* па и со чисто економско расудување. ( Во текот на првите две-три децении по Втората светска

---

[70] Ivana Dobrivojević, Култура живљена у Југославији (1945–1955), Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2 / 2008, стр.236, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=a0ead491-2919-407d-a863-3f553dad8c6e&articleId=cb9307b5-89a9-4f18-9061-887ea6527a4b

[71] Исто така, стр.237.

[72] Službeni list DFJ, br. 2, 6. februara 1945, 13—14.

[73] Službeni list DFJ, br. 36, 29. maj 1945, 294—296.

[74] Službeni list DFJ, br. 64, 28. avgust 1945,

[75] Službeni list DFJ, br. 89, 1945

[76] Киро Глигоров, Сите Југословенски (стопански) реформи, Култура, 2006, стр.9

војна, национализацијата се вршеше и во земјите на Западна Европа, како што веќе погоре е споменато, како и во неразвиените земји на другите континенти).

Експропријацијата на средствата за производство во социјалистичките земји, која ја вршеше државата од името на работничката класа, се обележуваше со следниве цели:

- Идеолошка цел - да се укине експлоатацијата на човек од човек базирана врз приватната сопственост на средствата за производство, со што и да се создадат социјалистички продокцуиони односи;
- Социјална цел – да се изедначат условите за егзистенцијата на луѓето од разните социјални класи и слоеви;
- Економска цел – да се овозможи ефикасно планирање на целокупното стопанство за побрз и пораномерен стопански развој.[77]

Во секој случеј новите општествено економски процеси во Југославија биле во насока и имале за цел обезбедување на капиталот (експропријација), негова контрола (социјална цел) и негова прераспределба (стопански развој), односно целосно менување на сопственичката структура.

## Глава II

## 2.МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО УСЛОВИ НА БЛОКОВСКА ПОДЕЛЕНОСТ И ПОЧЕТОКОТ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА

### 2.1 Создавањето на современата македонска држава

Одлуката за изградување на Југославија на федеративни принципи, на македонскиот народ му обезбеди полна национална рамноправност со другите југословенски народи чии држави беа членки на југословенската федерација.[78] Во чл.2 од одлуката на АВНОЈ од 29-30 ноември 1943 година се вели:" Со цел да се оствари принципот на сувереност на народите на Југославија, со цел Југославија да претставува вистинска татковина на сите свои народи и со цел повеќе никогаш да не стане домен на било кое хегемонистичко општество, Југославија се изградува и ќе се изгради на федеративниот принцип, кој ќе обезбеди полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно народите на Србија, Хрватска,

[77] Никола Узунов, Стопанството на Република Македонија 1945 – 1990, МАНУ, Скопје, 2001, Стр.106
[78] Новица Велјановски, Државноправниот развој на Македонија (1945-1953), ИНИ, Скопје, 1992 година, стр.43

Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина“.[79] Преку донесените решенија на Првото заседание на АСНОМ од 2 август 1944 година, конституирањето на македонската држава во рамките на југословенската федарација несомнено е најголемиот настан во историјата на македонскиот народ.* Без разлика на одредени тенденции на негирање на донесените решенија од првото заседание на АСНОМ, (особено по осамостојувањето на Р.Македонија во 1991 год.), кои се темелеа на принципите на Второто заседание на АВНОЈ, решинијата на АСНОМ ќе бидат државноправниот темел на современата македонска држава.

Две решенија што ќе имаат посебно значење во уставноправна смисла, како и значење за изградување на народната власт и државноправниот систем биле Решението за одобрување на одлуките донесени од Главниот штаб и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и Решението за прогласување на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно претставничко тело и највисок орган на државната власт во Демократска Македонија. Двете решенија се израз на две развојни етапи. Првата етапа започнува со почетокот на НОВ и Револуцијата, а завршува со АСНОМ, а втората продолжува по одржувањето на АСНОМ.[80]

Покрај Решението, за конституирањето на државата, значајно место има Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска Македониа и Решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава. Декларацијата за основните права на човекот и граѓанинот е документ со уставноправно значење. Таа ги опфаќа основните лични и политички права на граѓаните, а истовремено гарантира и некои економски права, особено оние што произлегуваат од правото на сопственост на граѓаните.[81]

Решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава не значеше ниту административно воведување на јазикот туку законодавно санкционирање на неговата дотогашна употреба, овој пат покрај практичните потреби и поради политичкото значење на чинот. Со законодавниот акт

---

[79] B.Petranović, M.Zečević, Jugoslavija1918-1988, стр.659

* Во чл.1 од Решението на АСНОМ како врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија се вели: Основајќи се на суверената волја и правото на самоопределување на народот на Македонија чии верни толкувачи се претставниците на ова собрание (АСНОМ), а во согласност со решенијата донесени на II заседание на АВНОЈ, АСНОМ се формира како врховно, законодавно и исвршно претставничко тело на Македонија и македонската држава, како рамноправна федерална единица во демократска федеративна Југославија.

[80] Новица Велјановски, Државноправниот развој на Македонија, ИНИ, Скопје, 1992, стр.48

[81] Исто така, стр.49

практично се потврди јазикот на народното комуницирање меѓу луѓето и неговото подигнување на ниво на државен и официјален јазик.[82]

Куриозитет е тоа што сите документи кои имаа државнотворен карактер донесени на АСНОМ, подоцна со посебен закон се потврдени од страна на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, како одлуки кои биле донесени пред 4 ноември 1946 година и за кои било потребно потврдување на нивната законитост. Законот е изгласен на седница на Народното собрание на НР Македонија од 30 декември 1947 година, а истиот објавен во Службен Весник на Народна Република Македонија од 6 Февруари 1948 година.[83] Потврдување на законитоста на одлуките и решенијата на АСНОМ временски се совпаѓаат со дефинирањето на сферите на влијание и интереси на големите сили на Балканскиот полуостров, крајот на граѓанската војна во Грција, Резолуцијата на ИБ, што како политички настани директно се рефлектираа врз статусот на Македонија во рамките на федерална Југославија. Заклучокот е дака Македонија во временскиот период од 1944 – 1948 година како политичко прашање било отворено пред се поради националните амбиции на Македонците но и поради геополитичките интереси на земјите победнички од антифашистичката коалиција.

Со договорот од Јалта како што видовме погоре, најдобро може да се види каква биле интересите и намерите на големите сили во однос на поствоеното геополитичко уредување особено на балканските држави. Препораките биле дека Југославија и Бугарија не би можеле да влегуваат во никаков пакт или сојуз. Но пред договорот во Јалта, намерите на југословенското раководство биле сериозни во однос на присоединувањето на Пиринскиот дел кон НР Македонија, а за таа цел Кириљ Миљовски имал конкретни инструкции од страна на Светозар Вукмановиќ – Темпо. Во едно писмо од 26 октомври 1944 година испратено од Темпо до Кирил Миљовски кој во тој момент имал дипломатска мисија во Бугарија, се вели дека *„..присоединувањето на бугарскиот дел на Македонија за нас претставува основна и главна задача. Кон остварувањето на таа задача треба веднаш и без одлагање да и се пристапи“.*[84]

За остварување на таа цел биле предвидени и конкретни чекори како што биле формирање на македонска дивизија „Јане Сандански“ во Горно-Џумајската област (денешен Благоевград). Целта била да се притисне бугарската партија и владата на

[82] Новица Велјановски, Државноправниот развој на Македонија, ИНИ, Скопје, 1992, стр.50
[83] Службен Весник на НР Македонија, бр.3, од 6 февруари 1948 година, Скопје
[84] Фонд Лазар Колишевски, к.21, п.51, с.11, Темпо, писмо до Кирил Миљовски, стр.1

„Отечествениот фронт“, со цел да им се овозможи на сите Македонци кои доброволно се пријавуваат да се упатат во Македонската дивизија „Јане Сандански“. Кон секое двоумење по ова прашање се гледало како саботирање на заедничкиот договор постигнат со ЦК на бугарската партија. Исто така требало да се притисне бугарската влада за да ја наоружа дивизијата „Јане Сандански“ и единиците да земат учество во борбите против Германците заедно со единиците на НОВ.

Во однос на политичкото организирање имаме исто така конкретни и сериозни инструкции. Одборите на „Отечествениот фронт“ во Горно-Џумајската област, требало да се форсираат за нивно претварање во **„одбори за обединување“.** Тоа би требало да почне од одоздола, односно почнувајќи од селата и градовите па нагоре до обласните комитети на Отечествениот фронт. Онаму каде што одборите на Отечествениот фронт не сакале да се пренасочат во одбори на обединување, требало да се создадат нови одбори. Конкретни насоки имало и во однос на подготвување на јавното мислење за прифаќање на идејата за присоединување на бугарскиот дел на Македонија. Таквата дејност требало да се реализира преку пропаганда, митинзи и друг вид на борба, како и преку весникот „Пиринско ехо“.[85]

Создавањето на една таква „југословенска федерација“ немало илузии дека требало да се потпира врз поддршката на СССР, како што е наведено и во писмото, но сепак според тогашното југословенско раководство поставувањето на прашањето за обединување на Македонија не требало да биде причина за успорување на процесот на создавање на југословенска федерација туку напротив, со правилното решавање на македонското прашање би се допринело за создавањето на југословенската заедница.[86] Се поставува прашањето дали во исто време можело да постојат два паралелни процеси на внатрешно обединување на Македонија под влијание и контрола на КПЈ и во исто време да се работи во насока на интеграција на југословенските народи под влијание на СССР, а притоа да не се загрозат интересите на Велика Британија која во моментот на добивањето на информациите за одржаното прво заседание на АСНОМ предизвикале голема вознемиреност.

Првата информација за одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, Британците ја добиле на 15 август 1944 преку радио станицата “Слободна Југославија“, а првиот пишан документ е примен на 18 август 1944 во Бари, датиран од 16 август 1944 од “македонските партизани“ упатен до првиот министер на Велика Британија –

---

[85] Исто така..,
[86] Исто така..,

Винстон Черчил и потпишана од Методија Андонов Ченто претседател на АСНОМ и Митар Бакиќ, шеф на кабинетот на Ј.Б. Тито.[87]

Информацијата предизвикала вознемиреност во Форин офисот, а неговите експерти по меѓусебните консултации можеле да констатираат дека "изгледа сосема јасно дека Македонија за која станува збор е југословенска Македонија, но тоа не ја исклучува можноста југословенско – македонските партизани да поставаат барање во однос на делови на територијата на Грција, Бугарија и Албанија од пред 1941-ва за нивна независна Македонија".[88]

Форин Офисот на 20 август испратил телеграма до министерот резидент на централниот Медитеран во Казерта, Макмилан предупредувајќи го во случај *"ако првиот министер одлучи да одговори на оваа порака, јас би сакал тоа да биде во форма на едноставна потврда за прием"* *од причини што нашата помош на партизанското движење не ги вклучува во себе, во сегашниот момент Титовите шеми за една автономна Македонија и ништо освен потврда за прием може да ги охрабри локалните Македонци да веруваат дека нивните политички цели, очигледно од нивниот отпор спрема непријателот, ја уживаат помошта на британската влада"*.

По овие сугестии на 23 август 1944 од британското претставништво во Рим била испратена телеграма од Сер Н.Чарлс до Форин Офис, во која им се давало на знаење дека *"Првиот министер предлага да не (повторувам не) се одговори на пораката од Антифашистичкото собрание на Националното ослободување на Македонија од овде и би бил благодарен ако Вие испратите потврда за прием на истата во негово име"*. По добиента директива, на 24 август 1944 Брод од Бари со телеграма го замолил бригадирот Маклин да испрати "потврда за прием" на упатената телеграма од Претседателот на АСНОМ.[89]

Како и да е "Проблемот на Македонија и неговото разрешување ги надминувало рамките на поранешна Југославија"[90]. Тоа значи дека сите одлуки кои се врзувале за Македонија директно се рефлектирале и на политичко-безбедносната ситуација во федарална Југославија.

---

[87] Тодор Чепреганов, Велика Британија и македонското национално прашање 1944 – 1948, ИНИ, Скопје, 1997, стр.76

[88] Исто така, стр.76

[89] Исто така, стр.77

[90] Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 51, свеска 12, Приговор на манифестот 09.12.1943, стр.3

Затоа уште во стартот на формирањето на македонската држава, особено од првото заседание на АСНОМ, јасни биле намерите на југословенското раководство ситуацијата во Македонија да се држи под контрола. Во врска со АСНОМ еден непријатен факт во своите мемоари споменува и првиот претседател на Република Мкаедонија, Киро Глигоров, со кој се доловува амбиентот и решеноста на новата власт и посебно на централната власт од Белград да ги елиминира сите закани и непријатели по новиот поредок во сите републики меѓу кои и Македонија.

Според сеќавањата на Киро Глигоров во мемоарите наведено е дека, *„Во тоа време од Белград дојде еден потполковник, Црногорец, кого го овластиле да формира Служба за безбедност-наречена ОЗНА. Темпо посебно водеше сметка за него, да му се помогне, што со други зборови значеше да му се укаже кои се непријателите на кои треба да обрнеме внимание, кои се тие што треба евентуално да се судат, да се ликвидираат...За таа цел се бараше од сите нас поединиечно да пишуваме свои сознанија за различни личности кои имаа колаборационистичка улога, кои носеа накаква „бугарска жичка" и сл. Така на пример тој го овласти Киро Миљовски од секого од нас поединечно да прибере податоци за луѓето кои тогаш го претставуваа јадрото на ванчомихајловистите.*[91]

Елиминацијата на неистомислениците и противниците на режимот била присутна појава на целата територија на Југославија па така и на територијата на Македонија. Тука како карактеристични и специфични примери би сакал да ги издвојам досиејата на Ченто, Шатев и Брашнаров.

Случајот Ченто е историја на современата македонска држава, историја на идеолошки пресврти и чистки, со кои се уништуваше понагласеното истакнување на националните идеи на македонскиот народ, во името на „класните" интереси и општојугословенското братство и единство. Најчест печат на тоа време му даваше исклучивоста на промовираната идеја дека кој е за независна и обединета Македонија, или за било кое друго решение на македонското прашање надвор од авнојската формула, тој е против Југославија, државен непријател, рушител на братсвото и единството на југословенските народи и народности итн.[92] Сепак од денешна дистанца би можеле да го поставиме и прашањето дали и кои беа други решенијата за македонското прашање во една крајно сложена констелација на односи помеѓу

[91] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Издавачки Центар Три, Скопје, стр.62
[92] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Макавеј, Скопје, 2005, стр.179

источниот и западниот блок, како што видовме погоре. Дали обединета Македонија било едно реално решение е предмет на една друга поширока историска анализа. Сепак мора да се наведе клучното прашање за едно такво можно решение, а тоа е под чие влијание би била обединета Македонија, дали под влијание на СССР или под влијание на САД, а при тоа воедно да би се сочувала и југословенската федерација?! Но тука ни се наметнува исто така уште едно прашање и размислување, а тоа е, дали и колку сите македонски современици на настаните знаеле и имале можност да ги имаат вистинските информации за прашањата поврзани со меѓународната политика, во едно време кога реткост било да се стигне до некој стар број на некој партиски билтен или пак потоа до некој примерок на дневните весници, „Нова Македонија“ или пак белградските „Политика“ или „Борба“.

Творците на современата македонска држава, свесни за историскиот чин на нејзино создавање и за неможностите да го реализираат повторното обединување на испарчената Македонија, се стремеле кон поголема политичка и економска самостојност на ДФМ во однос на Федерацијата. И тука некаде лежи никулецот на Чентонова голгота како политички затвореник и човек лишен од граѓански права.[93]

Според сеќавањата на Кочо Аџимитрески, на средбата со Ченто во јануари 1945 година, истиот (се мисли на Ченто м.з.) му објаснувал дека најголема експлоатација била вршена преку тутунот и дека тутунарите мислат дека “пак се експлоатирани и во Титова Југославија“ заради што Ченто и покрај советот на Кочо Аџимитрески дека не е време за таквиот предлог и дека сојузната влада нема да се откаже од толку потребниот приход од тутунот, при што тој личен став Ченто го изнел пред Сојузното собрание, што според Кочо Аџимитрески всушност од тогаш започнале незгодите на Ченто со македонската и Југословенската врхушка.[94]

Случајот Ченто, според пишувањето на Јонче Фотев, а кое се поклопува со *сеќавањето на Киро Глигоров*, “*почна уште при закажувањето на Првото заседание на* АСНОМ, кога тој излезе од такт со кандидатурата на Видео Смилевиќ за член на Президиумот, човек од Маврово со српско презиме, а со куфер доведен од Србија и директно на заседанието на АСНОМ, без било какви заслуги за Македонија“..[95]

Според сеќавањата на Киро Глигоров, гласањето против Видео Смилевски – Бато за член на Президиумот на АСНОМ и покрај директната заложба и ургенција на

---

[93] Исто така, стр.180
[94] Превземено од кај Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Макавеј, Скопје, 2005, стр.180, во фуснота 539
[95] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Исто.., стр.181

Темпо, целиот настан добил тежина на поголем инцидент за кој можело да се повлече и партиска одговорност. Исто така според сеќавањата на Киро Глигоров, Темпо по тој настан веднаш му напишал телеграма на Тито во која побарал итно да биде сменет комадантот на Главниот Штаб, генералот Михајло Апостолски, зашто и тој гласал против. Во дел од одговорот на телеграмата Тито напишал: *"Тој ми е познат , така што, за жал, не можам да го прифатам твоето мислење, меѓутоа го унапредувам во чин генерал – потполковник".*[96] За ставовите на Ченто кои во конкретниот случај манифестирал чисто македонски национални тенденции, кога прашал за тоа дали Бато знае македонски јазик, лесно било да се добие етикета на националист, автономист, шовинист, сепаратист и сл. Отпорот на Ченто кон српскиот кадар кој пристигнувал во Македонија кон крајот и по завршувањето на војната, бил виден и нескриен. Според изјавата на Неделко Макревски дадена пред УДБ на 14.VII.1946 година, истиот на записник ја пренел искажаната намера на Ченто за желбата за илегално преминување на границата помеѓу Македонија и Грција, притоа "правдајќи" се со причина дека „како ние се боревме за Македонија, а ете пак ни се натури српски режим".[97]

Дел од горенаведените политички ситуации и моменти, мислам дека се вистинските причини за политичката елиминација на Ченто. Во едно обраќање на Лазар Колишевски за идејата за братството и единството, на завршниот збор за дискусијата за политичката ситуација водена на конференција на ЕНОФ на Македонија одржана на 1 јули 1945 година меѓу другото ќе наведе дека *„...сепаратизмот се јавува во најразлични форми, кој се преплетува со шовинистички појави и се служи со шовинистички пароли, како на пример: зошто оризот оди во Србија? зошто 22 дивизија да дојде тука? и сл. Тој се пројавува во форма како за отцепување на Македонија од Југославија и за нејзино присоединување кон некоја друга земја, така и за отцепување на Македонија и образување на некоја самостојна македонска држава."*[98] Конкретното обраќање на Лазар Колишевски остава впечаток дека неговиот говор е алузија на ставовите на Ченто, кои подоцна ќе бидат причина за негово кривично гонење и судска пресуда.

Една од македонските историски личности кои ќе бидат предмет на обработка на југословенската и македонската Служба за државна безбедност по линија на

[96] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, ИЦ Три, Скопје, 2000, стр.55 – 56
[97] Методија Андонов Ченто, (документи и материјали), Државен архив на РМ, Скопје, 2002, документ 85, стр.218
[98] Лазар Колишевски, Аспекти на Македонското прашање, НИК „Наша Книга", Скопје, 1979 година, стр.223

Резолуција на ИБ, ќе биде Павел Шатев, ѓемиџијата од Велес. Во новата македонска историографија се поставува прашањето зашто таков третман добил еден од живите легенди на македонското револуционерно движење и дека со таквиот гест ќе се остави една црна дамка на новата македонска држава предводена од комунистичката партија. Зошто било потребно едно такво однесување на комунистичкиот режим со цел Павел Шатев да се елиминира од македонската политичката сцена, па и југословенска со оглед на неговата ерудиција и политичко влијание кое го имал во балканските држави и неговите контакти со комунистичките партии.?

Тука одговорот, треба да го побараме поради неговата соработка со Советската разузнавачка служба, преку разузнавачкиот центар во Софија, а токму неговата елиминација е во најкритичниот период од донесувањето на ИБ резолуцијата и заострување на односите со СССР.

Едно од повеќето упорно и често поставувани прашања, на кое истражните органи на УДБ-а бараат прецизен одговор, е соработката на Павел Шатев со Советската разузнавачка служба. Павел Шатев работел за Советите од 1922 година до 1929 и повторно од 1940 година до неговото апсење во Софија во ноември 1941 година.[99] Околу мотивите за неговата соработка со Советите било сосем јасно кажано во неговото сослушување, при што на 2 февруари 1950 година самиот ќе изјави дека бил раководен од предлогот на Советите кои настојувале "сите Македонци заеднички да дејствуваат во борбата, а доколку има некои отпадници, заедно да се бориме против нив", но и фактот што Советите ветувале финансиска и дипломатска помош. Шатев притоа нагласува (повеќе пати), дека од Советите е ангажиран да работи исклучиво по македонското прашање, бидејќи бил познат како македонски деец и федералист.[100]

По линија на ИБ заедно со Шатев, предмет на обработка на службата за државна безбедност ќе биде и Панко Брашнаров. Според објавените документи за македонското прашање во Бугарско – Југословенските односи (1944 – 1952) од Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Софија 2005 година во документот бр.284, а кој се однесува на писмото со назнака „строго доверливо“, испретено до ЦК на СКП(б) за состојбите во Вардарска Македонија од 1944 до 1948 година, истите јасно го критикуваат

[99] Павел Шатев, време – живот – дело (1882-1951), Прилози од Научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, Институт за национална историја – Скопје, Собрание на општина Кратово, Скопје, 1996, *Вера Весковиќ – Вангели*, Павел Шатев и македонското национално прашање, (според записници од сослушувањето во УДБ-а), стр.86
[100] Исто така.., стр.86

однесувањето на ЦК на КПЈ и при тоа во некои делови манифестирајќи и контроверзни ставови гледано од денешна перспектива и дистанца на работите.

Во однос на прашањето за обединувањето на македонскиот народ истакнуваат дека уште од самиот почеток тоа прашање се поткопало поради неговото неправилно поставување од страна на ЦК на КПЈ во смисла на тоа Македонија да се присоедини кон ФНРЈ, без притоа да се води сметка за особеностите, специфичните услови, ниту за братските соседни страни, при тоа да не се гледа во перспектива за развојот на прогресивните сили на Балканот и за една такво обединување во една можна федерација – југословенска или балканска.

Во писмото тие го обвинуваат ЦК на КПЈ дека се стреми да ја завземе цела Македонија, при што сметаат дека тоа се ставови кои имаат елементи на националистичко буржуаски позиции, притоа игнорирајќи ги животните интереси на бугарскиот народ. Исто така од таквото решение за обединување на Македонија штета би претрпела и Грција бидејќи би била лишена од плодородните полиња како што биле Солунско, Серско и Драмско.[101]

Обинувањата на Шатев и Брашнаров за националистичките позиции на ЦК на КПЈ, се нагласени поради присуството на српското влијание каде недвосмислено во неколкуте точки во писмото тие тоа го наведуваат.

Во четврттата точка наведена во писмото се вели дека за да се подигне „борбеноста и авторитетот“ на партијата по директива на ЦК на КПЈ, се наложува да се негира секоја борба, ако не е врзана со борбата на Србија. Таа дрскост идела дотаму што историјата и револуционерните борби на македонскиот народ едвам започнувала на 2.X.1941 година.

Во петтата точка се дава критика за начинот на кој се создала македонската азбука, каде се кажуваат критики дека по секоја цена се сака да се воведе азбуката на Вук Караџиќ и колку што се може македонскиот книжевен јазик да се оддалечи од народниот говор. Спроводници на таквата политика биле ген.Темпо и Лазар Колишевски преку Блаже Конески постапувајќи по теоретските напатствија дадени од проф.Ботковиќ истакнат големосрпски шовинист и соработник на окупаторската власт во Србија. Во истата точка е наведено за итроста кој го направил ЦК на КПМ со

---

[101] Веселин Ангелов, "Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1944-1952)", УИ "Св. Климент Охридски", София 2005,Том 31 на Документална поредица “Архивите говорят” на Главно Управление на Архивите при Министерския съвет на Република България, Панко Брашнаров и Павел Шатев за обстановката във Вардарска Македония през 1944-1948 г. — изложение до ВКП(б), документ бр.284, 437-438

непоканувањето на руските професори Державин и Бернштаин да ја посетат Македонија и да го дадат мислењето за македонската азбука и книжевниот јазик.[102]

Во случајов се поставува прашањето зашто пак Шатев и Брашнаров мислеле дека советските професори Державин и Бернштаин се најкопетентните за да го дадат конечното мислење за македонската азбука?!

Според Ангел Динев и неговата изјава дадена на 6 октомври 1948 година пред органите на власта на НРМ за причините на бегството од Бугарија, наведува дека причините за неговото бегство од Бугарија произлегуваат од погрешната политика на бугарското раководство по однос на Македонското прашање и востановениот терор на политиката против Македонците во Бугарија, кои се борат за слобода и самопределување како одделен народ и којшто се стреми да се обедини со слободната НРМ во ФНРЈ. Теророт ги принудувал да се откажат од таа борба Македонците, потикнуван од политиката на Кремаљ кон Балканот. Според Ангел Динев пред 1945 година, Сталин испратил свој повереник проф.Державин во Бугарија да го убедувал Политбирото на БРП(к) и партискиот кадар, дека Македонците се Бугари и да им наметнува да ја следат старата политика на рускиот цар за Санстефанска Бугарија. За таа цел Державин, за време на седуммесечниот престој во Софија изнел свои раскази и напишал книга за Бугарија.[103]

По изгласувањето на резолуцијата на Иформбирото Македонија ја делеше истата судбина со федеративна Југославија. Македонскиот народ се најде во една можеби најнепосакува положба, затоа што еден дел од народот се најде во сферата на влијание на Западниот блок, друг дел во сферата на влијание на Источниот блок и мнозинството од македонскиот народ продолжи да го гради својот идентитет во државата која беше една од основачите на меѓународното неврзано движење кое ќе даде една друга димензија во политичките односи помеѓу блоковската поделеност на светот.

---

[102] Веселин Ангелов, "Македонският въпрос в българо-югославските отношения (1944-1952)", УИ "Св. Климент Охридски", София 2005,Том 31 на Документална поредица "Архивите говорят" на Главно Управление на Архивите при Министерския съвет на Република България, Панко Брашнаров и Павел Шатев за обстановката във Вардарска Македония през 1944-1948 г. — изложение до ВКП(б), документ бр.284, 439-440

[103] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.41,п.7,док.1, стр.19, Писмена изјава од АНГЕЛ ДИНЕВ пред органите на власта на НРМ за причиите на бегството од Бугарија

## 2.2 Поделба на сферите на влијание и студената војна

Поделбата на сферите на влијанија* по Втората светска војна особено во Европа дошла до полн израз како резултат на спротивставените интереси на двата блока предводени од САД и СССР.

Точниот датум на почетокот на студената војна како феномен во меѓународните односи, тешко е да се утврди. Ова прашање од различни автори, различно е третирано. Еден дел од авторите сметаат дека се јавува во 1917 година во екот на Првата светска војна. Но студената војна дојде до полн израз по Втората светска војна, кога борбата за превласт на големите сили во 1945 година се свела меѓу САД и СССР.[104]

Сепак антагонизмот помеѓу двете супер сили како непремостив јаз, го навестил и Џорџ Кенан во својата "Долга телеграма" потпишана како г-дин X, од 22 февруари 1946 година, во која се обидува да ги даде и утврди основите на советската надворешна политика, советската идеологија, да ги побара корените и причините на таквата политика и идеологија од гледна точка на американската политика. Џорџ Кенан несомнено со тоа ќе стане и еден од идеолизите и највлијателни личности на американската надворешна политика кон СССР по Втората светска војна, особено за време на претседателските мандати на Хари Труман.

По објавувањето на „долгата телеграма", Кенан се стекнал со репутација како за најпознатиот владин советски експерт, затоа што во неговото пишување и размислување постоела стратешка визија, талент да се види односот помеѓу целите и

---

* Утврдувањето и дефинирањето на значењето на терминот „сфери на влијаниа" генерално според светските познати енциклопедии е дефинирано пред се како „контрола на одредена територија од страна на држави или организација каде се остваруваат одредени политички, воени, културни или економски интереси". Па така според **Britannica Concise Encyclopedia,** „во меѓународната политика, намерите и барањата на државите за екслузивна или доминатна контрола над странска територија или област". Спорд **Oxford Dictionary of Politics** „одреден регион во кој надворешна сила врши доминатно влијание, ограничувајќи ја политичката независност на послабите држави или ентитетите кои живеат во неа.Таквиот концепт има улога во анализа на империјализмот и политиката на големите сили. **Columbia Encyclopedia** „термин кој се користи за територија во која надворешна сила бара хегемонија со намера подоцна да се стекне со поголема контрола, како што е колонизација, или со намера да се обезбеди економски монопол над територијата без превземање на политичката контрола". **Wikipedia** „термин во контекст на меѓународните односи, сфера на влијание, во одредена област или регион во кој држава или организација има значително културно, економско, воено или политичко влијание" Извор **http://www.answers.com/topic/sphere-of-influence**

[104] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна, Менора, Скопје, 1999 год.,стр.31

можностите, аспирациите и интересите, долгорочните и краткорочните приоритети, нешто ретко што може да се најде во бирократијата.[105]

На самиот почеток од телеграмата Џорџ Кенан ги дава основните карактеристики на советските поствоени надворешно политички погледи и перспективи. Нивното втемелување Кенан ги бара уште од времето на зацврстувањето на власта на Сталин во СССР и неговата недоверба кон капиталистичкиот свет, подржувана од пропагадната машинерија.

Една од тие надворешно политички карактеристики зацврстени уште од времето на етаблирирање на власт на Сталин, била тоа што*"СССР сеуште живеел во антагонистичко „капиталистичко окружување", кое гледано на долг рок нема да може да има мирна коегзистенција. Како што истакнал Сталин уште во 1927 година на делегацијата на американските работници, во текот на понатамошниот развој на интернационалната револуција ќе се појават два центри со светско значење: социјалистичкиот центар, опишувајќи ги како земји кој ќе тежнеат кон социјализмот и капиталистичкиот центар опишувајќи како земји кои ќе тежнеат кон капитализам. Битката помеѓу овие два центри за владеење на светската економија ќе ја одлучи судбината на капитализмот и комунизмот во целиот свет"* [106]

Во првиот дел од телеграмата Џорџ Кенан исто така го истакнува крајно негативниот став на Сталин кон капитализмот како идеологија која била осудена на внатрешни противречности и осудена не меѓусебни конфликти помеѓу државите, а како најголем би бил оној помеѓу САД и Англија.[107]

Сојузот меѓу САД и СССР за време на војната беше отстапување од нормалната смисла на советско-американските односи, зашто двете нации долго гледаат едната на другата со длабока меѓусебна недоверба. Во основата на нивните реазлики во 1940-тите години, беше фундаменталната разлика во патиштата што големите сили ги предвидуваа за повоениот свет. Едната визија беше онаа на многу луѓе во САД. Првпат отворено оцртана во Атланската повелба од 1941 година, таа беше визија за свет во кој нациите ќе го напуштат своето традиционално верување во воените сојузи и сфери на влијание и своите односи едни со други ќе ги раководат преку демократските

[105] John Lewis Gaddis, Strategies of Containment, стр.24
[106]Telegram, George Kennan to George Marshall ["Long Telegram"], February 22, 1946. Harry S. Truman Administration File, Elsey Papers,http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/coldwar/documents/index.php?pagenumber=1-2&documentid=6-6&documentdate=1946-02-22&studycollectionid=coldwar&groupid=
[107] Исто така, стр.2

процеси, со една меѓународна организација што ќе служи како арбитер во споровите и заштитник на правото на секоја нација на самоопределување.[108]

Другата визија беше онаа на СССР и до извесен степен постепено и стана јасно и на Велика Британија. И Сталин и Черчил ја имаа потпишано Атланската повелба. Но Британија, секогаш беше загрижена за импликациите од идеалот за самоопределување поради својата сопствена огромна империја, а Советскиот Сојуз беше решен да создаде безбедна сфера за себеси во Централна и Источна Европа, како заштита против можна идна агресија од Запад. И Черчил и Сталин, значи беа склони да предвидат една повоена структура во која големите сили ќе контролираат области што се од стратешки интерес за нив, во која повторно ќе се појави нешто донекаде слично на традиционалната европска рамнотежа на силите.

Иако студената војна меѓу Соединетите Држави и Советскиот Сојуз никогаш не прераснала во вистинска војна, неколкупати двете држави биле близу до тоа. Прв пат тоа се случи кога Запад почна повторно да ја изградува Европа и својот воен сојуз.[109]

Сепак и визијата на САД за поствоеното уредување на светот ќе биде брзо променета со оглед на развојот на настаните и територијалните аспирации на СССР.

За промената на таквата состојба повторно влијаел Џорџ Кенан, кој мислел дека САД би можеле во меѓувреме да ги изгубат од вид своите меѓународни интереси, како што се случило по неколкуте претходни војни, од повлекување во изолација или прилепување на утописка меѓународна агенда.[110]

Интересот на големите сили за некоја држава или регион зависеле пред се од нејзината геостратегиска местоположба. Во една таква ситуација како една од најкритичните точки во меѓусебните односи по завршувањето на војната, на победничката коалиција се нашла Грција. Според оценките на политичките и на воените фактори на двете западни сили (САД и Велика Британија), Грција претставуваше мост помеѓу Европа и Средниот Исток. Грција го контролираше излезот на Дарданелите и го обезбедуваше поморскиот сообраќај кон Сеуц и кон Индија.

Втората светска војна покажа дека, поради окупацијата на Грција од Германија, сојузниците ја имаа изгубено контролата врз источното Средоземје. Доколку Грција паднеше под руско влијание, тогаш целиот Близок Исток и дел од Африка ќе

---

[108] Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.633

[109] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна, Менора, Скопје, 1999 год.,стр.32

[110] David Mayers, George Kennan and the Dilemmas of US Foreign Policy, Oxford University Press, 1988, New York, Oxford, стр,.106

потпаднеа под советска контрола, ќе беа изложени на опасност источното Средоземје и Западна Европа, оценуваа надлежните фактори на тие земји.[111] Поделбата на сферите на влијанија беше едно од најсуптилните прашање, непосредно пред и по завршувањето на Втората светска војна. Судирот на интереси особено до израз ќе дојде во земјите каде претставуваа клучни алки во глобалните геостратешки интереси. Како што видовме погоре и новите демографски промени биле во насока која ја отсликувала новата рамнотежа на силите.

Прво Велика Британија и потоа САД забележително голем интерес покажаа за Грција, што се должеше на значењето на нејзината стратешка местоположба. Тие оценуваа дека ако во Грција дојдат на власт комунистите и ако таа падне под советска контрола тогаш таа ќе ги изложи на опасност Турција и средниот Исток, како и безбедноста на Западна Европа.[112]

Кога вакумот на моќта ќе ги раздвои големите сили, како што било случај на крајот на Втората светска војна, таа тешко ќе се исполни, а да не се влезе во меѓусебен судир и нивните интереси да не се судрат. Тоа би се случило и доколку двата постовоени хегемони би биле уставни демократии: историчарите на британско-американските односи во текот на војната, одамна ги опишале конфликтите и судирот на интереси дури и меѓу најблиските сојузници.[113]

САД виделе витален интерес во спречување на обидот на било која непријателска расположена држава повторно да го завладее европскиот континент. Не биле подготвени да ја вратат американската воена моќ на предвоеното ниво, ниту сакале да ја пропуштат шансата да ја преобразат светската економија на начин на кој би одговарал на американскиот капитализам. Биле подготвени да одолеат на секое искушение на враќање во изолационизам и со обете раце ја прифатиле “втората шанса“ која војната им ја овозможила да создадат глобална безбедносна организација во која САД би ја имале главната улога.[114]

И советскиот лидер по Втората светска војна ја барал сигурноста; неговата земја во Втората светска војна изгубила најмалку 27 милиони граѓани, отука тој не би ни можел да постапи поинаку. Но на поствоени цели на Москва не влијаела традицијата на колективна или заедничка безбедност затоа што таму повеќе не било дозволено да

---

[111] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 1998, стр.11-12.

[112] Исто така, Стр.5

[113] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр. 27

[114] Исто така, стр.28

се прави разлика помеѓу државните интереси, партиските интереси и Сталиновите лични интереси. Националната безбедност значела лична безбедност, а владетелот во Кремаљ видел толку многу закани што многу порано преминал на масовни убиства, да се отстранат сите противници.[115]

Меѓутоа тој не ја исклучувал ни можноста за војна против капитализмот во кој ќе биде вклучен и самиот Советски Сојуз, „Сталин на тоа гледал на сопствен начин", се присетувал неговиот министер за надворешни работи Вјачеслав Молотов, „Првата светска војна една земја ја ослободител од капиталистичко ропство; Втората светска војна создала социјалистички систем, а третата светска војна засекогаш ќе заврши со империјализам".[116]

Во 1947 година станало очигледно дека земјите кои го рушиле стариот светски поредок не можат да соработуваат во изградбата на новиот. Тоа довело до најголемата поларизација во модерната историја. Изгледало како некои гигантски магнети ги привлекле сите земји, па дури и движења и одредени поединци во државите, да застанат покрај силата која зрачела од Вашингтон и Москва.[117]

Моделот на политичкиот поредок кој бил воспоставен по Втората светска војна имал и свои недостатоци затоа што е оставен многу мал простор за улога на трети, а да не се спомнуваат четврти, пети сили кои би учествувале во обликување на советско-америкаснките односи. Голема е разликата ако големите сили мораат да ја шират својата моќ наспроти, во согласност со желбите на оние со кои се владее. Изборот помеѓу отпорот и соработката е на оние кое се наоѓаат внатре во сферите на влијаниа, а не на оние кои ги наметнуваат и на крајот оние кои мораат да ги направат.[118]

Од позиција на "западот", критично прашање било колку далеку ќе се простира влијанието на Москва надвор од советските граници, без разлика на тоа каде би биле поставени после војната. Она што го забележал Милован Ѓилас е дека Советскиот Сојуз ќе го наметне својот систем толку далеку, колку што ќе стигне црвената армија, но во тоа биле многу внимателни. Очигледно свесен за воената моќ на САД и нејзините сојузници која била зголемена, Сталин не сакал да стори нешто што би можело да го вовлече СССР во уште една разорна војна, се додека не закрепне со што би бил сигурен дека ќе биде добиена војната. „Јас не би започнал трета светска војна,

[115] Исто така, стр.30
[116] Исто така, стр.31
[117] Исто така, стр.49
[118] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.49

поради прашањето за Трст" објаснил на разочараните Југословени, на кои им наредил да ја напуштат таа територија во јуни 1945 година.[119]

Сталин сигурно бил подготвен да запре пред отпорот на Запад, ниту во еден момент тој не бил подготвен да ги предизвика Американците, па дури и Британците, таму каде тие јасно ги предочувале своите интереси. Черчил му одал признание поради придржувањето на прочуениот договорот од 1944 година „за процентите", кои ја потврдувале британската доминација во Грција, додека југословенските извори ги откриле сталиновите предупредувања дека САД и Британија никогаш нема да допуштат нивната линија на комуникација да биде прекината во Средоземјето.

Тој брзо се повлекол кога се соочил со британско-американските забелешки на неговите амбиции во Иран во пролетта 1945 година, како што подоцна направил кога побарал советски бази во турските мореузи. Таков вид на напредување, по што би следело повлекување, се покажале и за време на чистките во триесеттите години кога Сталин сопрел со истите, во моментот кога надворешната закана од Германија станала преголема за да може да се занемари, а ќе се повтори во текот на блокадата на Берлин и Корејската војна, две ситуации во кои СССР ќе покаже голема внимателност заради испровоцираната необично силна американска реакција.[120]

### 2.3 Граѓанската војна во Грција

Интересот на големите сили кон Грција исклучиво се водел од нејзината геополитичка и геостратешка положба која таа ја имала во текот на Втората светска војна. Особено значајна е нејзината отвореност кон Средоземното море, а преку нејзините острови Кипар и Крит се имало значајна предност во морскиот басен кој е отворен кон трите континенти, Европа, Африка и Азија. САД и Велика Британија својата политика кон Грција ја градеа врз оценките за значењето на нејзината местоположба, а осигурувањето на своите позиции и интереси во неа, можеле да се постигнат доколку би се оневозможила левицата да дојде на власт и доколку би се неутрализирал интересот на Советскиот Сојуз за Грција.[121] Единствен начин за остварување на своите политички цели Велика Британија можела до го оствари само доколку успее да ги стави под своја контрола антифашистичките сили на Грција од

[119] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.53
[120]Исто така, стр.55
[121] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, 1998, стр.12

левицата. Намерата во сето тоа била цврсто изразена без разлика на средствата кои би биле употребени. Британскиот воен совет, следејќи ги развитокот и соодносот меѓу силите во Грција на својата седница, што се одржала на 21 ноември 1943 година, ги одобрила и ги прифатила целите на политиката на Министерството за надворешни работи спрема Грција, а тоа се: а) да ја уништи силата на ЕАМ-ЕЛАС; б) да ги помогне групите на ЕДЕС под раководство на Зервас или на Пластирас штом ќе биде можно тој од Франција да се префрли во Грција; в) во Атина да се формира влада под раководство на архиескопот Дамаскинос, кој евентуално ќе може да го осуети напорот на ЕАМ да ја зеземе власта во престолнината; г) да ги поврзе Зервас и Дамаскинос со кралот и со владата во Каиро; д) да го убеди кралот дека во негова корист и во корист на земјата е да го одложи своето враќање во Грција додека не биде повикан од народот.[122] Велика Британија навистина манифестирала решителност во уништување на антифашистичките сили предводени од комунистите. Таков бил примерот со кризата на Средниот Исток, кога поради ригорозните мерки на Англичаните, се предизвикало бунт во грчките вооружени сили при што истиот бил задушен на 23 април 1944 година кога петнаесет илјади војници, антифашисти биле изолирани во специјални логори.[123] Силно влијание врз мнозинството од грчките вооружени сили на Средниот Исток имала активноста на ПЕЕА* која всушност била еден вид влада, со армија од 50.000 борци и масовни политички организации со силно влијание.[124] Пат позицијата со изненадување била нарушена во август 1944 година, кога раководството на ЕАМ, отстапило и пристапило да ја прифатат суштината на Либанскиот договор, кој е резултат на тридневната конференција од 17 до 20 мај 1944 година одржана во Либан. Според договорот беа осудени и окарактерезирани како „бунт“ и “злосторство“ активностите на грчките воени сили на Средниот исток кое било под влијание на КПГ – ЕАМ, а задушени од страна на Англичаните. Целосно влијание во создавањето на единствена национална армија ќе ја имаат владата и Сојузниот штаб на Средниот исток. Со оглед на тоа дека ова било изненадувачки пресврт кој се случил во рок од

---

[122] Исто така, стр.17

[123] Исто така стр.22

* На 10 март 1944 година, врз основа на одлуката на ЦК на ЕАМ од 19 декември 1943 година, е формиран Политичкиот комитет на националното ослободување – ПЕЕА. Непосредни цели на ПЕЕА, формулирани во неговиот основаки акт беа: да ја организира и раководи борбата за ослободување на земјата, да управува со слободените територии и др.Тито сондираше терен за признавање на ПЕЕА. Резултат на тоа беше назначувањето на Андреас Џимас за претставник во ВШ на НОВ на Југославија. Повеќе види кај Ристо Кирјазовски, Македонско национално ...ИНИ, 1998

[124] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, 1998, стр.22

неколку денови, по неочекуваното доаѓање на една советска воена мисија, а во недостаток на цврсти докази може да се земе како веројатност дека оваа советска мисија донела упатство со кое дотогашниот непомирлив став требал да омекне, што всушност било и во согласност со договорот кој Сталин подоцна го постигнал со Черчил. Како и да било, прифаќањето на споредната улога во владата на Папандреу и согласноста воените сили да се стават под британска команда, заедно со многу помалите сили на ЕДЕС, комунистичкото раководство на ЕАМ дозволило засекогаш да се испушти најдобрата прилика да се превземе власта по германското повлекување од Грција во октомври 1944 година , како што тогаш тврделе некое раководни кадри.[125]

Но од друга страна што би значело губењето на влијанието во Грција за Велика Британија најдобро го претставил Винстон Черчил кој на 22 декември 1944 година му го напишал следново на фелдмаршалот Сматс: "*ако силите на злото надвладеат во Грција, како што е сосема изгледно, мораме да бидиме подготвени на целосно болшевизирање на Балканскиот полуостров под руско владение, што може да се прошири и до Италија и Унгарија. Поради тоа од тие места предвидувам голема опасност по светот, но сум и немоќен да сторам било што корисно, а при тоа да не ја изложам Владата на голем притисок и да не дојдам во судир со Американците*".[126]

Со цел да помогнат за повторно воспоставување на финансиските институции, законскиот систем и полицијата, како и да дадат своја помош во економските и хуманитарните проекти во Атина пристагнале британски мисии. Генерал Скоби и амбасадорот сер Р.Липер имале големо влијание; тие биле консолтирани за составот на сите осум влади кои биле на власт меѓу јануари 1945 и април 1946 година. Еден близок набљудувач овие настани вака ги коментирал: "До 1947 година британската влада ги назначуваше и разрешуваше грчките премиери речиси не обрнувајќи внимание на уставните формалности. Британските експерти ја диктираа економската и финансиската политика, одбраната и надворешната политика, безбедносната и законодавната политика, политиката на синдикатите и на вработувањето".[127]

Со тоа предноста била на страната на елементите од десното крило и од владата. Со повторно воспоставената грчка војска, чии членови биле регрути командувал главно предвоениот официрски кадар, кој во најголема мера бил ројалистички. Иако во војската пред тоа имало многу републикански офицери, кои често биле и доминантни,

---

[125] Ричард Клог, Историја Грчке новог доба, Clio, 2000, стр.137
[126] Зоран Д. Кнежев, Западне силе и Југославија у другом светском рату,долазак комуниста на власт 1944 год., Evro, Београд, 2003, стр.561
[127] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесетти век, Том II, Ник Лист, Скопје 1999 година,стр.357

голем број од нив биле елиминирани по 1936 година. И полициските сили биле составени првенствено од луѓе кои на својата положба се одржале за целото време на окупацијата, а биле антикомунисти.[128]

Тука треба да се спомне и фактот дека Винстон Черчил високо ги уважувал ројалистичките сили и кралот Ѓорѓе II, пред се како верни сојузници во текот на зимата 1940/1941 година, кога Грција била единствениот активен британски сојузник во Европа,[129] а по иницијатива на Велика Британија уште во јануари 1942 година, кралот на Грција Георги II, кралот на Србија Петар и министерот за надворешни работи на Велика Британија Идн, се состанале и постогнале согласност за режимот што требало да се воспостави на Балканот по ослободувањето.[130]

Со формирањето на влада на национално единство и постигнатиот Либански договор на 3 септември 1944 година и влегувањето на КПГ – ЕАМ - ПЕЕА, Черчил успеа да ја легализира својата интервенција во Грција, меѓутоа тоа не било доволна гаранција за целосен успех на неговата политика во Грција.[131]

За да се осуети секаква можност за неповолен развој на настаните особено по повлекувањето на Германците, Черчил презел акција со цел таквите настани да ги стави под контрола преку британскиот генерал Вилсон кога во Казерта, Италија на 26 септември е постигнат договор за неколку клучни точки и тоа: 1) Сите герилски сили што дејствуваат во Грција да се стават под команда на владата на национално единство 2) Грчката влада од своја страна, ги става тие сили под команда на британскиот генерал Роланд Скоби, поставен од главниот сојузен командант 3) Во согласност со наредбата на грчката влада, командата на Грците герилци ќе забранат секаков обид своите единици да ја заземат власта во свои раце. 4) Што се однесувало до Атина, никаква акција не е дозволена, освен од единиците под команда на генерал Скоби. Договорот од Казерта им овозможи на Англичаните целосно да го земат во свои раце грчкото прашање.[132]

Договорите од Либан и Казерта не биле никаква гаранција за политиката на Велика Британија во Грција, но на некој начин се обезбедувало подобро политичко позиционирање во однос на силите од левицата.

---

[128] Исто така, стр.359
[129] Ричард Клог, Историја Грчке новог доба, CLIO, 2000, стр.133
[130] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 1998, стр.13
[131] Исто така, стр.40
[132]Исто така, стр.43

Изненадувачкото прифаќање на договорите некои автори иако без цврси докази го аргументираат со доаѓањето на советска воена мисија во планините, каде веројатно било донесеo упатството да се омекне дотогашниот непомирлив став, што всушност ќе биде во согласност со договорот на Сталин со Черчил.[133]

Папандреу само што помислил дека успеал да ја создаде владата на национално единство, министрите на ЕАМ на 1 декември 1944 година поднеле оставки во знак на протест против наредбата за еднострaното демобилизирање на ЕЛАС.[134] На 2 декември Министерскиот совет, без министрите на КПГ – ЕАМ – ПЕЕА, одржал седница на кој бил донесен декрет за распуштање на ЕЛАС, ЕЛАН, НМ и на ЕДЕС. КПГ во знак на протест спрема тој декрет, на 3 декември најавила митинг, а за 4 декември генерален штрајк. И покрај забраната од владата, митингот бил одржан. Полицијата употребила оружје против демонтрантите, при што имало 28 мртви и 100 ранети демонстранти. Наредниот ден 4 декември, биле организирани демонстрации, при што бројот на мртвите и на ранетите изнесувал повеќе од 100 граѓани.[135]

Негативните реакции во самата Велика Британија и особено во САД спрема воената интервенција во внатрешните работи и против антифашистичкото движење, ангажирајќи за тоа крупни воени сили во услови кога силите на Оската се уште дефинитивно не биле поразени, го принудиле Черчил на 25 декември да ја посети Грција со цел да го забрза завршувањето на судирот.[136] Судирот завршил со договор потпишан во Варкиза на 12 февруари 1945 година, според кој на 26 февруари ЕЛАС го предал оружјето и се расформирала. Тоа значело пораз на НОВ и реставрација на предвоениот режим на Грција.[137]

Раководството на КПГ се соочи со дилемата: да ја прифати наредбата за расформирање на ЕЛАС и со тоа да се откаже од амбицијата за власт, или да се спротивстави, соочувајќи се со ризици и последици. Раководството на КПГ се решила за втората алтернатива.[138] Определбата за вооружена борба и делувајќи надвор од институциите подоцна ќе се покаже како катастрофална одлука по самата левица и по илјадниците идеолошки следбеници.

[133] Ричард Клог, Историја Грчке новог доба, CLIO, 2000, стр.137
[134] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 1998, стр.58
[135] Исто така, стр.59
[136] Исто така, стр.60
[137] Исто така, стр.62
[138] Исто така

Таквата одлука комунистичкото раководство ја темелело на верувањето за непосредна воена помош на СССР и Југославија, при тоа незнаејќи за поделбите на интереси на Балканот помеѓу СССР и Велика Британија. Пораката од Сталин на 15 декември 1944 година, испратена преку Георги Димитров да не се очекува помош и проблемот со Англичаните да го реши мирољубиво, веќе била задоцнета.[139]

Неутралноста на Сталин и нереагирањето против англиската интервенција било во согласност со нивните глобални стратешки интереси. Советскиот печат ништо не објавил за тоа што се случувало во Грција во текот на судирот во Атина. Сталин бил заинтересиран да не биде обвинет од Черчил за неисполнување на Московскиот договор со што неговата преговарачка позиција ќе била ослабена на Конференцијата во Јалта, закажана за февруари 1945 година. На 8 февруари Сталин побарал од Черчил информации за актуелните настани во Грција, уверувајќи го дека немал намера да се меша во грчките работи или да ја критикува британската акција во Атина во декември 1944 година.[140]

Во таа насока се и информациите од југословенските извори кои ги откриле предупредувањата на Сталин дека САД и Велика Британија никогаш нема да дозволат да биде прекината нивната линија на комуникација во Средоземното Мора.[141]

1945 година состојбата во Грција изгледала целосно хаотична и конфузно, а во различни региони постоела и различна перцепција за работите од страна на луѓето. Во еден извештај испратен од Волос во април 1945 година стои дека „луѓето се сè уште обземени од чисто локалните прашања и очигледно ниту знат, ниту имаат интерес за настаните што се случуват во другите делови на Грција“, а во извештајот од Крит дека „законот и редот се отсутни...и состојбата што владее се споредува со анархија“. Префектот одговорен за Карпениси се пожалил на недостиг на подршка од владата, велејќи дека е „невозможно нешто да се постигне“. Во мај 1945 година капетанот Пет Еванс јавил од Лерин (Флорина), за „општ недостиг на доверба...голем број луѓе по кафеаните и другите јавни места коментираат: ’Нема држава’. ’Комунистите како – така ги тераа работите.’Сегашната власт е бескорисна!’“.[142]

Во наредните неколку месеци биле формирани нестабилни влади кои немале долг мандат. Владата на Вулгарис, а под силен притисок на САД закажала избори на 31 март 1946 година. На својот пленум, одржан на 12 февруари 1946 година, КПГ

---

[139] Исто така, стр.63
[140] Исто така, стр.66
[141] Џон Гедис, Хладни рат, Клио, 2003, Белград, стр.55
[142] Марк Мазовер, Откако војната заврши, Евро Балкан Прес, 2007, стр.16

дефинитивно решила да апстинира од изборите. Коалицијата на партиите на ЕАМ, Социјалистичката партија и некои други помали партии, го сторија истото.[143]

На 31 март 1946 година, во услови на граѓанска војна, биле одржани парламентарните избори. Изборите ги набљудувале, американски, англиски и француски групи на набљудувачи. Советскиот Сојуз не испратил свои посматрачи.[144]

Според официјалните податоци, резултатите од изборите биле следниве: Популистичката партија во коалиција со партијата на Гонатас освоила: 609.000 гласови, 205 пратенички места. Националниот сегрчки сојуз – ЕПЕ (Венизелос – Папандреу – Канелопулос): 213.000 гласови, 68 пратеннички места. Либералите: 200.000 гласови, 48 пратенички места. Националната партија на Н.Зервас: 65,000 гласови, 20 пратеници.

Проценките за бројот на апстинентите бил различен и според некои извори се движел од 45%, во официјалниот извештај на меѓународната посматрачка мисија се тврдело дека апстиненцијата изнесувала само 9,5%.[145]

По одржувањето на парламентарните избори на 1 септември 1946 година бил организиран плебисцит. Според официјалните резултати објавени од државните органи, 68,3% од избирачите гласале за монархијата. Така на 26 септември 1946 година се вратил кралот Георги II, со што била реставрирана монархијата во Грција.[146]

Со создавањето на Главниот Штаб на 28 октомври 1946 година партизанските сили беа обединети под единствена команда, а на 27 декември истата година, со наредба на ГШ, партизанската војска се преименува во Демократска армија на Грција (ДАГ). Во согласност со спогодбата меѓу КПЈ и КПГ од 14 октомври 1946 година македонските партизански единици во текот на ноември се расформираа и борците влегоа во составот на ДАГ.

Омасовувањето на оруженото движење и борбената активност на ДАГ, во зимата 1946 – 1947 година биле ограничени, што се должи на тактиката на КПГ, оружената форма на борба да ја користи како средство за притисок врз десницата за мирољубиво решение на грчкото внатрешно прашање.[147]

---

[143] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 1998, стр.93
[144] Исто така, стр.94
[145] Исто така
[146] Исто така, стр.115
[147] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 1998, стр.121

Оперативниот план на ГШ на ДАГ за 1947 година предвидувал преку интензивна офанзивна дејност да се стабилизира основната слободна територија со центар на Грамос и на Вичо и проширување кон Епир и северозападна Македонија со градовите Коница, Гревена, Јанина и Лерин.[148]

Меѓутоа на 23 февруари 1947 година е одржано воено советување на атинскиот режим на кое било донесен оперативен план за пресметка со ДАГ во 1947 година.[149]

На 9 април 1947 година, со учество на 80.000 луѓе од разни родови на вооружените сили, почнаа првите големи воени операции на владината армија против ДАГ, врз основа на оперативниот план "Терминус".[150]

На 1 септември 1947 година Захаријадис со писмо до Жданов го информирал советското раководство за развојот на ситуацијата во Грција по неуспешната офанзива на владината армија и оперативниот план "Терминус" против ДАГ. За развојот на ДАГ, што претставуваше услов за победоносен исход на борбата и за да може ДАГ успешно да и се спротивстави на американската интервенција во Грција, Захаријадис побарал поголема помош во оружје, воен материјал и облека и им се заблагодарил на Советите, Југословените и на Албанците за помошта што му ја даваат на ДАГ. Во истото писмо Захаријадис побарал од советското раководство децидно и официјално да го изрази својот став спрема Грција, односно да го осуди атинскиот режим и да ја признае демократска Грција што ја создава ДАГ.[151]

Кон крајот на 1947 година и почетокот на 1948 година, ДАГ се најде под континуиран силен притисок на владините сили на кои не успеваше да им се спротивстави со многубројниот помал состав на армијата со која располагаше.

Во такви услови раководството на КПГ реши главната битка со противникот во 1948 година ДАГ да ја даде на Грамос.

Од 14 јуни до 20 август 1948 година на Грамос (западна Македонија) е водена најголемата и најкрвавата битка во текот на Граѓанската војна во Грција. Дури 60.000 владини војници и голем број формации на МАИ (единици за национална безбедност) и на жандармеријата, вооружени со најмодерно американско оружје, со бројна артилерија, ги нападнаа единиците на ДАГ кои броеја околу 11.000 борци вооружени со лесно оружје, минофрлачи и со неколку топови. Битката траела 70 денови. Ноќта на 20 спроти 21 август 1948 година силите на ДАГ, десеткувани, го напуштиле Грамос и

---

[148] Исто така, стр.125
[149] Исто така
[150] Исто така, стр.126
[151] Исто така, стр.137

се префрлија на подрачјето на Вичо. Последиците од битката за Грамос биле тешки и решавачки. Освен големите загуби во луѓе и во материјал, ДАГ ја загубил најголемата територија со огромно стратегиско значење. Битката на Грамос во голема мера ја запечатила судбината на ДАГ, а по поразот воената команда ја превзема Никос Захаријадис.[152] Замислата на владините сили за целосно ликвидирање на ДАГ не успеало, затоа што ноќта помеѓу 9 и 10 септември 1948 година на месноста на Мали Мади, Бичо, ДАГ во контранапад успеала да ги разбие владините сили.[153]

Заздравувањето на ДАГ на воено тактички план по битката на Грамос не било успешно ниту можно, особено по донесувањето на Резолуцијата на ИБ од 28 јуни 1948 година, настан кој ќе има негативен ефект врз севкупниот развој на политичко безбедносната состојба во Грција и особено во Егејска Македонија. Затварањето на границите на Албанија и на Бугарија на 3 мај 1949 година и на Југославија на 10 јули, како и враќањето на Никос Захаријадис од Москава на 11 април 1949 годиина, каде му било наредено ДАГ да ја прекине борбата, било само уште една потврда дека сферите на влијанија помеѓу големите сили веќе стапиле на сила. Голем број на офанзиви на ДАГ завршиле неуспешно, а мосовни биле апсењата низ цела Грција на лица кои биле осомничени за делување против владиниот режим.

Последната битка помеѓу владините сили на Грција и потполно изолираната ДАГ, започнала на 2 август и завршила на 30 август истиот месец. Единиците на ДАГ се повлекле во Албанија каде биле потполно обезоружани. Битката на Грамос завршила и заедно со неа завршила и тригодишната херојска, крвава, нерамна и неперспективна борба на ДАГ.[154]

## Прокламацијата на Трумановата доктрина и македонското прашање

САД своето одлучувачко финансиско влијание во Грција го воспоставиле после јули 1946 година, а веднаш потоа ќе започне политичко и воено влијание на долг рок почнувајќи од почетокот на пролетта 1947 година. Непосредно пред прогласување на новата американска политика кон Грција и Турција, по податоците кои ги наведува

[152] Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, ИНИ, Скопје, 1998, стр.147
[153] Исто така, стр.150
[154] Исто така, стр.159

Кофас*, 54% од странската помош се потрошени на воени потреби, додека за подобрување на грчката економија оделе скромни 21%. Економскиот колапс со големиот раст на трошоците за живот, е почеток на "третата рунда" на внатрешен вооружен судир во 1946 година и општа политичка нестабилност, комбинирани со незалечените последици од разурнувањата во Втората светска војна, ја принудиле владата на Цалдарис во летото во 1946 година во Лондон да побараат заем од неворајтни шест милијарди долари, со кои требало да го залечат исрцепеното грчко општество и државата. Претседателот на владата јавно предупредувал дека неговата земја е "опкружена со окупациони комунистички армии" и дека Грција нема сили самата да ги преживее, економските и социјалните предизвици, без надворешна помош.[155] Висината на процентот наменет за воените потреби само ја отсликува вистинската намера на сојузниците. Воено-безбедносното стабилизирање на Грција било клучен приоритет во тој момент.

Со се подраматичното влошување на односите со Советскиот Сојуз на речиси сите "допирни точки", САД се нашла како основна сила во „одбрана на Западот", при што се довел неминовен заклучок дека Грција како единствена балканска држава која останала надвор од комунистичкиот блок, треба да биде набљудувана како важен дел од ланецот на стратешката одбрана, алка од системот "Northern Tier"-(Северна трансверзала) која ги вклучувала уште Турција и Иран, за што во септември 1946 година во Белата куќа бидат превземени одлучувачки чекори.[156]

Предлог за поголемо учество на САД во грчкото прашање, Британците го упатиле кон крајот на 1945 година. Труман го овластил Стеј департментот да започне преговори со Велика Британија, додека од грчката влада побарал да излезе со економска програма нудејќи ја помошта со своите стручнаци и пари. Во текот на целата 1946 година немало напредок, додека грчката влада во декември не ја прифатила американската понуда.[157]

Уште од почетокот на 1946 година јасна била намерата за економската помош на САД во Грција, а особено по објавувањето на Владата на Велика Британија

* John V.Kofas, Intervention and Underdevelopment, Greece during the Cold War, Pensilvania State University Press-University Park and London 1988

[155] Проф. Д-р Милан Ристовић, Труманова доктрина, грчка и југословенске реакције (1947-1949), стр.85, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=a0ead491-2919-407d-a863-3f553dad8c6e&articleId=81eaf3a0-ef3c-4f27-988e-23f9e37b85c7

[156] Милан Ристовиќ, Труманова доктрина, грчка и југословенске реакције (1947-1949), of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2008, стр.86, http://www.ceeol.com

[157] Милан Ристовиќ, Труманова доктрина, грчка и југословенске реакције (1947-1949) Стр.86, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2008, www.ceeol.com

дека не ќе можат повеќе да продолжат со подршка и помош за Грција и Турција со кои ги снабдувала, а на 24 февруари 1947 година преку амбасадорот во Вашингтон ја известиле владата за одлуката.[158] Велика Британија била финансиски исцрпена, која и самата во текот на Втората светска војна дошла во голема зависност од американските заеми, продолжувајќи и понатаму да се задолжува во странство. Исто така британската влада во Бретон Вудс 1944 морала да ги прифати новите принципи на поствоената економска политика заснована на слободна трговија, слободно движење на парите преку националните граници, со што е отфрлен ситемот на заштита на британската економија, воведен во 1932 година, на конференцијата во Отава, која со преференцијален ѕид се затворила во рамките на својата империја.[159] Во врска со одлуката на Велика Британија претседателот Хари Труман одржал неколку средби и советувања со члeновите на кабинетот и други политички авторитети. На 27 февруари ја повикал групата на конгресмените на двете партии (републиканците и демократите м.з.) предводените од нивните лидери за двостарни дискусии за ново настаната ситуација.[160] Економското стабилизирање било едно од приоритетите на американската надворешна политика во оние земји каде се чуствувало засилениот притисок на советското влијание, пред се во Турција и Грција. Во јануари 1946 година Export-Import Банката потпишала договор со Грција за заем во висина од 25 милиони долари. Во исто време американскиот амбасадор во Атина до грчката влада испорачал нота одобрена од претседателот Труман, укажувајќи дека се потребни ургентни и енергични мерки за решавање на економските тешкотии.[161] Но сепак и покрај одобрените средства од страна на банката грчката влада не успеала истите да ги искористи во текот на првите осум месеци, пред се должејќи на слабата економска политика на владата и на слабоста на грчата администрација.[162] Во Атина на 18 јануари 1947 година, стигнала американска економска мисија која ја предводел Paul Porter, поранешен раководител на Канцеларијата за цени и управа. [163]

---

[158]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1952-00-00&documentid=5-3

[159] Милан Ристовиќ, Труманова доктрина, грчка и југословенске реакције (1947-1949) Стр.85, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2008, www.ceeol.com

[160]"The Truman Doctrine", ca. 1952. President's Secretary's Files, Truman Papers, The Greek- Turkish aid program,http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1952-00-00&documentid=5-3

[161]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?documentdate=1946-08-07&documentid=4-1&pagenumber=1

[162] Исто така..

[163] http://www.ceeol.com, Милан Ристовиќ , Труманова доктрина, грчка и југословенске реакције (1947-1949), стр.86

Во февруари 1947 година веднаш по ангажирањето на економската мисија во Грција, во Белата Куќа се појавиле двете клучни прашања, по претставувањето на британските забелешки и ситуацијата пред делегацијата на конгресот.

Првото прашање кое било покренато е колку сето тоа би чинело и второто прашање, е каква корист би имале САД за тоа. Некои сугестии оделе кон тоа дека работите треба да се претстават на јавноста како помош за Грција, дека тоа се прави за Грците кои се популарни во оваа земја, претставуваат лоби група, компактна етничка заедница, итн. Но аргументите по првото прашање не оделе многу далеку во однос на нивната издржливот. Второто прашање кое било поставено за дискусија е дали тоа ќе значи извлекување на британскиот жежок костен надвор од оганот? Кога оваа точка била поставена, имало многу спротивставени реакции.[164] Прашањето е колку во тој момент САД навистина биле подготвени да се инволвираат во состојба која директно би ги соочиле со СССР и во држава каде мнозинството од народот бил под влијание на комунистичката партија на Грција но и на СССР. Сепак уште во самиот старт дискусиите оделе во насока дека била потребна директна интервенција на САД бидејќи влијанието на СССР се чувствувало и во други земји клучни за стратешките интереси на европскиот континент.

По однос на точката која се однесувала на британското повлекување се изјаснил државниот секретар Dean Acheson*[165] кој настапил со многу отворена дискусија за целата ситуација при што истакнал дека: *"Во изминативе осумнаесет месеци позицијата на демократиите низ целиот свет е материјално влошена. Додека секратарот James F. Byrnes и Сенаторите Conally и Vandenberg оделе од конференција на конференција обидувајќи се да ја одржат заедно суштината на меѓународната соработка, Русите се ангажирале и се обиделе со систематска политика да ги обиколат Германија и Турција со држави во кои доминирал СССР".*[166]

Таквата политика на СССР била во насока на остварување на нејзините глобални геостратешки интереси за обезбедување на што подобри позиици во однос на САД.

---

164 http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1947-02-00&documentid=8-4

52 *Американски државен секретар (21 Јануари 1949 година до 20 Јануари 1953 година). Во администрацијата на претседателот Хари Труман има една од глучните улоги во создавањето на-(стр.18) клучните надворешно-политички и стратешки документи, како и восоздавањето на неколку меѓународни институции.(НАТО, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка)

166 Meeting Notes, ca. February 1947. Subject File, J.M. Jones Papers, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1947-02-00&documentid=8-4, стр.1

Во однос на заобикулувањето на Турција од страна на СССР, постоеле два крака. Едниот бил насочен кон Иран, а другиот на Грција. Обидот да се доминира во Иран не успеал. Обидот во Грција во голема мерка имало успех, но се уште немало одлучувачко влијание.[167] Во истиот документ јасно се става до знаење дека обидите да се инсталира руско влијание било во насока на помагање на кумунистичкото востание на северните граници во соседство во кое доминирале комунистички земји.[168]

Од страна на САД активностите на СССР во Грција, биле следени и во контекст на големото влијание кое тие го оствариле и во Унгарија, Италија, Франција и Австрија. Во тие моменти во Франција, комунистичката инфилтрација била толку успешна, што Русите кога и да посакале можеле да го „извлечат ќилимот". Во Италија комунистичкото влијание пораснало енормно, во Унгарија напредувало, а во Австрија одело многу добро.[169] Влијанието на СССР преку комунистичките партии во овие држави во најмала рака би можело да предизвика политичка криза во секое време. Американската администрација уште во почетокот знаела кои се клучните точки и во која насока требало да се одвива програмата за помош за Грција, а тоа било опремувањето на грчката армија со што ќе може да се поврати редот и мирот, да се овозможи евентуално намалување на грчките воени трошоци со што не би се дозволило исцрпување на грчката економија и да се овозможи реконструкција на грчката економија и администрација со што би се допринело за самоиздржување[170], со што би се овозможило Грција да стане политички и економски стабилна земја, бидејќи ширењето на географскиот простор со држави на просперитет и стабилност било императив за глобалните геополитички интереси на САД во попречување на продорот на руското влијание. Уште еден аргумент дека САД и СССР контролата на средоземноморскиот басен како иcлкучително значајна геостратешка точка го гледале во контекст на своите глобални политички интереси е излагањето на државниот подсекретар за надворешни работи Dean Acheson кој на 21 февруари го изнел своето песимистичко мислење пред George Marshall, новиот американски државен секретар за надворешни работи (кој во јануари 1947 година на тоа место го заменил Берни), дека

[167]Исто така
[168]Meeting Notes, ca. February 1947. Subject File, J.M. Jones Papers, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1947-02-00&documentid=8-4
[169] Исто така, стр.2
[170] Meeting Notes, ca. February 1947. Subject File, J.M. Jones Papers, стр.3, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=4&documentdate=1947-02-00&documentid=8-4

*"капитулацијата на Грција пред советската власт, заради недоволна помош од страна на САД и Велика Британија можело да значи најверојатно и загуба на целиот Близок и Среден Исток, како и Северна Африка".*[171]

Во непосредната близина на Средоземјето се наоѓала најважната поморска комуникација на Средоземното Море. Таа била само дел од светскиот пловен пат: Атлантик – Средоземно Море – Индиски Океан – Австралија. Исто така во рамките на Средоземјото исклучително значење имаат мореузите и теснеците: Гибралтар, Босфор, Дарданели и Сеуц.[172]

Неопходноста од ургетна помош за грчката држава ја барале и американските дипломати. Амбасадор во Атина Mac Veagh на 3 февруари 1947 година го известил Вашингтон за гласините дека може да дојде до потполно или значително повлекување на британските воени сили од Грција. Од својата влада побарал итно да се разгледа можноста за давање помош, поради неможноста Британците да продолжат со своето учество за давање подршка на владата во Атина, која не била способна сама да се избори со левичарската герила и економските проблеми. До ист заклучок за можен општ крах на владата во Атина, дошле и Porter и американскиот претставник во истражната комисија на ОН, Mark Ethtridge. Британската влада во Вашингтон на 21 февруари 1947 година го пренела меморандумот на својата влада на САД, во кој се вели дека состојбата на Британската економија дозволува помош на Грција да и биде овозможена само до крајот на март.[173] По скенираната воено - безбедносна, политичка и економска состојба во Грција од страна на американската администрација, била донесена одлука која ќе значи директно инволвирање и интервенција на САД во внатрешните работи на Грција.

Прокламацијата на трумановата доктрина која се однесува на директната помош за Грција и Турција, директно се врзува со обраќањето на претседателот на САД, Хари Труман пред конгресот на 12 март 1947 година. Тоа беше моментот кога јавно и отворено се најави директна американска помош во Грција и Турција.

Програмата за помош на Грција и Турција била директен одговор на апелите упатени до владата на САД од страна на владите на Грција и Турција, за финансиска и економска помош во пресрет на итноста со која се соочиле двете земји на почетокот во

---

[171] Др Милан Ристовиќ, Труманова Доктрина, Грчката и Југословенска реакција (1947 – 1949), Currents of History (Tokovi istorije), isssue: 1-2/2008, pages:84-112, on www.ceeol.com, стр.87

[172] Тодор Чепреганов, Велика Британија и македонското национално прашање 1944 – 1948, ИНИ, Скопје, 1997, стр.65

[173], Др Милан Ристовиќ, Труманова доктрина, грчка и југословенске реакције (1947-1949), стр.86, http://www.ceeol.com

1947 година. Заканата од комунистичка доминација која постоела над двете земји без надворешна помош, Грција нема да можела да ја преживее како независна демократија, а потоа можеби и Турција не би можела да даде отпор на притисокот на кој била подложена од страна на Советскиот Сојуз.[174]

Пред конгресот Хари Труман прави економско-безбедносна паралела помеѓу двете земји при што било констатирано дека во текот на војната двете држави примиле помош од Велика Британија и САД. Турција ја одржала својата независност, но Грција потпаднала под доминација на нацистите и четири години под непријателска окупација предизвикало големо уништување на нејзините извори, со што и по две години по ослободувањето на земјата, бил направен мал прогрес кон насока на обнова и покрај помошта за обнова од ООН, дополнета со значителна помош од Велика Британија.

Во однос на заканите од комунистите за политичка доминицаија во Грција, во обраќањето на претседателот Трумен пред Конгресот се вели дека ..*"Комунистичките елементи ја искористиле ситуацијата и државата била растргната од граѓански вооружен судир во голема мерка подржана од герилата подржана од комунистички групи надвор од државата"*. [175]

САД во користењето на терминологијата сметале дека треба да бидат особено претпазливи, се со цел да не ги обвинуваат директно СССР за одредени сосотојби во некои држави, а за кои со сигурност се знаеле за нивно големо влијание и присуство. На овој начин бил извршен вешт дипломатски маневар со што се избегнувало да се нагласува или потенцира било каков анимозитет на САД кон СССР, со што би можело да се предизвика контрареакции во светот, прилика која со сигурност би била искористена од страна на СССР за контраобвинувања.

Таквите сугестии дошле од потсекретарот Dean Acheson, кој сметал дека САД не треба да зборуваат провокативно, особено да не се наведуваат директни обвинувања кон СССР и наместо тоа да се зборува за ширењето на комунизмот без особено директно поврзување кон руска насока.[176]

Очекуваната промена на силите во Грција, наговестена е и во југословенскиот печат, кој пред донесувањето на Резолуцијата на ИБ имал антизападен став. Така белградска Политика на 9 март (1947) напишала за „подготовката на САД за

[174]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?documentdate=1952-00-00&documentid=5-3&pagenumber=1
[175] Исто така
[176] Truman doctrine, Meeting Notes, ca. February 1947. Subject File, J.M. Jones Papers, Стр.3, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=4&documentdate=1947-02-00&documentid=8-4

превземање на обврската од Велика Британија во Грција", наведувајќи ги ставовите на претставникот на левичарската ЕАМ (Фрон за национално ослободување), дека „мешањето на Американците во внатрешните работи на Грција претставува општа опасност по мирот". Посебен акцент е даден на наводот превземен од Јунајтед прес, дека САД „во Грција ќе ја превземат улогата на заштитник на империјалистичките интереси на штета на грчкиот народ". Специјалниот дописник од Грција, Михајло С. Петровиќ пишувал дека „грчкиот народ бара сите тутори и кандидати за тутори, да го оставaт во мир".[177]

Покрај Грција, вниманието на САД било насочено и кон Турција, која играла големо значење во Средниот Исток.

Претседателот Труман пред конгресот навел дека економските услови во Турција биле помалку сериозни, нацијата била под постојат притисок на советската влада и каде се барало одржување на армиските сили во полна готовност. Се стравувало дека доколку продолжи ситуацијата, турската способност да го издржи притисокот ќе биде уништена. Интегритетот на Турција бил основа да се зачува мирот на Средниот Исток.

Труман бил свесен дека со инволвирањето на САД во давањето на помош на Грција и Турција би можело да значи и голема импликација за нејзината надворешна политика, за што и бил подготвен да дискутира пред конгресот. При тој повод, истакнал дека целта е да се одбрни слободата на луѓето, националниот интегритет и институциите од налетот на агресивните режими, кои би можеле да ги поткопаат темелите на меѓународниот мир, а со тоа и безбедноста на САД. [178]

Колкав бил стратешкиот интересот на САД во Грција и Турција може да се види и од пораката на Хари Труман до Конгресот, а тоа е дека доколку не им се даде помош на Грција и Турција во тие "судбоносни часови", далеку повеќе последици би имал Западот отколку Истокот, па затоа САД треба да превземе итна и одлучувачка акција.

Од тие причини Труман од Конгресот побарал подршка за помош на Грција и Турција во износ од 400 милиони долари за период завршно со 30 јуни 1948 година.

---

[177] Др Милан Ристовиќ, Труманова Доктрина, Грчката и Југословенска реакција (1947 – 1949), Currents of History (Tokovi istorije), isssue: 1-2/2008, стр.88, on www.ceeol.com, стр.87

[178]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?documentdate=1952-00-00&documentid=5-3&pagenumber=1

Сумата од 400 милиони долари биле надвор од помошта за обнова и развој која изнесувала 350 милиони долари. [179]

Покрај барањето за помош во пари, било упатено и барање да се овозможи помош од цивилен и воен американски персонал кој би учествувал во реконструкција и би имал ревизорска улога во однос на трошењето на средствата, а исто така да се овозможи и обука на грчки и турски перонал.[180]

Трумановата доктрина беше прва од мерките превземени од страна на САД и која всушност беше дел од пошироката политичка стратегија на "задржување" (containment) насочена кон СССР, која беше проследена и со економска обнова на Западна Европа преку Маршаловиот план и военото задржување преку формирањето на НАТО во 1949 година.

На 22 мај 1947 година бил одобрен и Законот за подршка и помош на Грција и Турција, каде повторно се нагласува дека финансиската и друга помош за Грција и Турција е наменета за зачувување на нивниот националниот интегритет и опстојување како слободни нации. Дека националниот интегритет и опстојувањето на овие нации е важно за националната безбедност на САД. Исто така во законот е нагласено и дека Советот за безбедност при ООН, утврдил нестабилна состојба на границата помеѓу Грција од една страна и Албанија, Бугарија и Југославија од друга страна.[181] Законот предвидел финансиска конструкција од 400,000,000, милиони долари.[182]

Влијанието на американската помош допринела грчката држава да постигне развој и напредок во повеќе општествено-економски сфери кои пак допринеле кон нејзина стабилизација и покрај големиот број на противречности на грчкото општество. Почнувајќи од работничкото движење и работната сила[183], САД инвистирале и пружиле помош во јавното здравје, реконструкција на автопатиштата и железничките пруги, социјалната заштита, реконструкција на пристаништата и цивилното воздухопловство, како и во рударството и транспортот[184]. Стручен кадар на американската мисија помогнале да се решат платите и спорните работни саати,

---

[179]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=4&documentdate=1947-03-12&documentid=5-9, стр.4

[180] Исто така.. стр.5

[181]Public Law 80-75 - Assistance to Greece and Turkey, May 22, 1947. President's Secretary's Files, Truman Papers,стр.1,http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?pagenumber=1&documentdate=1947-05-22&documentid=5-2

[182] Исто така

[183]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/doctrine/large/documents/index.php?documentdate=1952-03-01&documentid=9-1&pagenumber=1, Press Release, Economic Cooperation Administration Mission to Greece, March 8, 1952. Subject File-Greece, F. Lincoln Papers

[184] Исто така

препорачале модерна легислатива за работните односи, пружиле помош на работната сила и менаџментот во планирање за зголемување на продуктивноста, со што сите фракции признавале дека тоа било голема надеж за индустрискиот проспоритет на Грција. Исто така биле обезбедувани и посебни програми за обуки за грчките државјани во САД, кои подоцна стекнатото искуство го пренесувале во Грција.

Според извештајот на американската мисија објавен на 1 Март 1952 година, видно било влијанието на САД во работничкото движење и работната сила на Грција, при што во извештајот се наведува дека „..секој обид за контрола на грчкото работничко движење од страна на комунистите бил задушен од страна на демократските елементи во самото движење. Од почетокот на 1952 година, комунистичкото влијание во Грчкото општество било ограничено и сведено на минимум само во неколку зедници, јасно утврдени без никаква моќ и изолирани од масовна подршка..“.[185] Во однос на обновата и изградбата на автопатиштата и железничките пруги според многу набљудувачи, градежништвото во Грција со американска помош ќе биде најголемо поединечно постигнување од програмата за обнова.[186]

Со одобрувањето на американската помош, 1947-та година ќе биде одлучувачка за поразот на левите сили односно комунистите во Грција кога до израз дошло и насилството насочено кон македонското население, со што ќе биде и запечатена судбината на Македонците во Грција кои се најдоа на страната на комунистичката партија. Исто така бројни биле повиците и апелите од страна на грчките официјални претставници кои се однесувале за конечна пресметка со славофонското населние односно со Македонците во Егејска Македонија.

Грчкиот армиски инспектор Spiliotopoulos изјавил: “Секој оној кој нема да сака да се бори против Славјаните и нивните сојузници, Комунистите, нема да може да се смета за Грк“ (весник “Elefteria Ellada” од 6 Февруари 1947 година), додека пак Зервас зборувајќи во градот Бер изјавил: “Грција смета на помошта од Англо-саксонците против силите на славјанството“ (весник “Embros” и “Fos”, 23 Март 1947 година).[187]

Со инволвирањето на САД и грчкото прашање добило поинаква меѓународна димензија, со што дипломатската битка се пренела во Генералното Собрание на ООН.

---

185 Исто така, документ Press Release, Economic Cooperation Administration Mission to Greece, March 8, 1952. Subject File-Greece, F. Lincoln Papers стр.3

186 Исто така, стр.1

187 The Greek question, Speeches of Soviet delegates at the UN General Assembly, September-october, 1947, “Soviet News” London 1947, стр.7 (Советската делегација во Генералното собрание одлучно ги негирала обвинувањата на Грција и Западните земји, дека помош за партизанското

За време на одржувањето на пленарните седници на Генералното Собрание во ООН во 1947 година од септември до октомври евидентни биле меѓусебните обвинувања за вооружени провокации, како и тоа дека Југославија, Албанија и Бугарија даваат директна помош на партизанското комунистичко движење во Грција во кое учествувале голем број и на Македонци.

Од денешна историска дистанца, се наметнува една друга дилема, а тоа е колку македонското прашање беше вешто искористено од страна на југословенската политка со цел неутрализирање на воено-политичкиот притисок на западните сојузници кон границата со Австрија и Италија, особено во пресрет на заладувањето на односите со СССР. Притоа мора да се земат во предвид новите принципи на надворешната политика на ФНРЈ кои веќе беа погоре споменати, а тоа е дека Југославија своите територијални претензии ги насочила кон Словеначкото приморје со Трст, Истра и словенскиот дел од Корушка. Целата 1946 и 1947-та година, Југословенската федерација се соочувала со предизвици во поглед на меѓугранични вооружени инциденти на границата помеѓу Југославија и Австрија[188], кои всушност беа континуитет на провокациите на американската авијација во 1946 година, за што според информациите на Тањук во периодот од 10 до 20 август имало вкупно 110 прелети на англо-амриканските воени авиони.[189] Меѓутоа интерес факт е тоа што и покрај надмоќноста на американската авијација, сепак еден американски воен авион бил срушен и тоа за време на одржувањето на Париската мировна конференција. Веднаш поради овој инцидент се состанале советската и југословенската делегација. Спрема сведочењето на Дедијер, Молотов од Кардељ, налутено побарал објаснување, притоа додавајќи: „Зарем Вие не знаете дека тие имаат атомска бомба?„“, на што еден член од југословенската делегација најверојатно (Ј.Становник?), неумесно одговорил: “Многу важно, тие имаат атомска бомба, а ние имаме партизанска бомба“.[190] Исто така по париската мировна конференција во 1947-та година Југославија ги потпишала мировните договори со Италија, Бугарија, Унгарија и Романија, со што дополнително се нашла под притисок за одредени политички отстапки.

---

[188] Protestna nota vlade FNRJ Kontrolnom savetu za Austriju o pograničnim incidentima na jugoslovensko-austrijskoj granici, 21. februara 1947, стр.826, Branko Petranović, Momčilo Zečević: Jugoslavija 1918-1988. Tematska Zbirka Dokumenata, RAD, Beograd 1988

[189] Исто така, стр.817, Saopštenje „TANJUGA" o ponovnim povredama vazdušnog suvureniteta od strane Anglo-Američkih aviona,

[190] Darko Bekić, Jugoslavija u hladnom ratu, Globus, Zagreb, 1988, стр.26

Трумановата доктрина сама по себе е основата на американската надворешна политика за време на Студената војна. Исто така таа претставувала основата на ограничување на советското влијание и поствоениот либерален интернационализам. Труман ги нагласил клучните точки кои биле основата на ограничувањето, во негова последователна администрација и притоа тој ја дефинирал улогата на националната безбедност како дел од американската надворешна политика. Двете клучни точки биле политичката слобода и воената моќ. Труман тврдел дека примарна цел на американската надворешна политика, била да создаде услови во кои САД и другите нации би дејствувале на “начин на живеење ослободен од принуда“.[191]

Труман исто така отишол подалеку во дефинирањето на американското лидерство во однос на својот пристап на Студената војна. САД требало да ги подржуваат слободните народи кои се обидуваат да се спротивстават на обидите за потчинување од вооружените малцинства или пак да бидат надвор од нивниот притисок, со цел слободно да решаваат за својата судбина на свој сопствен начин. Политичката акција на Трумановата доктрина настојувала да го зајакне не-советскиот елемент, потикнувајќи ја политичката слобода и економскиот проспоритет. Неговата мисла ја оспорила тиранијата и истовремено промовирајќи ја слободата и неговата благосостојба. На овој начин Труман ја направил слободата централен дел уште во основањето на поствоената американска надворешна политика.[192]

---

[191] The first cold warrior, Harry Truman, Containment, and the
Remaking of Liberal Internationalism, Elizabeth Edwards Spalding, The University Press of Kentucky, 2006,стр.71
[192] Исто така, стр.71

## Глава III

# АМЕРИКАНСКАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИЧКА СТРАТЕГИЈА НА ПОТИСНУВАЊЕ-ЗАДРЖУВАЊЕ (“CONTAINMENT“) И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

## Политиката на потиснување или задржување “containment“

“Containment“ како глобална национална политичка стратегија на САД во однос на Трумановата доктрина има поширок геополитички и геостратешки контекст. Трумановата доктрина е инспирација на говорот на Хари Труман пред американскиот Конгрес и се врзува за директната политичка, економска и воено-безбедносна интервенција во Грција и Турција, а како последица од стравот за можниот продор на советското влијание длабоко на Балканот и Егејското Море, а со тоа и губење на контролата на Средоземното Море. Американската надворешна политика по завршувањето на Втората светска војна се водеше од позиција на клучниот национален интерес, а тоа е попречување на влијанието на СССР на било која точка од земјината топка.

Влегувањето на САД во Првата и Втората светска војна претставува резултат токму на нивната заложба да се воспостави рамнотежа на силите на евроазиската континентална територија. Обезбедувањето на територијалниот интегритет и суверенитет САД го гледале (и се уште го гледаат) преку спречување на можноста една или повеќе држави да воспостават доминација во Евроазија. Целата политика на „задржување“ или „попречување“ на Советскиот Сојуз длабоко во себе беше мотивиран од оваа идеја. Всушност “задржувањето“ суштински било апликација на размислата за рамнотежа на силите на посебна конфигурација на системот на држави, што се појави по 1945 година.[193]

“Containment” или во буквален превод “задржување“ е термин кој обично се користи за американската надворешна политика кон Советскиот Сојуз во период на поствоената ера.

---

[193] Јован Донев, Орел над Балканот, Надворешната политика на САД кон Балканот (1989-1998), Култура, 2002, стр.77-78

Геополитички, Америка е еден остров од бреговите на големата евроазиска копнена маса, чиишто ресурси и популација ги надминуваат тие на САД. Доминацијата на една единствена сила врз која и да било принципиелни сфери на Евроазија – Европа или Азија – означува добра дефиниција за стратешка опасност за САД, без оглед дали е Студена војна или не. Таквото групирање ќе поседува капацитети да ја надмине Америка економски, а на крајот и војнички. Оваа опасност, би требало да се попречи, дури и кога доминантната сила се појавува беневолентно, бидејќи, ако интенциите некогаш се изменат, Америка би се нашла себе си со сериозно намалена способност за ефикасен отпор, како и со зголемена неспособност да влијае на настаните.[194]

Идејата за задржување поаѓала од претпоставката, дека иако не може да постои еден свет, тоа не значи дека е потребна уште една светска војна. Тоа да би се постигнало, мирот би морал да се постигне со рамнотежа на силите, не смеело повторно да се допушти да се создаде јаз онаков што се создал во триесеетите години, јаз помеѓу желбите и можностите. Ако во Европа би се обновила геополитичката стабилност, времето би почнало да работи против Советскиот Сојуз и во корист на западните демократии.[195]

Вклучувањето во грчката криза, како поле на кое требало да се покаже одлучност во запирање на продорот на идеолошкото и политичкото влијание на комунизмот, за американскта администрација на почетокот на студената војна имало мобилизаторска улога на сопствената во тие моменти поради воените искуства во европските работи, прилично инертна јавност,[196] која претставува голем фактор и има големо влијание до денес во одлуките на американската надворешна политика.

"Containment" како геополитичка стратегија може да се дефинира и како користење на воена, економска и дипломатска стратегија преку која би се ублажило ширањето на комунизмот и влијанието во странство при тоа зголемувајќи ја американската безбедност со која ќе се превенира домино ефектот. Исто така и како политка составен дел од Студената војна, политика како одговор на серијата потези од Советскиот Сојуз за ширење на комунистичкото влијание во Источна Европа, Кина и Кореа. [197]

---

[194] Исто така, стр.78
[195] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.63
[196] Др Милан Ристовиќ, Труманова Доктрина, Грчката и Југословенска реакција (1947 – 1949), Currents of History (Tokovi istorije), isssue: 1-2/2008, pages:84-112, on www.ceeol.com, стр.87
[197] http://en.wikipedia.org/wiki/Containment

Како инспиратор на “Containment“ се смета George Kennan за што веќе погоре во трудот споменав. Успехот на Кенан го привлекло вниманието на George Marshall, кој во почетокот на 1947 година ќе стане државен секретар, решен да создаде поголема кохеретност на американската дипломатија со организирање на “Политика за планирање на кадарот“ која била оптоварена со “формулациите и развојот на долгорочна програма за постигнување на американските надворешно политички цели“. Неговото место во Вашингтон до тогаш било единствено, тој спаѓал меѓу врвните државници кај кој било искомбинирано знаењето и искуството за односите со СССР, нешто што би можеле да го наречеме експозитура за студии за “национална безбедност“ и позиција за одговорност од која може да дадат препораки за дејствување.[198]

Дека САД во целост ја прифатија континуираната преданост кон политиката на задржување, стана јасно во 1947 и во 1948 година преку серија мерки наменети за одржување на американските воени сили на ниво блиско до военовременското. Во 1948 година, на барање на претседателот (Труман), Конгресот одобрил ново регрутирање во војската и го обновил селективниот систем за воена служба. Во меѓувреме, САД откако не успеале да постигнат договор со СССР за меѓународна контрола на нуклеарното оружје, ги удвоија своите сопствени напори во атомските истражувања, подигајќи го нуклеарното вооружување на централно место во својот воен арсенал. Комисијата за атомска енергија, основана во 1946 година, стана контролно тело задолжено за надгледување на сите нуклеарни истражувања, како цивилни така и воени.

Посебно важен бил и Законот за национална безбедност од 26 јули 1947 година, кој создал неколку инструменти на надворешната политика. Ново министерство за одбрана ќе ги надгледува сите гранки на вооружените сили, обединувајќи ги функциите што порано ги вршеле министерствата на војната и на морнарицата. Национален совет за безбедност (NSC – National Security Council), кој ќе работи надвор од Белата куќа, ќе раководи со надворешната и воената политика. Централната агенција за разузнавање – ЦИА ќе биде одговорна за собирање информации и преку отворени и преку прикриени методи и како што продолжуваше Студената војна, за тајно ангажирање во политичките и воените операции за американските цели. Актот за

[198] John Lewis Gaddis, Strategies of Containment, Oxford University Press, 2005, стр.24

национална безбедност, со други зборови му даваше на претседателот проширани овластувања со кои ќе ги остварува меѓународните цели на нацијата.[199]

Законот за национална безбедност беше потпишан од страна на американскиот претседател Хари Труман на 26 јули 1947 година, кој имал за цел преструктуирање и реорганизирање на американската војска, надворешната политика и разузнавачката заедница по завршувањето на Втората светска војна.[200]Освен воената реорганизација, законот го формираше и националниот Совет за безбедност, со централно место во координација на националната безбедност во извршната власт и Централната Разузнавачка Агенција (ЦИА), првата разузнавачка агенција формирана во мирновременски услови.[201] Националниот Совет за Безбедност го сочинувале преседателот на државата, државниот секретар, секретарот за одбрана, армијата, морнарицата и воздушните сили, како и претседателот на новоформираниот Националниот безбедносен борд за ресурси*.[202] Тој ја сосредоточи во Белата куќа контролата што некогаш била широко поделена, му овозможуваше на претседателот да преземе воени акции без отворено објавување на војна и создаде механизми со кои владата ќе може понекогаш да дејствува политички и воено преку море зад превезот на тајноста.[203]

Со тоа концептот за национална безбедност бил институционализиран, што не било случај се до 1947 година. И покрај тоа што американците го држеле монополот на атомското оружје се до 1949 година, со што било негувано и верувањето дека “бомбата не е само победничко оружје“, но и нешто што би можело да ги смали трошоците за различните воени служби, John Gaddis сметал дека “Трумановата администрација никогаш не работела за стекнување на политичка корист од поседувањето на нуклеарното оружје“,[204] па од тие причини американската администрација уште во првите поствоени години својата одбранбена стратегија почнала да ја гради врз концепт која ги анимирала сите институции на државата да работат во таа насока.

Дека концептот на “containment“ имал широк дијапазон на мерки може да видиме и во конкретниот случај со Југославија кога веднаш по заладувањето на

---

[199] Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.640
[200] http://en.wikipedia.org/wiki/National_Security_Act_of_1947
[201] http://en.wikipedia.org/wiki/National_Security_Act_of_1947#cite_ref-2
* Тело со функција на цивилна одбрана
[202] Stephen A. Cambone, A new structure for national security policy planning, The centar for strategic and international Studies, 1998 Washington DC, стр.43
[203] Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.641
[204] Norman A. Graebner, The National Security Its Theory and Practice, 1945-1960 Oxford University Press 1986, стр.44

односите со СССР, претседателот Труман го одобрил документот од 18 февруари 1949 година, на Националниот Совет за безбедност со кој се предвидува ублажување на контролата за извоз во Југославија. Иако ова била економски формална и краткорочна одлука на претседателот, сепак имала значително политичко значење. Имено потребата да се одржи Тито на површина (“keeping Tito afloat”), како што е наведено и во самиот акт на Националниот Совет за безбедност, всушност ќе стане долготрајна, стратешка определба на американската политика кон Југославија.

Наједноставно објаснето таа политика (“keeping Tito afloat”), не била заинтересирана за развој на Југославија, онаква каква ја замислувале и планирале југословенското раководство, за потполно осамостојување, изградба на социјализмот и афирмација на меѓународната политичка сцена. Американската политичка подршка се сведувала само на одржување на режимот на власт како „жив пример на другите сателитски држави, дека одметнувањето од Москва е можно и исплатливо“.[205]

## Маршалов план, политичко-безбедносни и економски аспекти

САД кон крајот на Втората светска војна биле предодредени за улога на светски хегемон. Нејзините вооружени сили одиграле главна улога во завршување на тој судир. Нивната економска надмоќ била толкава со која можеле да го контролираат и начинот и брзината на европската обнова.[206]

Економската обнова, враќањето на безбедноста и спречувањето на ширењето на руското влијание во Западна Европа биле од клучно значење за американските национални интереси.

Маршаловиот план (1947) заедно со Северно Атланскиот Пакт (1949), беа круцијалниот фактор во темпото на западно европската материјалната обнова и духовно успокојување.[207]

Американците со завидувачка проценка успеале да ја спојат нивната првобитната визија за единствен меѓународен поредок изграден на начелото за заедничка безбедност со набрзина импровизираниот концепт со кој сакале да се

---

[205] Darko Bekić, Jugoslavija u hladnom ratu, Globus, Zagreb, 1998, стр.62

[206] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.58

[207] Petar Calvocoressi, World politics, 1945-2000, Pearson Education Limited, Edinburgh Gate, England, 2001, стр.215

спротивстават на растечката моќ и влијание на СССР. Тој концепт секако бил задржувањето, а неговиот главен инструмент бил **Маршаловиот план**.[208]

Но сепак Маршаловиот план имал економска суштина со цел обновување и реконструкција на Западна Европа и всушност претставуваше економска копонента на стратегијата за потиснување или задржување на комунизмот од негово ширење во интресните сфери на влијаниа кои припаѓаа на САД.

Како интегрален дел од политиката на задржување беше предлогот да се помогне во економската обнова на Западна Европа. За тоа имало многу мотиви: хуманитарна загриженост за европските народи, страв дека Европа ќе остане економски трошок на САД ако не може брзо одново да се изгради и да почне самата да се прехранува и желба за силеневропски пазар за американските стоки.[209]

Пред се американските творци на политиката верувале дека ако не може да се направи нешто за зацврстување на разнишаните проамерикански влади во Западна Европа, тие влади би можеле да паднат под контрола на брзо растечките домашни комунистички партии,[210] без разлика дали се работело за довчерашен фашистички непријател како што било случајот со Германија.

Намерите на САД и во однос на економската обнова на Германија биле јасни, односно дека нејзина економска ревитализација е повеќе од неопходна и тоа било клучно за европската економија. *"Клучот за европската економска обнова според моето мислење е да се зголеми производството на јаглен и челик во областа Рур. Ова е неопходно да се даде на Германија, количина која ќе биде доволна за нејзините потреби (не за да ја издегне како воено потенцијална) и да се оживее европската економија*",[211] ќе истакне **Mike Mansfield** (Март 16, 1903 – Октомври 5, 2001) долгогодишен политичар на демократската партија во претставничкиот дом на САД и дипломат.*

Економската обнова на Европа имало и други значајни ефекти за САД. Според **Mike Mansfield** доколку бидат искористени сопствените извори на Европа ќе запре зависноста од доларот, бидејќи ако Европа не ги искористи сопствените извори за

---

[208] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.63

[209] Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.639

[210] Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.640

[211] http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/marshall/large/documents/index.php?documentdate=ca.%20%201947&documentid=5-9&pagenumber=1

* http://en.wikipedia.org/wiki/Mike_Mansfield

економска обнова, товарот ќе продолжи да паѓа на САД и тоа со неодредени последици кои ќе бидат непријатни за двете страни дома и за во странство. [212]

Воената визија на повоениот поредок во Вашингтон се засновала на концептот на политичко самоопределување и економска интеграција. Таа би функционирала под претпоставка на постоење на еден број заеднички интереси, со што би се потикнала желбата кај другите држави, попрво да и се придружат отколку да и се спротивстават.

Во голема мерка Маршаловиот план одговорил на тој критериум, иако најпрвин тоа финкционирало во регионални отколку во глобални рамки. Тој навистина ја потикнал демократијата со посредство на економска обнова која се одвивала пред се на меѓународно отколку на национално поле. Неговата цел била несомнено создавање на американски сфери на влијание кои внатре би оставиле значителен простор на слобода.[213]

Како и да е маршаловиот план е инструментот кој послужил во имплементацијата на економската политика на САД која имала клучна улога во надворешната политика по Втората светска војна. Според Dean Acheson новата политика на САД значи дека треба да се оди чекор напред со цел да се искористат сопствените економски ресурси за подршка на надворешна политика. Тоа значело менување на концепти, за односот на економијата во светскиот мир.[214]

Уште еден од мотивите бил тоа што САД сакале да ја видат Западна Европа како голем, отворен и интегриран пазар за американскиот извоз, пазар кој воедно ќе помоне за ревитализација на американската економија.[215]

Меѓутоа американската администрација на чело со Труман и неговите советници ниту во еден момент не биле наивни. Тие во секој момент знаеле точно што сакаат, а потезите ги повлекувале само затоа што биле сигурни дека тие се во американски интерес. Тие никогаш потполно не ја препуштале иницијативата на Европјаните, тие инсистирале на интегриран план за економска обнова и умееле да ги зауздаат примателите на помошта кога нивните барање излегувале од рамките кои Конгресот бил подготвен да ги прифати, како што претходно го наведов примерот со

---

[212]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/marshall/large/documents/index.php?documentdate=ca.%20%201947&documentid=5-9&pagenumber=1
[213] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.65
[214]http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/marshall/large/documents/index.php?documentdate=ca.%20March%201947&documentid=1-3&pagenumber=1
[215]Martin Schain, The Marshall plan: fifty years after, PALGRAVE, New York, 2001, стр.14

Р.Грција[216] * Пред објавување на Маршаловиот план мора да се спомене и тензијата која постоела помеѓу генералната теорија на меѓународната политика на Труман, особено помеѓу американската независна акција и лидерството на ООН.[217] Таквата тензијата потоа била уште една од причините за унилатералниот пристап на САД во надворешната политика. Унилатералниот пристап бил како последица на политичките и економските случувања во Европа во текот на 1947 и 1948 година. Додека Европа се соочувала со остри зими и понатамошен економски очај, комунистичките партии на Франција и Италија создавале нова предност и било нејасно како Италија и Франција ќе се заштитат од превземањето на власта на комунистичките партии. Иако отфрлени од кабинетите на двете земји комунистите во мај 1947 година не го признале поразот.[218] Инфилтрирани од комунистите, разни политички партии, коалициони влади, мас медиуми во двете држави ја саботирале политичката, економската и воената обнова.[219] На 5 Јуни 1947 година во говорот  по повод промоцијата на Уневерзитетот во Харвард, Georg Marshall објавил дека САД ќе го помогнат светот во борбата против "гладот, сиромаштијата, депресијата и хаосот" и ќе помогнат светот да го врати "економското здравје". Џорџ Маршал притоа се обратил до европските нации да искалкулираат колку ќе чини реставрацијата на нивните економии, по уништувањето од Втората светска војна и потоа да ги поднесат бројките до Владата на САД.[220]

Претставниците на европските држави во јуни 1947 година се состанале со цел да ја утврдат вредноста и висината на помошта. Маршал го поканил и СССР на овој состанок. Единствен услов за евентуалната помош од САД бил тој што државата прималел на помошта треба да се согласи дека економската ситуација ќе биде проверена од надворешни набљудувачи. Советската делегација го отфрлила овој предлог и енергично ја напуштила конференцијата. Полска и Чехословачка и двете советски сателитски држави останале да присуствуваат на Париската конференција но им било забрането да направат било што без согласност на СССР.[221]

И покрај тоа технички маршаловиот план бил достапен и за СССР и земјите од Источна Европа, но политичките и економските критериуми и цели за Сталин биле

[216] Џон Л.Гедис, Хладни рат, Clio, 2003, стр.72 *(случајот со барањето за економска помош на грчката влада, кога без цврста економска програма се обидела да побара повеќе средства од веќе дозволениот кредит од страна на Export Import банката)
[217] Elizabeth Edwards Spalding, The First cold Warrior, The University Press of Kentucky, 2006, стр.87
[218] Исто така..стр.87
[219] Исто така..стр.88
[220] Dianne Durante, Jennifer L. Weber, Key Concepts in American History, Internationalism, University of Kansas, by DWJ BOOKS LLC 2010, New York, стр.64
[221] Исто така, стр.64.

однапред неприфатливи. Тие критериуми овозможувале на САД да ги добијат сите финснсиски податоци за земјите апликанти и дозволувало слободно претприемаштво. Двете супер сили САД и СССР гледале обид да се ослабне советската контрола во Источна Европа, а СССР гладал пример за "империјализам на доларот", создаден за воспоставување на влијанието на САД во Европа.[222]

Од времето на преговорите во Париз во јули 1947 година, СССР одлучиле дека учеството во предложената шема ќе биде со многу ризици и ги одбил понатамошните преговори. Всушност тогаш, советските разузнавачи во Британија го информирале Сталин дека САД, Британија и Франција одржале порано преговори во Лондон, со цел да се спречи понатамошното советско учество.[223]

Владата на ФНРЈ неофицијално била известена за акцијата на министрите за надворешни работи на Велика Британија и Франција по повод предлогот на генералот Џорџ Маршал, државниiот секретар на САД, за спремноста на владата на САД да помогнат на европските држави за нивната економска обнова. Со нота од 26 јуни 1947 година. Таа ги известила владите на Велика Британија, Франција и СССР дека е подготвена да учествува во разговорите доколку оваа акција „ја олесни економската обнова на европските држави и ја зацврсти мирољубивата соработка помеѓу народите и доколку ќе се заснова на принципите на Повелбата на ООН". Но веќе во јули истата година таа одбила да ја прифати Маршаловата помош. Помошта енергично ја отфрлила и владата на СССР. Југословенската влада сметала дека програмата за економска помош на САД е основана без нејзино учество.[224]

По нејзина оценка, помошта би овозможила големо мешање на странските сили во внатрешните работи на државите кои ќе ја примаат помошта, а и прашањето на Германија во услови на оваа помош би се решавало на начин спротивен на сијузничките договори. Претставникот на КПЈ на конгресот на КП на Франција во јуни 1947 година, Милован Ѓилас, говорел за „голем заговор" на американските империјалисти против слободољубивите народи.* Светот веќе се поделил на империјалистички и слободољубив дел во интерпретација на водечките комунисти, но

---

[222] Allan Todd, History for the IB Diploma: The Cold War, Cambridge University Press, 2011, стр.74-75
[223] Исто така, стр.75
[224] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.180
* Дел од ставовите на Џилас, случајно или не ќе бидат дел од Рефератот за меѓународната состојба на Андреј Жданов на основачкиот состанок на ИБ во септември 1947 година.

и Черчиловото толкување повторно на слободен свет и свет на комунистичката тиранија.[225]

И покрај тоа што САД и Маршаловиот план биле обвинети за империјалистички цели, како една од фундаметалните цели на програмата за помош била „создавање на максимални можности за помош на самите себе и заедничка помош на државите во регионот, а со што би се минимизирале барањата за помош од надвор. Затоа програмата во почетокот би требало да се насочи кон елиминирање на тесните грла и можност за поголема и итна помош во деловите каде постоеле ограничени ресурси".[226] Всушност тука може да го видиме и еден од клучните принципи и да ја видиме и една од клучните цели во американкста надворешна политика по Втората светска војна и за времето на Студената војна, а тоа е создавање на што поголем простор со безбедносна и економска стабилност, коридот кој ќе го попречи влијанието на Советскиот Сојуз.

Шеснаесет нации побарале вкупно 28 милијарди долари во помош. По дополнителни консултации, сумата била намалена помеѓу 16 и 22 милијарди евра. Труман ја доставил сметката до Конгресот на крајот од 1947 година со која била побарана 17 милијарди долари. Помоште помеѓу земјите требало да биде поделена на груба основа според бројот на население. Повеќе помош требало да добијат државите кои била на страната на сојузните, а помалку државите членки на Оската.[227]

Маршаловиот план се спроведувал во континуитет од четири години, а комулативно биле инвестирани вкупно дванаесет милијарди и седумстотини триесет и еден милион долари. Кон крајот на 1951 година Маршаловиот план бил заменет со Законот за заедничка безбедност.[228]

Маршаловиот план ќе смета за најуспешниот проект за странска помош дадена од страна на САД, а според денешните параметри висината од речиси 13 милијарди долари е еквивалетна со 93 милијарди долари во 2009 година.[229]

Програмата за помош за европските земји пред донела економска обнова, а подоцна тоа овозможило истите држави да се вооружат против заканата од Советскиот

---

[225] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.181

[226] Документ "Summary of State Department's Position of European Recovery Plan", August 26, 1947. Subject File, Clifford Papers, - http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/marshall/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1947-08-26&documentid=6-2, стр.2

[227] Dianne Durante, Jennifer L. Weber, Key Concepts in American History, Internationalism, University of Kansas, by DWJ BOOKS LLC 2010, New York, стр.65

[228] http://en.wikipedia.org/wiki/Marshall_Plan

[229] Исто така, стр.66

сојуз. Од 1950 година производството било зголемено за 25 % повеќе отколку пред периодот на Втората светска војна. Инфлацијата и невработеноста падналe, а соработката помеѓу владите на Западно европските земји се зголемила.[230]

Законот за заедничка безбедност потпишан на 10 Октомври 1951 година од страна на претседателот Хари Трумен ќе обезбеди дополнителни 7,5 милијарди долари за странска воена, економска и техничка помош за амриканските сојузници. Помошта пред се била потпора за Западна Европа, како резултат на развојот на Студената војна. Законот исто така ја укинал Економската администрција за соработка која менаџирала со Маршаловиот план, а ингеренциите биле префрлени на новоформираната Заеднична Безбедносна Агенција која е основана и потврдена со законите потишани на 10 Октомври 1951 и 20 Јуни 1952 година со цел подршка на воена, економска и техничка помош за пријателските нации и во интерес на меѓународниот мир и безбедност. Агенцијата била укината 1 Август 1953 година, а нејзините функции биле пренесени на Администрацијата на странски операции.[231]

Како што можеме да видиме од конкретниот случај американската надворешна политика се гради без никави импровизации и во континуитет, без притоа да се остави вакум простор кој би можел да и ги загрози нејзините витални интереси, еден закон заменува друг закон, една институција ги превзема ингеренциите од друга институција, при тоа во предвид се земаат само новонастанатите историски околности и услови, на кои американската политика била крајно внимателна и принципиелна особено кога во прашање биле односите со СССР.



**1.**

Графикон кој ни го претставува соодносот на финансиска помош за земјите опфатени со Маршаловиот План

[230] Исто така, стр.66
[231] http://en.wikipedia.org/wiki/Mutual_Security_Act

| Држава | 1948/49 ($ милиони) | 1949/50 ($милиони) | 1950/51 ($милиони) | Кумулативно ($милиони) |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | 232 | 166 | 70 | 468 |
| Белгија и Луксенбург | 195 | 222 | 360 | 777 |
| Данска | 103 | 87 | 195 | 385 |
| Франција | 1085 | 691 | 520 | 2296 |
| Германија | 510 | 438 | 500 | 1448 |
| Грција | 175 | 156 | 45 | 376 |
| Исланд | 6 | 22 | 15 | 43 |
| Ирска | 88 | 45 | 0 | 133 |
| Италија и Трст | 594 | 405 | 205 | 1204 |
| Холандија | 471 | 302 | 355 | 1128 |
| Норвешка | 82 | 90 | 200 | 372 |
| Португалија | 0 | 0 | 70 | 70 |
| Шведска | 39 | 48 | 260 | 347 |
| Швајцарија | 0 | 0 | 250 | 250 |
| Турција | 28 | 59 | 50 | 137 |
| Обединетото Кралство | 1316 | 921 | 1060 | 3297 |
| **Вкупно** | **4,924** | **3,652** | **4,155** | **12,731** |

**2.**[232]

[232] Графиконите 1 и 2 превземени од http://en.wikipedia.org/wiki/Marshall_Plan. Графиконот под ред. бр. 2 го прикажува заемот на секоја држава изразен во милиони долари по година и на крај комулативниот вкупен зеам за три години.

## Формирањето на НАТО пактот
## како воена компонента на "политиката на задржување"

Формирањето на Северно Атлантскиот пакт попознат како НАТО пакт, официјално е утврдено на 4 април 1949 година, со потпишување на Северноатланскиот договор, попознат како Вашингтонски договор. Договорот своето овластување го засновал на чл.51 од Повелбата на ООН, која го потврдува инхеретното право за независни држави како и за лична и колетивна одбрана. Колективната одбрана е во срцето на Вашингтонскиот договор, а содржана е во чл.5. Тоа ги обврзува членките да се штитат едни со други и да воспостават дух на солидарност во рамките на Алијансата.

Сепак и за формирањето на НАТО пактот треба да се спомене политичкиот контекст, а тоа беа политички настани кои допридонесоа за зголемување на тензиите помеѓу Источниот и Западниот блок, како што биле блокадата на Берлин од април 1948, во јуни 1948 пучот во Чехословачка и повторно директната закана за суверенитетот на Норвешка, Грција и Турција. [233]

Речиси во исто време, САД презедоа чекори за јакнење на воената способност на Западна Европа. Уверени дека обновена Германија е важна за надежите на Запад, Труман постигна согласност со Англија и Франција, да се обединат трите западни окупациони зони во една нова западно германска република (која ќе ги вклучи американскиот, британскиот и францускиот сектор на Берлин, иако тој град се наоѓа длабоко во советската зона). Сталин одговори брзо. На 24 јуни 1948 година, тој наметна цврста блокада околу западните сектори на Берлин. „Ако Германија биде официјално поделена", Сталин ставил до знаење дека тогаш западната влада на земјата ќе мора да го напушти своето упориште во срцето на источната зона што ја контролираат Советите.[234]

Труман одбил да го стори тоа. Не сакајќи да ризикува војна со евентуален воен одговор на блокадата, тој нареди да се воспостави масовен воздушен мост за снабдување на градот со храна, гориво и други материјали. Воздушниот мост продолжи повеќе од десет месеци пренесувајќи близу 2,5 милиони тони материјали, одржувајќи го градот од 2 милиони жители во живот и претварајќи го Западен Берлин во симбол на западната решеност да и се спротивстави на комунистичката експанзија.

---

[233] http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_67656.htm?

[234] Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.642

Во пролетта 1949 година, Сталин ја укина тогаш неефикасната блокада. А во октомври, поделбата на Германија во две нации – Федерална Република на запад и Демократска Република на исток – стана официјална.

Кризата во Берлин го забрза консолидирањето на она што веќе всушност беше алијанса меѓу САД и земјите на Западна Европа. На 4 април 1949 година, дванаесет нации потпишаа договор со кој се основаше Северноатланската договорна организација – **НАТО (North Atlantic Treaty Organization)** и се објави дека вооружен напад врз една од членките ќе се смета за напад против сите. Земјите на НАТО, покрај тоа, ќе одржуваат стационирани воени сили во Европа за одбрана од она што многумина веруваа дека е советска инвазија. Американскиот Сенат брзо го ратификува договорот кој ги обедини европските нации кои со векови се бореле една против друга во силна и трајна алијанса.[235]

Лордот Ismay, првиот секретар на НАТО, во некоја прилика рекол дека главната причина за постоењето на тој сојуз е "да се задржат Американците во Европа, Русите надвор од неа, а Германците строго да ги надгледуваат". Сметал дека тоа е клучна формула за стабилноста на Европа. Западноевропските сили биле премногу слаби за контрола на тој простор, а споменатите стратешки играчи, пред се САД требало во Европа по секоја цена да го задржат воеността и политичкото присуство. Во споменатите зборови на Лордот Ismaya е клучот на геостратешката основа на создавањето и постоењето на НАТО.[236]

Во почетокот на 1950-тите, Претседателот Труман формирал работна група од Советот за национална безбедност, Стејдепартментот и Министерството за одбрана да ја проучат националната безбедносна политика. Оваа група го изработила Меморандумот 68, кој ќе преставува вистинско обележје за Националниот Совет за безбедност, со кој се барало глобално конвенционално воено организирање преку глобален систем на алијанси како што требало да бидат NATO, SEATO и договорот помеѓу САД и Јапонија. Иако сеуште немало направено многу, Труман повикал на изработка на уште една студија. (По нападот на Северна Кореја врз Јужна Кореја на 25 јуни 1950, Меморандумот 68 станал оперативен, со цел спроведување на трумановата политика на задржување во Азија и вооружување на НАТО.)

---

235 Ален Бринкли, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година, стр.642
236 D-r. Vlatko Cvrtila,Strateški kontekst nastanka NATO-a, стр.17, http://www.google.com/webhp?hl=en#sclient=psy&hl=en&site=webhp&source=hp&q=D-r.+Vlatko+Cvrtila%2CStrate%C5%A1ki+kontekst+nastanka+NATO-a&aq=&aqi=&aql=f&oq=&pbx=1&bav=on.2,or.r_gc.r_pw.&fp=c1f77ad16103bc7b

После 1951 година, економската помош преку Маршаловиот план беше трансформирана во воена помош за опремување на НАТО, а во 1954 година повторно се наоружи Германија за да биде воен штит на НАТО против Советскиот Сојуз.[237]

На тој начин спротивен на традиционалниот изолационизам на САД, Труман ги вратил воените трупи во Европа преку НАТО во 1950-51 година под команда на генералот Dwight Eisenhower, потоа повторно ја вооружи Западна Германија и на тој начин ги обедини непријателите и пријателите од Втората светска војна. Во 1951 година заедничката команда за Европа станала оперативна со заедничка врховна команда стационирана во близината на Париз.

САД под водство на Труман, помогна повторно да се издигнат економиите на Западна Европа и да се задржат себеси инволвирани во европските прашања, што резултираше педесет годишен мир, стабилност и со економски растеж, „златните години" на модерната европска историја. Формирањето на НАТО и неговата континуирано проширување, се покажаа како најуспешната мирнодопска инвестиција во заедничката соработка на земјите од Западна Европа.

Алијансата сеуште трае, многу повеќе од тоа што го предвидуваа неговите архитекти, а истовремено се разви во многу поголема интегрирана политичка и воена организација отколку што тоа го планираа нејзините создавачи.[238]

# Глава IV

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО УСЛОВИ НА ЗГОЛЕМЕНИ ТЕНЗИИ ВО ОДНОСИТЕ НА САД И СССР

## 4.1 Формирањето на Информационото Биро – ИНФОРМБИРО како одговор на Трумановата доктрина и Маршаловиот план

Создавањето на воено политички сојузи после Втората светска војна предводени од САД и СССР биле како последица и реакција на надворешната политика и на двете суперсили во меѓусебното парирање на безбедносно-политичките, економски и идеолошки интереси.

Во магистерскиот труд неможев да го одминам ниту создавањето на Информационото Биро, чие формирање е директна последица, меѓу другото и на

[237] Peter Duignan, NATO: its past, present, and future, Hoover Institution Press Publication, 2000, стр.2
[238] Исто така, стр.3

Труман-Маршаловиот план како што е наведено и во Декларацијата од советувањето на комунистичките партии врз која несомнено големо влијание имало излагањето на Андреј Жданов (26 февруари 1896 – 31 август 1948) со својот *Реферат за меѓународната состојба.* Информбирото е основано на седумдневното советување на претставниците на комунистичките партии на СССР, Југославија, Унгарија, Чехословачка, Полска, Романија, Бугарија, Франција и Италија, одржано во септември 1947 година во Шклјарска Поремба, под Краконошим во западна Полска.[239] Во декларацијата донесена на основачката седница изнесени се ставовите дека во меѓународната ситуација после Втората светска војна и во поствоениот период настанале големи промени. Тие промени се карактеризираат со нов распоред на основните политички сили помеѓу државите – победнички во Втората светска војна и нивно прегрупирање.

*"Во меѓународната ситуација, по Втората светска војна и во поствоениот период, извршени се важни промени. Тие промени се карактеризираат со нов распоред на основните политички сили кои делуваат на светската арена, промена на односот помеѓу државите-победници во Втората светска војна и нивно прегрупирање.*[240]

Формирањето на ИБ се разбира било мотивирано од повеќе причини, интереси, а исто така и како последица на мерките и активностите кои биле превземани од страна на САД во поглед на незјината надворешна политика. Таа активност од страна на куминистичките партии во декларацијата за формирањето на ИБ дефинирана е како "агресивна активност". *Таа се развива истовремено во сите насоки, во насока на воено-стратегиски мерки, економска експанзија и идеолошка борба.* ***Труман-Маршаловиот план*** *само е составен дел на европскиот кој е дел од општиот план на светската експанзионистичка политика која САД ја остваруваат во сите делови на светот.*[241]

*Во такви услови неопходно е антиимперијалистичкиот, демократски табор да се обедини, да изработи единствена платформа за акција, да изработи единствена платформа за акција, да изработи своја тактика против главните сили на империјалистичкиот табор, против американскиот империјализам, против неговите англиски и француски сојузници, против десните социјалисти, пред се во Англија и*

[239] Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, стр.195

[240] Борба бр.163, од 6 октомври 1947 година, Декларација по однос на меѓународната ситуација...,превземено од Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, МАНУ, Скопје

[241] Борба бр.163, од 6 октомври 1947 година, Декларација по однос на меѓународната ситуација...,првземено од Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, МАНУ, Скопје

*Франција.*[242] Меѓутоа интересно е тоа дека на 14 септември 1947 година Тито има испратено телеграма до ЦК СКП(б) со која се бара да се достават барем основните точки од дневниот ред на конференцијата, а за потребите и подготовката на делегатите. Исто така во самата телеграма е назначено дека не се знае ниту карактерот на конференцијата, со цел дополнително испраќање на технички лица за потребите на самата делегација.[243]

Со формирањето на Инфрмбирото, Советскиот Сојуз тежнеел за:

1. Формирање на институција преку која ќе може да ја одредува заедничката политика на комунистичките партии во Европа и пошироко
2. Ставање на на Комунистичката партија на Југославија во "институционална рамка", со што ќе се ограничи нејзината самостојност, пројавена во војната и после војната и ќе ја претвори во дисциплиниран извршител на "договорната политика", односно на државната политика на СССР предводена преку Коминформот
3. Создавање на меѓународноправни основи за задржување на единиците на Советската армија во земјите на т.н. народна демократија, по потишувањето на договорите за мир.[244]

Несомнено дека формирањето на ИБ предизвикало реакции во европската и светската јавност, се разбира негативни на оние држави ориентирани кон англоамериканската коалиција. Општиот впечаток е дека СССР повторно се обидела да ја воскресне Коминтерната распуштена во 1943 година.

**„Parisien libéré"** истакннува дека одлуката на деветте комунистички партии ја забразала поделбата на светот на два блока. Весникот претставил фотомонтажа, на која се претставени деветте комунистички партии, Комунистичката партија на Југославија – Кардељ, се прикажани под српот и чекичот преку целата фотографија.

**„Liberacion"** истакнува дека прегрупирањето на европските комунисти предизвикала жива реакција во светот. **„Le Figaro"** истакнал: *„Се работи за непријателска, да не кажеме воена декларација упатена на Америка и на другите европски влади, кои се обвинуваат дека премногу се наклонети на американскиот империјализам"*. И

---

[242] Борба бр.163, од 6 октомври 1947 година, Декларација по однос на меѓународната ситуација...,првземено од Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, МАНУ, Скопје

[243] Telegram Valtera (Tita, CK KPJ) — Dedi (CK SKP(b)), 3. B.Petranović, M.Zečević, Jugoslavija1918-1988, Tematska Zbirka Dokumenata, Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje, Izdavačka radna organizacija „RAD" , Beograd, 1988, стр.899

[244] Vojnoobaveštajna služba, Grupa autora, Edicija »Razvoj oružanih snaga SFRJ 1945-1985«, Beograd, 1990, стр.104

понатаму се вели: *„Тоа што средиштето на Коминтерната се префрла во Белград, нема никој да го залаже. Југославија и Полска станале едноставно инструменти на руската политика“.*[245]

**“Se maten”** на првата страна исто така објавува голем наслов илустриран со фотографија со членовите на поранешната Коминтерна која е распуштена 1943. Во посебен опширен воведен дел се повторуваат клеветите против Советскиот Сојуз и земјите на Источна Европа на ист начин како и другите реакционерни весници, па потоа се преминува и на напад на КП на Франција. *“Отсега е невозможно учеството на комунистите во владата“* – се подвлекува во весникот. *„Тоа не би го прифатила ниту една влада, затоа што како може да се доверуваат тајните на националната одбрана на оние кои јавно се обврзале дека ќе даваат информации на една странска сила? Се посакувало тоа или не, општинските избори ќе бидат за или против Комунистичките партии, односно за или против советизација на Европа.“*

Весникот на Народно-републиканското движење **“Lob”** во воведниот дел, насловен *“Тие ја свртеа страницата“*, помеѓу другото пишува: *“Обновувањето на Коминтерната ќе се спротивстави на секоја економска обнова, секоја политичка стабилизација во уште слободни држави. Нејзината намера е да ја исфрли Америка во изолационизам, а во земјите на Западна Европа на власт да ги доведе комунистите“* И понатаму: *„Ние немама повеќе право нашиот народ да го препуштиме на немилоста на странската пропаганда. Со цел да обезбеди пат на источниот тоталитаризам, Коминтерната посакува да не фрли во беда. Со сета сила на тоа мораме да се спротивставиме.“*[246]

**„New York Times”** пишува: *„Новиот комунистички манифест ги руши сите договори од времето на војната, почнувајќи од Атланската повелба до Постдам. Има малку сомнение, дека руската револуција влегла во својата наполеонска фаза. Овој руски потег може само да даде поттик за организирање на демократскиот свет за самоодбрана. Првиот чекор во таа одбрана мора да биде обновата на Западна Европа. Новата Комитерна, повторно укажала на потребата и итноста како на Трумановата доктрина така и на Маршаловиот план. А Соединетите Американски*

---

[245] МАНУ, Скопје, Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, Tanjug – Vesti inostranih agencija I dospisnika II, -50-, 7-X-1947

[246] МАНУ, Скопје, Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, Tanjug – Vesti inostranih agencija I dospisnika II, -49-, 7-X-1947

*Држави, како главна цел на руската кампања, можат да ја занемарат дали Трумановата доктрина или Маршаловиот план само на своја штета.“*[247]

Исто толку остри во своите изјави и коминикеа биле и претставниците на политичките партии и официјалните државни институции од Западно европските држави па така францускатa Социјалистичка Партија во своето коминике во однос на декларацијата истакнува дека тоа *“претставува акт на официјално воскреснување на Комунистичката Интернационала. Мора да се констатира дека таа декларација значи потполно потчинување на комунистичките партии на политиката на СССР, иако таа политика често е во спротивност со интересите на работничката класа во светот.“*[248]

Дописникот на Тањуг од Берлин го пренел ставот на раководството на Социјал-демократската партија, во кој изложиле дека *“формирањето на ИБ во Белград, означува како конституирање на Комунистичка интернационала, која наводно секогаш и постоела. Изборот на Белград за седиште на бирото, претставува само маска за да се отстрани впечатокот дека со комунистичките партии управува Москва.“*

Преку официјалниот преставник и Форин Офисот го искажал својот став со кој сметаат дека *“создавањето на новата Коминтерна преставува јасен знак дека меѓународните односи се влошени. Британската влада во друга рака ги задоволува што сега отворено се признава политиката која досега се спроведувала тајно“*[249]

Од погореизнесените новинарски извешатаи објавени во западните медиуми може да се види колку била голема недовербата но колку бил присутен и стравот од еспанзија на влијанието на СССР, од причина што учество имале и комунистичките партии на Франција и Италија кои директно влијаеле на владите во своите земји.

Во секој случај формирањето на ИБ во идејно-политичката сфера претставувало обид за централизиран одговор на Сталин во однос на поврзувањето на западните земји во првата фаза на студената војна и поларизација во меѓународните односи. Во името на „антиимперијалистичкото единство“, стопанството на земјите од „народната демократија“ можело полесно да се подреди на интересите на обновата и наоружувањето на „првите земји на социјализмот“, а комунистичките партии на

---

[247] МАНУ, Скопје, Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, Tanjug – Vesti inostranih agencija I dospisnika II, -45-, 7-X-1947

[248] МАНУ, Скопје, Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, Tanjug – Vesti inostranih agencija I dospisnika II, -48-, 7-X-1947

[249] МАНУ, Скопје, Фонд Лазар Колишевски, кутија 21, папка 63, Tanjug – Vesti inostranih agencija I dospisnika II, -46-, 7-X-1947

Франција и Италија да се насочуваат на поткопување на Маршаловиот план во западноевропските земји.[250]

## 4.2 Резолуцијата на Информбирото и последиците за југословенската федерација

Централен политички настан кон крајот на четириесетите и во почетокот на педесетите години, кој остави видливи политички и економски последици во Југославија како целина, но и во НР Македонија, посебно беше појавата на Инфорбирото, а уште повеќе судирот на Југославија со СССР и со земјите од „народната демократија".[251]

Причините за судирот помеѓу Тито и Сталин досега никој неуспеал да ги дефинира како единствени и директни. Можеби затоа што во генезата на судирот има многу причини, појави, настани и личности кои акумулираа недоверба и недоразбирање години наназад кои особено Сталин тешко ги прифаќал поради веќе воспоставената хегемонија во словенскиот свет.

Причините за судирот и прекинување на дипломатските односи со СССР и источниот блок не биле толку брзи и толку гласни. Разликите помеѓу двете раководства се јавиле по однос на меѓународните прашања (Трст, Балканската федерација, поддршката на востанието во Грција, присоединувањето на Албанија, соборување на американскиот авион над Југославија, Корушка итн.) и во врска со внатрешниот развој на Југославија и билатералните односи (петгодишниот план, мешовити претпријатија, статусот и активностите на советските активности итн).[252]

Со резолуцијата од 28 јуни 1948 година на ИБ во состав на Бугарската работничка партија (комунисти), Романската работничка партија, Унгарската партија на работниците, Полската работничка партија, Сесојузната комунистичка партија (болшевици), Комунистичката партија на Франција, Комунистичката партија на Чехословачка и Комунитичката партија на Италија, донесени се неколку заклучоци кои се однесуваа на состојбата во Комунистичката партија на Југославија. Во точката 1 се гледа осудата на некои основни прашања на надворешната и внатрешната политика и

---

[250]Branko Petranović: Istorija Jugoslavije, knjiga III – Socijalisticka Jugoslavija 1955-1988, Nolit, Beograd, 1988, стр.198

[251]Новица Вељановски, Македонија 1945 – 1991 државност и независнот, ИНИ, Матица Македонска, Скопје 2002, стр.99

[252]Darko Bekić, Jugoslavija u hladnom ratu, Globus, Zagreb, стр.25

отстапување од марксизмот-ленинизмот.[253] Во точката 2 се посочува раководството на КПЈ за спроведување на непријателска политика спрема Советскиот Сојуз и СКП (б). Во Југославија е допуштена недостојна политика на срамотење на советските воени специјалисти и дискредитирање на Советската армија.[254]

Но за непримерниот однос на советските воени инструктури имало ситуации кога реагирало и претседателството на Владата на НРМ. Во едно писмо од тогашниот преседател на Владата, Лазар Колишевски, испратено до советкиот воен делегат при Штабот на V-та Армија, полковникот Парамушкин во Скопје, се наведува инцидент предизвикан од еден руски офицер по име мајор Баранов, инструктор во 22 дивизија, а кој случај ..“фрла кал на честа на Славната Црвена Армија – Ослободителка“. Инцидентот се случил во Ресен, кога мајорот Баранов пристапил кон автомобилот на македонската воена делегација во која се наоѓала и Лилјана Чаловска[*] и побарал од воената делегација да му се отстапи автомобилот заедно со Лилјана Чаловска. По првичното негодување на македонската воена делегација и на Лилјана Чаловска, мајорот Баранов, се заканил дека тоа ќе го направи со сила. И покрај отпорот, мајорот уште повеќе почнал да вика и да манифестира стиснати тупаници, но бил спречен од присутните со што била „спречена“ и физичка пресметка. Настанот се одвивал пред присуство на околу 150 луѓе.[255*]

Последиците од судирот со земјите од Источниот блок предизвикаа крупни промени во внатрешниот развој и во надворешната политика на Југославија. Југословенското раководство во „борбата“ да се одбрани од „неоснованите обвинувања од советската страна и ИБ“, беше принудено да превземе некои чекори кои подоцна се покажаа како несоодветни или погрешни за натамошниот развој. Тоа пред, се однесува на радикализацијата при реализирањето на „социјалистичката преродба“ имитирајќи го советскиот модел. Во таа насока беше извршена „мала национализација“ на околу 3100

[253] Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1988, Tematska zbirka dokumenata, RAD, Beograd, 1988, стр.926

[254] Исто така

[*] Лилјана Чаловска (Софија, 1920 година - 20 јули 1997) е активна учесничка во напредното движење на македнските студенти во Белград. Член на КПЈ од 1940 година. Делегат на Второто заседание на АВНОЈ. Еден од организаторите на Првиот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија, на 21 декември 1944 година во Фуштани и негов раководител. Учесник во АСНОМ. Народен пратеник во Собранието на Македонија и во Сојузното собрание. Чаловска му беше сопруга на Лазар Колишевски. Извор: http://mk.wikipedia.org/wiki/Лилјана_Чаловска

[255] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.41,п.36,д.18, Писмо до Советскиот војни делегат при штабот на V-та армија, полковник Парамушкин, Скопје

[*] Според податоци на југословенската служба за државна безбедност на територијата на цела Југославија во 1946 година се наоѓале околу 250 советски експерти од разни области, а нивниот број во меѓувреме непрестајно растел. Neprijatelska delatnost sa birokratsko – etatističkih pozicija, Savezni Sekretarijat za Unutrašnje Poslove, Centar za stručno obrazovanje radnika SDB, Beograd, 1976, стр.6

претпријатија од локално значење и беше интензивирана „колективизацијата“ на земјоделството во 1949 година.[256] Радикализацијата на аграрната политика произлезе токму од обвинувањата за напуштање на позициите на работничката класа и багање од марксиситичката теорија на класите и класните борби, како и допуштање на влегување на капиталистички елементи во земјата и дека со тоа се заострува класната борба во југословенското село.[257] Сите овие настани предизвикале големо незадоволство пред се кај селанството низ целата територија на Југославија. Во еден доверлив документ на австриската дипломатска мисија во Белград*[258], упатена до министерот за надворешни работи во 18 септември 1950 година, се прави една анализа на моменталната политичко-економска и безбедносна состојба во Југословенската федерација при што се истакнува следново.. *„Во последните месеци немирите во Југославија се интензивираат. Иако овој нов бран на немири се поклопува со третата година од конфликтот со Коминформот, од тоа не смее да се заклучи дека немирите треба да се препишат на коминформската пропаганда. Сепак таа во моментов достигнала една до сега непозната крајност. Најдостапен странски медиум во Југославија, Радио Будимпешта повикало на саботажа во индустријата, бојкот на испорака на жито и убиство на маршалот. Радио Будимпешта при тоа се обратил на здравите елементи во КПЈ, на кои залудно им била упатена и Резолуцијата на Коминформот. Покрај оваа радио-пропаганда, оделе и попродуктивни акции: преселување на југословенското малцинство од унгарските и романските села на границата, присилно иселување на македонските семејства од бугарскиот погранични појас кон Југославија. Средство за застрашување на југословенското население било и одржувањето на маневрите на унгарските, романските и советските единици на југословенската граница“*[259]. Од погоре изнесеното можеме да видиме дел од сериозните закани и притисокот кои доаѓале од надворешно-политичкиот фактор кој дополнително влијаел и на онака тешката социоекономска состојба. Во истиот дипломатски допис постои и анализа на моменталната внатрешна состојба во федерацијата, каде акцентот е ставен на големото незадоволство кај селанството.

---

[256] Новица Велјановски, Македонија 1945 – 1991 државност и независнот, ИНИ, Матица Македонска, Скопје 2002, стр.101

[257] Branko Petranović, Momčilo Zečević, Jugoslavija 1918-1988, Tematska zbirka dokumenata, RAD, Beograd, 1988, стр.926

[258] *Доверлив документ на политичкото претставништво на Сојузната влада на Австрија во Белград. Документот е потпишан на ден 18 септември 1950 година

[259] http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=b63145b0-69d7-43bc-abf4-cf5f052721dd&articleid=5165bfdb-4acc-45a1-9905-c7334b0f04d7#a5165bfdb-4acc-45a1-9905-c7334b0f04d7, Драгшиќ, Два Аустриска документа о ситуацију у Југославији 1950-1955, стр.275

*"Жариштето на немирите се наоѓаат кај селанството. Главната причина е обврската за лиферување на намирници и нивно спроведување. Тоа е и причината зашто немирите достигнале таков обем во последните два месеци. Селаните одбиваат да ја испорачаат пропишаната количина намирници, затоа што тогаш не би имале доволно за зимница. Покрај тоа, цените кои ги добивале за испорачаното жито биле крајно ниски и за тоа не можеле да купат ниту обувки ниту облека, па дури ниту ќибрит кој бил вистинска реткост. Селаните ги применуваат сите средства, од молба кон претпоставените власти..и демонстрации какви што биле на почетокот на август во Белград, до отворени побуни. До една таква побуна дошло.. во старата погранична област Кордун и Лика, каде стариот крајишки дух најдолго опстанал, каде Квартеник некогаш започнал востание и каде партизанската активност во Втората светска војна во Хрватска била најактивна. Во оваа ситуација селаните го запалиле складиштето на една задруга и започнала вистинакса вооружена пресметка со полицијата, што довело до мртви и ранети на обете страни. Во јули 1950, дванаесет селани, предводници на бунтот, во Сараево се осудени на смрт. Друго жариште било Глин, недалеку од Загреб во кој дошло до немири во кои се уапсени сто и педесет селани. Во Лесковац, во Лика, селаните одлучиле да го напуштат селото и да заминат во шума. Тоа се изразено сиромашни краишта во кои навистина нема многу од тоа што да се испорача и каде од една страна се одржал краишкиот дух, а од друга трана опстанал традиционалниот отпор на српското малцинство на хрватските власти".*[260]

Од горенаведениот документ можеме да констатираме дека социоекономските услови биле едни од основните причини за незадоволството кај селанството, а кој и би го интересирало нешто повеќе од еден живот кој ги задоволувало само основните потреби за еден просечен животниот стандард во тој временски период непосредно по Втората светска војна.

Ваквата внатрешната нестабилност на југословенската држава не поминало незабележливо кај западните земји и кои будно ја следеле состојбата иако Југославија отворено се декларираше како комунистичка земја, за тесна соработка и пријателството со СССР. Таа во СССР гледаше и природен заштитник и економски партнер кој ќе и овозможи да се развива и да ги надмине последиците од војната.

[260] http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=b63145b0-69d7-43bc-abf4-cf5f052721dd&articleid=5165bfdb-4acc-45a1-9905-c7334b0f04d7#a5165bfdb-4acc-45a1-9905-c7334b0f04d7

Договорот што Југославија го склучи со СССР во април 1945 година беше знак за западните сојузници дека Југославија се ориентира кон Исток.[261]

Но веќе на 19 септември 1950 година, министрите за надворешни работи на северно-атлантскиот совет на својата петта сесија во Њу Јорк дискутирале за одрдени прашања како што биле за трговијата помеѓу истокот и западот, миграцијата, а меѓу другото и за Југославија и Германија, при што во однос на Југославија постогната општа согласност за економска помош на Југославија, подржувајќи го заклучокот за 30 милиони долари германски кредит за Југославија и подршка за барањето за заем на југословенската Интернационална банка.[262]

Југославија во текот на студената војна имала посебна положба. Специфичноста на југословенската позиција за време на студената војна се гледа, пред се во карактерот на нејзината надворешна и внатрешна политика. Автентичната социјалистичка револуција, годините на политичко, економско, културно и воено врзување за Советскиот Сојуз и неговите сателити, а потоа бурното раскинување со земјите од Инфорбирото и годините на блокада и со Истокот и со Западот, излегувањето од истата со воспоставување на контактот со Западот, со постепено развивање на односите со земјите од Третиот свет, ќе преставуваат детерминирачки фактори кои го определиле местото и улогата на Југославија во текот на студената војна. Наведените карактеристики на југословенката надворешна политика, покрај одредени посебности во развојот на југословенското општество, го условиле и го трасирале начинот на согледување на југословенката позиција во текот на бурните година на студената војна.[263]

За КПЈ од првостепено значење било откривањето и казнувањето на сите оние кои се изјасниле за ИБ или биле "сомнителни". Како што пишува и Б.Петрановиќ, "пресметката во рамките на движењето биле далеку безобзирни, отколку со луѓето кои не припаѓале во тоа", па така настапиле годините во кои "полицијата била побрза од Партијата". Од тогаш партијата за еден од главните непријатели, ќе ги прогласи

[261] Новица Велјановски, Македонија 1945 – 1991 државност и независнот, ИНИ, Матица Македонска, Скопје 2002, стр.98
[262] Summary of Telegrams, Department of State, September 19, 1950. Naval Aide Files, Truman Papers, стр.2, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/nato/large/documents/index.php?pagenumber=2&documentdate=1950-09-19&documentid=15-28
[263] www.ceeol.com, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 4 / 2007, pages: 185-194, стр.185-186

"информировците" и „ибеовци", пратејќи ги, евидентирајќи, водејќи сметка за нив и нивното однесување и децениите по 1948 година.[264]

Во своите мемоари и поранешниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров пренесува едно сведоштво од тоа време кога се чуствувал од една страна притисокот на СССР, а од друга страна притисокот на југословенската служба за безбедност односно партијата при што наведува..„ *А потоа почнаа да не ангажираат сите кадри, не само овие на ниво на министри, заменици, помошници, туку и пошироко. Активностите почнаа да одат по реони, во Белград, па ги праќаа и во некои места по Србија, Црна Гора, во Хрватска и слично, бидејќи во сојузната администрација имаше луѓе од сите националности. Настана едно бурно време, со голема неизвесност како ќе излеземе накрај со една таква сила каква што е Советскиот Сојуз и не се знаеше што се е готов Сталин да направи за да го задуши југословенскиот отпор, кој првпат му се случуваше".* [265]

*И воопшто тоа беше едно невообичаено време, сите бевме во некаков грч, над Југославија, над судбината на нејзините граѓани, само неколку години по војната, се надвиснуваше нова опасност, сега од друга страна, од онаму од каде што се мислеше дека може да дојде само помош. Се страхуваше да не се случи нешто, оти имапе закани за тоа дека Русите и другите нивни сојузници можат да организираат некои внатрешни бунтови, а имаше и концентрација на сила на југословенската граница.*

*Тогаш горе-долу, сите беа под некаков надзор, без разлика како јавно се изјаснил, дали и дава подршка на партиската позиција или не. Се разбира тие што застанаа на страната на Резолуцијата на ИБ, кои покажаа макар и најмала колебливост во правилноста на југословенската реакција, беа повикувани на одговорност. Но, постоеше принцип дека треба се да се набљудува, во името на тоа дека никако не смее да се дозволи непријателска дејност...се да биде под контрола. Тоа го осетив и на своја кожа, тоа беше навистина непријатно, навредливо и се памети.*[266]

Уште едно сведоштво на првиот амбасадот на ФНРЈ во 1956 година, веднаш по нормализацијата на политичките односи, Вељко Мићуновиќ пишува дека „*Кога кон крајот на Јуни 1948 година како најкрупна политичка сензација минала веста дека*

---

[264] Д-р Момчило МИТРОВИЋ, М-р Слободан СЕЛИНИЧ, Југословенска информироовска емиграција у источноевропским земљама, 1948-1964, Currents of History (1-2/2009), http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=6d555318-ba87-4124-9c3d-9210be7de8f1, стр.31
[265] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, ИЦ ТРИ, Скопје,2000, стр.85
[266] Исто така

*Сталин ја исклучил Југославија од заедницата на социјалистички држави и од семејството на сите комунистички партии, ние во Југославија го одржавме прочуениот Пети конгрес на КПЈ. Тоа состојба наликувала на општа мобилизација кога земјата ја превзема само кога се соочува со војна".*[267]

Притисикот врз Југославија со времето рапидно се зголемил; 1949 година СССР и неговите сојузници од Варшавскиот договор со Југославија раскинале 46 меѓудржавни договори; зачестиле демостративните движење на воените трупи низ должината на државната граница, како и вооружените гранични инциденти во кои животите ги загубиле околу 100 југословенски војници и граѓани; воведена биле економска блокада на Југославија; земјите од ИБ почнале со протерување на југословенските дипломати, особено воените. Со еден збор, СССР и другите земји од Варшавскиот договор станале најголема опасност за интегритетот и опстанокот на Југославија. На тоа се надоврзал и притисокот на реакционерните сили на Западот, кои настојувале што посилно да ја искористат новонастанатата ситуација. Западните сили ја објавуваат намерата, цела Слободна Територија Трст да ја препуштат на Италија.[268]

Перцепцијата на комунистичкото раководство од заканата на Резолуцијата на Инфорбирото многу години подоцна добро ќе го отслика еден од значајните југословенски политички функционери во осумдесеттите години на дваесетиот век Стане Доланц кој при обраќање во една свечена пригода ќе каже *„Во моментот кога се работело да се биде или не, сите наши народи и народности, работничката класа на Југославија и нивната иднина, дилемата била: развој на социјалистичко самоуправувачко општество или прифаќање на сталинистичкиот модел. Меѓутоа денес одредени поединци ни префрлуваат за апсењата, судењата и енергичните мерки против инфорбировците. Не сакаат да разберат дека цела Југославија би станала концетрационен логор доколку толку револуционерно и одлучно не би ја бранеле нашата слобода и независност. Не тврдиме дека имало случаеви на застранување на одредени припадници на нашата Служба за безбедност. Меѓутоа нашата генерална линија секогаш била само една, одбрана на независноста на нашата партија и државата и сопствениот пат во иднината, развој на социјалистичкото*

[267] Vejlko Mićunović, Moskovske godine, 1956-1958, Sveučilišna Naklada Liber – Zagreb, 1977 godina, Zagreb
[268] Vojnoobaveštajna služba, Grupa autora, Edicija »Razvoj oružanih snaga SFRJ 1945-1985«, Beograd, 1990, стр.111

*самоуправување и демократија, социјален и национален развој на сите наши народи и народности".*[269]

Може да заклучиме дека функционирањето на Службата за безбедност и нејзината насоченост пред се била во одбрана на интересите на партијата. Во работењето на органите за внатрешни работи се поаѓало од Титовите зборови дека Службата за безбедност мора постојано да биде во курсот на политиката на Сојузот на комунистите и да делува и како Служба за безбедност и како политички фактор во општеството. Па спрема тоа, Службата за безбедност во самоуправувачкото општество не се сведува само на тесната професија, туку претставува и политичко делување низ социјалистичкиот самоуправувачки систем.[270]

И покрај тоа што веќе започнале да се формираат надлежни цивилни министерства кои започнале да функционираат во морновременски услови, сепак Управата за државна безбедност и покрај тоа што била организациски поставена во рамките на Министерството за внатршни работи, таа сеуште имала воено организациски карактер и неколку години по завршувањето на Втората светска војна. Во нејзиниот кадровски состав се наоѓале офицерите, под што се разбирало и генарали, како и воените чиновници. За УДБ-а биле формирана и посебни воени дисциплински судови,[271] што несомнено по донесувањето на резолуцијата на ИБ челичната тупаница на КПЈ морала да се чува и со челична воена дисциплина.

Во тоа време навистина било тешко за човек да завземе страна дали да се издржи притисикот на големиот брат СССР или пак да се опстои на цврстите принципи на КПЈ, кои биле подеднакво под силен притисок и од Западот. Пресметката со инфорбировците подоцна ќе биде запишана како една од најтемните страна на југословенската коминистичка Партија и службата за државна безбедност, а по распадот на источниот блок, ќе биде искористена и како една од причините да се осуди комунизмот како идеологија.

Како што напишал и Б.Петрановиќ, „пресметката во рамките на движењето биле далеку побезобзирни за разлика од луѓето кои не припаѓале во движењето", па

---

[269] Bezbednosna funkcija u sistemu socijalističkog samoupravljana, Naučno-stručno savetovanje, Viša škola unutrašnjih poslova, Beograd, 1983, стр.8 од обраќањето на Стане Доланц, тогашен министер за внатрешни работи по повод 10 годишнината од формирањето на школата за внатрешни работи

[270] Bezbednosna funkcija u sistemu socijalističkog samoupravljana, Naučno-stručno savetovanje, Viša škola unutrašnjih poslova, Beograd, 1983, стр.9 од обраќањето на Стане Доланц, тогашен министер за внатрешни работи по повод 10 годишнината од формирањето на школата за внатрешни работи

[271] "Службен лист на ФНРЈ" бр. 105 стр.1730 од 4 декември 1948 година, Правилник за воените дисциплински судови на Управата за државна безбедност,

настапиле години во кои „полицијата била побрза од Партијата“. Од тогаш Партијата за еден од главните непријатели ќе ја прогласи „информбировштината“ и „ибеовците“, пратејќи ги, евидентирајќи ги, водејќи сметка за нив и нивното однесување и децении по 1948 година.[272]

Клучниот момент во меѓусебната пресметка во партијата не се само идеолошките разлики, туку пред се контролата на самата партија преку која се раководеле и контролирале општествено-политичките процеси во државата, кои ја одредувале надворешната политичка ориентација на југословенската федерација.

Во историографијата до сега се нема утврдено прецизен број на инфорбировците. Недостапноста на полициските архиви, одсуството на систематско научно проучување, непрецизни и непотполни партиски податоци, само се некои од причините за тоа. Спрема податоците на УДБ-а настанати на основа на извршена анкета спроведена кон крајот на 1963 година, поранешните припадници на Резолуцијата на ИБ спрема кои се применети законски санкции (судени и административно казнети), потоа оние кои се уапсени и пуштени од истражен затвор, исфрлени од КПЈ, исфрлени од ЈНА или пензионирани од ЈНА биле вкупно 30.113.

Во Србија имало 15.421, Хрватска 4657, Словенија 786, БиХ 3.739, Македонија 1.567, Црна Гора 3.943. Југословенската партија спрема податоците од 1956 и 1957 година заклучила дека бројот на „ибеовците“ бил околу 15-16.000 и тоа како оние што биле казнети судски и административно, така и оние што биле казнети партиски. Vo 1958 година, ЦК СКЈ наложил на своите окружни и општински комитети да ги евидентираат сите подржувачи на ИБ на својата територија. Така тогаш се дошло до податок 27.364 регистрирани инфорбировци во Југославија. Од овој број во Партијата во 1958 година од нив се примени 1786, а 1959 година – 650. Меѓутоа набрзо партискиот врв заклучил дека оваа бројка не била реална, затоа што на списокот на поранешните ибеовци, е ставен и одреден број на оние кои се казнувани по други основи.[273]

Според д-р Обрен Џорџевиќ со казна општествено-корисна работа, казнети се вкупно 11.611 лица, а по години тоа изгледало вака:

- 1949 – 4064 лица

[272] Д-р Момчило Митровић, М-р Слободан Селинић, Југословенска инфорбироовска емиграција у источноевропским земљама, 1948-1964, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2009, pages:31-54, www.ceeol.com, стр.31, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=6d555318-ba87-4124-9c3d-9210be7de8f1

[273] Исто така, стр.32

- 1950 – 3398 лица
- 1951 – 2527 лица
- 1952 – 37 лица

Припадниците на ЈНА, кои организирано делувале непријателски, судени се од Воен суд. Со пресудите на надлежните воени судови, на временски казни осудени се 2240 лица.[274]

По излегувањето на резолуцијата на ИБ биле засилени антијугословенските постапки на источноевропските земји во периодот од 1949/50 до 1953/54 година, а воедно биле и значително широки. Вклучувале инциденти на границите, уфрлување на шпиуни и терористи на југословенската територија, врбување на југословенски граѓани и терор над нив, тероро над југословенското малцинство, организирање на бројни процеси против југословенските граѓани и раководители, организирање и помош на југословенската информбироската емиграција. Југославија воочувала постојано зголемување на воените ефекти на граничните информбировски земји. Овие земји непрекинато добивале значителна воена помош од СССР, па југословенските стравувања предизвикале и изградба на аеродроми, стратегиски патишта и железнички пруги и обнова на старите. Југославија на своите граници подготвувала и други воени припреми (подигнување на бодликави жици, копање на ровови, поправки на утврдувањата, бројот на граничари кои го надминувал нормалниот број итн).[275]

Во однос на военосубверзивните акции на југословенската граница, спрема југословенските податоци, информбировските земји предизвикале преку 8.000 инциденти на југословенските граници од 1948 до 1955 година. Престрелки од лесно оружје, фрлање бомби и повреда на воздушниот простор биле вообичаена појава на границите на Југославија и информировските земји. При тоа убиени се 21, ранети 33, а киднапирани се неколку југословенски граничари. На четириесетина антијугословенски процеси обвинети се 275 лица, од кои на смрт се осудени 68, а 207 на временски казни затвор. Спрема овие податоци, во СССР, Бугарија, Романија и Чехословачка, полицијата и судските власти убиле 14 југословенски граѓани. Не

[274] Dr Obren Đorđević, Osnovi Državne Bezbednosti, opšti deo, Viša Škola unitrašnjih poslova, Beograd 1980, стр.144

[275] Д-р Момчило Митровић, М-р Слободан Селинић, Југословенска инфорбироовска емиграција у источноевропским земљама, 1948-1964, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2009, pages:31-54, www.ceeol.com, стр.33

сметајќи ги смртните казни и доживотните казни затвор, југословенските граѓани се осудувани просечно на 13-14 години затвор.[276]

Меѓутоа погранични инциденти се случувале и на границата со Западниот блок, кои особено биле присутни во текот на 1947 година, (временски период кој се совпаѓа со периодот на потпишувањето на мировните преговори со земјите од фашистичката коалиција м.з.) и тоа на Југословенско – австриската граница, за што Владата на ФНРЈ, во еден случај била принудена да упати протесна нота до контролниот совет на Австрија за пограничните инциденти. Вооружените инциденти биле извршувани од страна на вооружени лица кои се движеле на австриска територија и истите не биле попречувани од страна на австриските или окупационите сили и кои создавале сериозна напнатост на границата преку постојано вооружено дејствување врз југословенските погранични служби.[277]

Последиците секако биле почуствувани и во контекст на македонското национално прашање, пред се прашањето околу обединувањето и прашањето за македонскито национално малцинство во соседните држави на југословенкста федерација. Прашања кои биле вешто злоупотребувани и подметнувани од страна на земјите и од источниот и западниот блок, пред се во насока на нарушување и дестабилизирање на внатрешните односи помеѓу републиките во југословенската федерација. Македонското комунистичко раководство колку и да го критикуваме за неговата вина во однос на анимозитетот кој го имале кон одредени македонски "интелектуалци" и истакнати "револуционерни дејци" по создавањето на македонската држава, опстојувањето по југословенската линија донело и еден реален однос кон македонското национално прашање во услови на блоковска поделеност.

Резолуцијата на ИБ најсилно можеби ќе се одрази во економскиот систем и формирањето на економските текови и процеси. И во овој случај политиката ја покажа својата доминантна положба над економијата. Идеолошките погледи почнале да бараат нов систем кој ќе биде „вистински" социјалистички, и секако различен од тој на СССР. Првиот позначаен чекор беше почетокот на самоуправувањето, а вториот извесното ослободување на пазарот. Така системот стана самоуправно-пазарен, па на овие две основни карактеристики се надоврзаа другите, но така што целокупниот систем да

[276] Д-р Момчило Митровић, М-р Слободан Селинић, Југословенска информбироовска емиграција у источноевропским земљама, 1948-1964, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2009, pages:31-54, www.ceeol.com, стр.33

[277] Branko Petranović, Momčilo Zečević: JUGOSLAVIJA 1918-1988. TEMATSKA ZBIRKA DOKUMENATA, RAD, Beograd, 1988, Protestna nota vlade FNRJ Kontrolnom savetu za Austriju o pograničnim incidentima na jugoslovensko-austrijskoj granici, 21. februara 1947, стр.826

остане социјалистички. Новиот економски систем всушност траеше долго време, цели четири децении, од 1950 до 1990 година.[278] Но и тој систем мина низ неколку фази што се должи на динамичните промени и нестабилноста на политичките и економските односи.

По донесувањето и изгласувањето на Резолуцијата, дипломатските и политички притисоци не биле доволни за повторно насочување на југословенскиот воз на советски шини. Од страна на Сталин била применета нова концепција која опфаќала: а) економско исцрпување на Југославија б) военосубверзивни акции на границите и в) потикнување на внатрешни немири и насилство во земјата. Сепак овој план е идентификуван врз основа на практичните акции кои се спроведувани во наредниот период, без потпирање на примарни документи, па затоа останува хипотетички додека не се потврди или не се приложат доверливи докази.[279]

Состојбите и односите помеѓу СССР и Југославија внимателно ги следеле и западните разузнавачки служби. Така на почетокот на 1948 година француската разузнавачка служба открила како полските транспортни бродови што ги опслужувале блискоисточните пристаништа, тајно пренесувале оружје кое било наменето на Албанија, односно на антититовата герила.[280]

Во однос на економското исцрпување како начин на притисок на СССР врз Југославија, сериозно се дестабилизирани внатрешните економски текови во поглед на закрепнување на разрушената југословенска економија по Втората светска војна.

Во почетокот на 1949 година и според информациите на амбасадите на САД во Источна Европа, значително била смалена испораката на советска роба, а голем бил и платниот дефицит на ФНРЈ во 1948 година, со што веќе била најавена економската криза веќе во првата половина на 1949 година.[281] Економската блокада се почуствувала веднаш по донесувањето на резолуцијата, а Југославија ја принудило да бара алтернативни патишта за нејзините приоритетни потреби. На 11 август 1948 година според дописникот на Тањуг од Рим, кој ја пренесува веста на италијанскиот весник „Unita“, а истата превземена од „Reuters“ од Лондон, во која се вели дека Југославија склучила договор со Англо-Иранска нафтена компанија за набавка на 10 милиони тони нафта. Според весникот: „..Изгледа дека британската влада во потполност се сложила со одлуката на оваа нафтена компанија. Според мислењето на дипломатските

[278] Никола Узунов, Стопанството на Република Македонија, 1945 – 1990, МАНУ, Скопје 2001, стр.54
[279] Darko Bekić, Jugoslavija u hladnom ratu, Globus, Zagreb, 1988, стр.31
[280] Исто така, стр.35
[281] Исто така, стр.32

набљудувачи, овој став на Британија покажува каков став таа ќе завземе во иднина кон Југославија, ако таа би настојувала трговските односи да се прошират и на други полиња со Велика Британија“.[282]

Сличен бил и односот на трумановата администрација односно на САД кои имале интерес во тој временски период да ги зацврсти односите со Југославија поради неколку причини.

За САД, независнота на Југославија и која би била надвор од Советската контрола, обезбедува дека на СССР ќе и бидат скратени воените ресурси кои би биле еднакви на триесет девизии и тоа во еден критичен дел на Централна Европа. Понудата за Тито за автономија исто така претставувало дестабилизирање на влијанието внатре во источниот блок и некои од сателитските држави би можело да го следат примерот со Југославија. Со помошта на Југославија, САД ќе демонстрира дека автономистичките комунистички режими може да добијат срдечно добредојде на Западот.[283] Со еден збор САД, преку судирот на Тито – Сталин, имале формулирано една јасна “стратегија на клин“ со Југославија во центарот на Европа.[284]

Во пресметката со југословенското раководство, СССР ја користела и емиграцијата во која се нашле и голем број на егејски бегалци.

Составот на емигрантите бил многу различен. Меѓу нив имало поранешни југословенски офицери, студенти и ученици во училиштата во ибеовските земји, поранешни југословенски дипломати, како и оние кои од Југославија побегнале по донесувањето на Резолуцијата на ИБ. Емиграцијата е регрутирана воглавном на три начини. Еден дел бил последица на фактот дека во годините на добри односи на Југославија со ИБ земјите, во овие земји престојувале голем број на Југословени пратени на школување, или порано тука живееле, па многу од нив останале, зацврстувајќи се со ИБ. Друг дел биле лица кои по донесувањето на Резолуцијата, како пристапници на Информбирото, доаѓале во источноевропските држави од трети земји, додека третиот дел ја сочинувале поединци или групи кои бегале од Југославија на илегални премини. Статус на емигранти добиле и оние кои во Југославија сториле некое кривично дело, а потоа побегнале од земјата (убиства, провалувања, кражби,

[282] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.42,п.6,д.1,стр.2
[283] Lorraine M. Lees, Keeping Tito Afloat, The United States, Yugoslavia, and the Cold War, The Pennsylvania Universety, 1997 стр.43-44
[284] Lorraine M. Lees, Keeping Tito Afloat, The United States, Yugoslavia, and the Cold War, The Pennsylvania Universety, 1997 стр.81

грабежи, шверц). Спрема југословенските податоци такви имало 145 лица (61 во Албанија, 56 во Унгарија, 16 во Романија и 12 во Бугарија).[285]

Еден таков настан бил споменат и на Вториот пленум на ЦК на КПМ одржан на 19 и 20 април 1949 година, кога била разгледувана состојбата со случувањата по донесувањето на Резолуцијата на ИБ. Во својата дискусија Аце Илиев наведува настан поврзан околу пребегнувањето на некое лица од некое село во Делчево на бугарска територија. Бугарската власт го фатила, го претепала при што бил обвинуван дека бул шпиун и кој некако успеал да се врати назад. Причините за бегањето на ова лице биле дека сторил некое злосторство и од страв да не биде казнет пребегнал во Бугарија. По неговото враќање на истиот целосно му се нарушило психо-физичкото здравје. Овој настан сепак бил споменат во контекст на потребата за негово политичко искористување во односите со НР Бугарија.[286]

Годините по нормализацијата на односите помеѓу Југославија и СССР донеле многу различни судбини на информбировската емиграција во Источна Европа. Дел од емигрантите добиле државјанства на ибеовските земји, поранешни официри на ЈНА биле примени во војската, а еден дел се запослил во политичките организации или во своите изворни професии. Повеќето емигранти по нормализација на односите во текот на втората половина на педесеттите години и покасно се враќале во Југославија. Југословенските податоци зборуваат дека меѓу првите емигранти од Чехословачка, првото барање за репатријација во Југославија го поднел Мича Рајковиќ, кој бил репатриран на 28 јули 1956 година. Во Југославија е осуден на осум години строг затвор. Масовното враќање во Југославија го спречувало стравот од одговорност за работата во текот на емигранските години. Според југословенските извори, емигрантите многу очекувале од посетата на Броз на СССР во 1956, надевајќи се дека во таа прилика ќе биде направен договор за нивно враќање во земјата без одговорност. Југославија навистина реагирала кон крајот на 1956 година. Тогаш бил одржан состанок кај Ранковиќ на кој биле направени критериумите за тоа кој се може да се врати во земјата без кривична одговорност, а кој ќе сноси кривична одговорност. Со одлуката дека кривично ќе се гонат само сторителите на најтешките дела, а потоа да им

---

[285]Momčilo Mitrović; Slobodan Selinić,
Jugoslovenska informbiroovska emigracija u istočnoevropskim zemljama, 1948-1964,
Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2 / 2009, стр.35,
http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=6d555318-ba87-4124-9c3d-9210be7de8f1&articleId=ee851d7b-c1d0-4958-9bb9-fb2e3872fc69

[286] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, К.21, п.2, д.6, Записник од Вториот Пленум на ЦК на КПМ одржан на 19 и 20 април 1949 год. стр.61

се овозможи и амнестија по судењето, на емигрантите да им се признае завршеното школо надвор од земјата и чиновите кои ги имале во емиграција, како и да им се овозможи запослување во земјата во согласност со стручноста, со што се гледала југословенската желба, што поголем број на емигранти да се вратат во земјата.[287]

Аналогно на односот на југословенската држава кон целокупната југословенската емиграција, истата судбина ја доживеала и македонската емиграција, пред се бегалците од Егејска Македонија, кои животот го продолжиле во земјите од Источна и Западна Европа, Американскиот континент и Австралија.

## 4.3 Крајот на граѓанската војна во Грција и последиците за македонскиот народ

Како и сите војни меѓу кои и граѓанските војни кои покрај политичкото насилство проследено со физички егзекуции на политичките неистомисленици, економската девастација, рушење на институционалниот систем, како највпечатлив момент се издвојуваат бегалските кризи кои некогаш прераснуваат во хуманитарни катастрофи. Како што веќе погоре е наведено во трудот по завршувањето на Втората светска војна бројот на бегалците во Европа се броеше во милиони. Меѓу тие бегалци секако се вбројуваат и бегалците од Граѓанската војна во Грција, меѓу кои и неколкуте илјади деца бегалци од Егејска Македонија, како еден од најболните и најтрагичните историски настани во македонската историја.

По завршувањето на борбените дејствија територијата на Егејска Македонија претрпела такви катастрофални последици кои засекогаш го измениле нормалниот тек на историјата на овие простори. Иако речиси целокупниот товар паднал врз македонскиот народ, по поразот на левоориентираните политички сили во Граѓанската војна, раководството на ДАГ и КПГ во емигрантски услови во Албанија се обидело целата одговорност за таквиот исход да ја префрли врз македонските воено – политички раководители и државниот врв на комунистичка Југославија.[288]

---

[287] Д-р Момчило Митровић, М-р Слободан Селинић, Југословенска информбироовска емиграција у источноевропским земљама, 1948-1964, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 1-2/2009, pages:31-54, www.ceeol.com, стр.46

[288] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и Репресираните во најновата македонска историја, Макавеј, Скопје, 2005,стр.118

Таквата кампања против македонските воено политички раководители се спроведувала преку монтирани политички процеси. На 7 октомври 1949 година во договор помеѓу претседателот на албанската влада Мехмед Шеху и претставници на КП на Советскиот Сојуз била испланирана и спроведена тајна акција против македонските раководител на НОФ. Ненејдено и неочекувано за грчкото комунистичко раководство, 15 офицери на албанската Служба за државна безбедност “Сигурими“ на чело со полковникот Ѓорѓис, во ноќните часови влегле во просториите каде се наоѓале притворените македонските воено-политички раководители од Егејска Македонија и ги повеле со себе. Поради ваквиот едностран чин на албанското државно раководство, КПГ протестирала и барала уапсените македонските раководители да се вратат под нејзина ингеренција и истрагата против нив да се води од грчки комунистички истражни органи.[289] Ваквото барање на раководството на КПГ било одбиено и понатамошните постапки против уапсените Македонци биле дирегирани од советскиот државен врв во Москва.Уапсените раководители на македонското национално ослободително движење од Егејска Македонија од албанските безбедносни служби најпрвин биле затворени во затворот Бурели, а потоа биле префрлени во централниот затвор во Тирана. На 14 декември истата година уапсените Македонци преку пристаништето во Драќ биле натоварени во советскиот товарен брод “Мичурин“ со кој биле пренесени во пристаништето Одеса од каде се предадени на органите за државна безбедност на СССР. Истрагата против раководителите на НОФ се водела во период од околу две години и најглавниот нејзин момент бил што советските безбедносни служби се обидувале да ја докажат нивната поврзаност со југословенското државно раководство на чело со Тито и да претстават лажна слика дека тоа всушност била и главната причина за поразот на ДАГ во Граѓанската војна во Грција. Со тоа државниот врв на СССР се обидувал да го одврати вниманието на јавноста од суштинските причини за таквиот развој на настаните во Грција, а тоа биле веќе поделените сфери на политички влијанија на големите светски сили.[290]

Грчката држава, бегалското прашање успеала да го наметне и во ООН, со што се дала дополнителна димензија на т.н. грчко прашање, кое ги засегнувало односите помеѓу Грција и нејзините соседи Албанија, Бугарија и Југославија, а кое е ставено на дневен ред во Организацијата уште од 1946 година.

---

[289] Исто така, стр.118

[290] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и Репресираните во најновата македонска историја, Макавеј, Скопје, 2005, стр.121

Наредните години во духот на југословенската надворешна политика, воспоставување на добрососедски односи со граничните земји, политичкиот аспект на грчкото прашање бил потиснат на сметка на хуманитарниот аспект. Овој аспект се однесувал на репатријација на децата, а прв пат бил ставен пред Политичкиот комитет на ООН во есента 1948 година. Материјалот бил насловен како „Закана на политичката независност и територијалната целовитост на Грција: враќање на децата во татковината" и се засновал на обвинувањата на грчката влада дека демократските сили префрлиле 30.000 деца во земјите на Источниот блок.[291]

Генералното собрание на ООН, на 11 ноември 1948 година, препорачала враќање на децата во Грција во случај ако „децата посебно, нивните мајки или татковци или во отсуство на нивните родители, родните изразат таква желба", а на третото заседание на собранието донесена е одлука, прашањето на грчките деца да се разгледува одвоено од грчкото прашање.

Оваа препорака била вметната и во Резолуцијата 139/III С донесена на Третото заседание на 27 ноември истата година, на основа на доставениот извештај од политичкиот комитет. На основа на оваа резолуција „во Грција требало да се репатрираат децата чии родители, татко или мајка, односно во нивно отсуство најблиските роднини кои ќе го побараат тоа; земјите во кои се згрижени децата да го превземат сите мерки за остварување на препораките; вклучување на меѓународната организација на Црвениот крст, кој требало да воспостават врски со националните сродни организации во конкретните земји за успешна реализација на репатријацијата.[292]

Последиците од граѓанската војна во Грција најсилно ги почуствувале Македонците во Егејскиот дел на Македонија. По завршувањето на граѓанската војна било присутно двостраното третирање на бегалците од Грција од страна на грчките власти и грчкиот печат. Грчките власти и печат имаат сосема поинаков, благонаклонет став кон бегалците од Грција и поранешните борци на ДАГ-а, кои се наоѓаат во источно европските земји, кои ги повикувале и им овозможувале да се вратат во Грција (пораката на Папагос* преку радиостаницата на "Слободна Европа"), додека кон

---

[291] Др Катерина МИРЧЕВСКА, ИНИ Скопје, ФНР Југославија и репатријација деце евакуисана из Грчке 1948 године, стр.22. Извор Tokovi istorije, issue: 1-2/2009, pages:21-30, on www.ceeol.com; http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=6d555318-ba87-4124-9c3d-9210be7de8f1

[292] Исто така, стр.23.

* Александар Папагос (9 декември 1883, Атина – 4 октомври 1955, Атина), грчки генерал кој ја предводел грчката армија во Грчко-Италијанската војна и во подоцнежните фази од граѓанската војна, грчки премиер од 19 Ноември 1952 година до 4 Октомври 1955 година. Извор http://en.wikipedia.org

бегалците кои се наоѓаат во ФНР Југославија, а особено во НР Македонија се однесувал како кон “бандити“, за кои “би било глупаво од Наша страна да ги примиме повторно или да им го признаеме правото да се вратат“. Оние бегалци од Егејска Македонија, кои согласно нашите прописи (југословенското право) за правото на азил, го примиле нашето државјанство (југословенското државјанство), се нарекуваат со најпогрдни имиња. Спрема тоа грчките власти имаат сосем поинаков третман кон оние бегалци, кои се наоѓаат во Југославија без оглед дали се Македонци или Грци и го отежнуваат или потполно го оневозможуваат издавањето на патни исправи на оние кои сакаат да се вратат во Грција.[293]

Уште еден значаен момент кој треба да се спомене е односот на ООН кон малцинските прашања, што во суштина било израз на интересот на големите сили кон ова прашање по завршување на војната и склучувањето на сепаратните мировни договори.

Евидентна резервираност кон проблематиката на малцинствата во системот на ООН се изразува преку фактот што во двата темелни документи на ООН, Повелбата на ОН и Уневерзалната декларација за правата на човекот, малцинствата не се ни споменуваат. Тој систем се темели на ставот дека со правилната заштита на индивидуалните човекови права, посебни одредби за правата на малцинствата не се ни потребни. Имено, Обединетите нации ја прифатија граѓанско-либералната политичка доктрина за национална држава, која тргнува од начелото дека во државата постојат само поединци, односно граѓани и дека сите тие граѓани ја сочинуваат нацијата. Според оваа доктрина се совпаѓаат границите на државата и нацијата, што значи дека во една држава сите нејзини граѓани се припадници на нацијата на таа држава, независно од тоа од која националност се. Оваа доктрина радикално се применува по француската и американската револуција и според неа единствен релевантен однос во организиранот општество постои меѓу државата и граѓанинот поединец, а нема простор за малцинството како колективитет кој би го загрозувал колективитетот на нацијата.

Со неспоменувањето на малцинската проблематика во Повелбата на ОН и во Универзалната декларација, таа се става во рамките на едно општо почитување на човековите права и основни слободи, на еднаквост на луѓето и недискриминацијата, без разлика на расата, полот, јазикот или верата. Во времето на усвојувањето на

[293] Фонд Лазар Колишевски, МАНУ, Скопје, Кутија 31, Папка 21, Документ 1, стр.1 и 2

темелните документи на ООН, САД беа изрично против директното споменување на правата на малцинствата, тргнувајќи од своите традиции, каде имиграционите маси на луѓе се вклопуваат ("melting pot") во конглеморатот на „новата американска култура". Другата тогашна голема сила, СССР, иако начелно ги подржуваше настојувањата да се донесат меѓународни норми за малцинските права, се спротивставуше на меѓународниот надзор врз примената на тие мерки, сметајќи дека тие прашања се исклучиво во внатрешна компентенција на државата.[294]

## Глава V

## МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ПОЛИТИКА ВО УСЛОВИ НА ЗАЛАДЕНИ ОДНОСИ СО СССР И ИСТОЧНИОТ БЛОК

### 5.1 Балканскиот пакт од 1953 година со Југолсавија - Јужното крило на НАТО пактот

Геополитичките интереси на САД кон Балканското прашање и балканските држави во ништо не се разликувале од интересите на Велика Британија и воедно имале континуитет кога станувало збор за попречување на влијанието на СССР. Она што предизвикувало особен страв за интересите на Велика Британија е дека руското влијание и комунизмот би можеле да се прошират во Југоисточна Европа на два начина и тоа преку јужнословенското соединување и македонската независност.[295]

Идеите за јужнословенската федерација и панславинизмот на Балканот Британците ги врзувале со политиката на Коминтерната која во текот на дваесеттите година на XX век се залагала за создавање на балканска комунистичка федерација која би имала за цел надминување на националните нетрпеливости помеѓу Бугарија, Грција, Југославија, а можеби и Романија. Посебно со една таква федерација би престанале нетрпеливоста помеѓу Бугарија, Грција и Југославија околу Македонија, која би била самостојна или автономна единица на таа федерација, чии пак граници никогаш не биле означени.

[294] Владимир Ортаковски, Меѓународната положба на малцинствата, Мисла, Скопје, 1996 година, Стр.207/8

[295] Elisabeth Barker, Britanska politika na Balkanu u II svjetskom ratu, Globus, Zagreb, 1975, стр.179

Позади таквите идеи Британците не ја земале предвид политиката на Коминтерната туку гледале како кон политика на царска Русија. Обединувањето на Бугарија и Југославија, или Србија, всушност би се создал агент на рускиот империјализам во југоисточна Европа.[296]

Аналогно на тоа и интресите на САД биле особено засегнати во однос на руското влијание доколку не се контролира Средоземноморската линија. Членството во НАТО на Грција и Турција имало посебно стратегиско значење за целиот атлантски пакт, нивниот прием во НАТО пактот всушност го обезбедувал целиот средоземноморски басен.

Решеноста на САД за интервенција во Грција во услови на затегнати односи помеѓу Југославија и Грција поради граѓанската војна може да се види и низ директното манифестирање на воена сила. Како што наведува дописнокот на Танјуг од Атина на 3 март 1949 година, преку соопштение на поморското аташе на американската амбасада во Атина, била информирана јавноста дека на 11 март 1949 година во пристаништето Фалерон, ќе впловат 22 воени бродови на шестата американска воена ескадрила која вршела воени вежбовни активности во Средоземното Море. Меѓу бродовите се наоѓала тешкиот крстоснувач „Алвани" на која бил и адмиралот Шерман, носачот на авиони "Филипинско Море", лесна крстарица "Спокеј", разорнувачи и други бродови. Две флотила ќе впловат во Фалерон на 9 март, другите бродови подоцна ќе впловиле и во други грчки пристаништа.[297]*

Интересно е што веднаш по потпишување на атланскиот договор на 4 април 1949 година, а во период на крајно затегнати односи на Југославија со СССР односно пред објавувањето на резолуцијата на ИБ и завршница на граѓанската војна во Грција, на 5 април 1949 година Министерството за надворешни работи на САД во една своја телеграма во делот за Грција, која се до 1952 година не е официјално членка на алијансата, се наведува дека според Министерството за надворешни работи на Грција, Југославија ќе овласти еден од своите претставници да се сретне со високо рангиран грчки офицер за да го определат местото, условите и личностите за средба помеѓу

---

296 Исто така, стр.179

297 МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.49, п.54, стр.14, Извадоци од Танјуг

*На 1 февруари 1946 година била формирана командата за поморски сили во Средоземното море на САД, со што била создадена Шестата американска флота. На 5 септември 1946 година во Грција е испратен носачот на авиони "Франклин Д.Рузвелт", што претставувало израз на американското пријателство и интересот на Грција и на решеноста да ги помогнат антикомунистичките сили во неа и отпорот на Турција на советската закана. Ристо Кирјазовски, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција"...стр.176/177

двете држави за решавање на нивните разлики.[298] Ова јасно покажува дека Југославија веќе во тој временски период е влезена во орбитата на западните односно американските интереси со цел нејзино дистанцирање од СССР, а за што било потребно најпрво нормализирање на односите помеѓу двете соседни држави, преку повлекување на Југославија од директната помош која ја давала на комунистите и македонското население во граѓанската војна.

На оваа телеграма и претходи една друга телеграма од 21 Март 1949 година каде се наведува дека Министерството за надворешни работи го информирало амбасадорот на САД во Атина дека југословенски претставници имале таен и неформален пристап до грчки претставници, со сугестија за средба на неутрална земја помеѓу претставници на двете држави за да дискутираат за дофговор помеѓу нив. Грчкото министерство за надворешни работи очекувало потврден одговор за оваа средба.[299]

Со стратегијата за проширување во раните 1950-титте години се овозможи прием во НАТО паткот на Грција и Турција. Грција служела како точка за задржување на Балканскиот полуостров, а Турција за да го отсече советскиот поморски пристап на Средоземното Море. Исто така Турција би обезбедила НАТО да располага со една од најголемите постоечки армии во Европа, со преку 25 дивизии, со која би можеле да го врзат и одвратат СССР во случај да ја нападнат Централна Европа. Двете членки исто така би ја осигурале јужната команда на НАТО пактот и да се отвори патот за американските бази во Турција. Во септември 1950, Грција и Турција биле поканети да ги координираат заедичките активностите на одбранбените планови на НАТО. На 22 октомври 1951 година Грција и Турција го потпишале договорот за пристап во НАТО пактот, кој беше формализиран на 18 февруари 1952 година.[300] Политичката стабилност подржана со воена помош, ќе биде директен придонес и за економскиот развој како посебна компонента во севкупната стабилност на земјите. Врз основа на податоците на грчката влада, од 1950 до 1961 година бруто националниот доход на Грција е зголемен за 97 проценти, а додека порастот по жител на истиот период се зголемил од 179 на 316 долари. Истите податоци наведуваат дека последните години

---

[298] Summary of Telegrams, Department of State, April 5, 1949. Naval Aide Files, Truman Papers, http://www.trumanlibrary.org/whistlestop/study_collections/nato/large/documents/index.php?documentdate=1949-04-05&documentid=15-16&pagenumber=1
[299] Исто така
[300] Sean Kay, NATO and the future of European security, Rowman & Littlefield publishers,INC, 1998, стр.51

Грција забележила просечен пораст на производството од 6,4 проценти, што бил најбрз од западните земји после Западна Германија.[301*]

Владата на Грција членството во НАТО, а при тоа користејќи ја геостратешката положба на сопствената држава, може слободно да се каже дека го злоупотребувала со цел стекнување на економска корист, а чиј економски долг воедно растел со години наназад, што ќе биде една од главните причини за грчкиот економски колапс кој стануваше очигледен од 2008 година.[*] Грчката влада прашањето за помош се обидувала да го наметне не како финансиско туку како политичко во смата алијанса. Според информациите кои ги доставувала грчката влада, Грција трошела далеку повеќе средства за одбраната (околу 5 отсто од националниот доход), така што тоа се одразувало на нејзината способност за побрз економски развој. Поради тоа Грција била поставена пред дилемата или да ги редуцира своите трошоци на одбраната, што би било штетно како за неа така и за НАТО, или пак да ја намалела својата програма за инвестиции, што исто така би било штетно и сигурно негативно би се одразило на политичката стабилност во земјата.[302] И покрај тоа што можеби атлантскиот пакт не располагал со финансиски фонд за директна помош на Грција, како што барала и грчката влада, сепак постоеле начини за помош на грчаката индустрија преку вложувањето за воените потреби на алијансата, како што бил примерот со ракетната база на алијансата поставена на Кипар, која била и центар за обука за балистички ракети. Преку инвестиција од 60 милиони долари во ракетната база на Кипар, иако

[301] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.49,п.9,д.5, Билтен бр.5, Биро за документација, Година III, Скопје, јуни 1962 година, стр.41

[*] Сепак економскиот развој на Грција се должел и како резултат на големата задолженост која се споменувала во тоа време. Новите задолжувања кои требало да бидат привилегија како за членка на НАТО пактот, наишло на слаба готовност кај меѓународните економски институции поради неликвидираниот предвоен долг кој изнесувал околу 210 милиони долари. Но останува фактот дека одредени членки на НАТО имале директно влијание во донесувањето на одлуките за економските заеми од страна на меѓународните економски институции.

[*] Од 3 до 7 мај 1962 година, во Атина, на Советот на министри на Атланскиот пакт, на дневен ред се нашло прашањето за економска помош на недоволно развиените членки на оваа организација, Грција и Турција. Всушност тоа било прв пат ова тело, како и воопшто Атланскиот пакт, на таков, поконкретен начин да се занимава со чисто економска проблематика. Бидејќи Атланскиот пакт не располагал ниту со тела, ниту со фондови, специјално наменети за економски развој на своите членки, единствен начин било да се искористи авторитетот на земјите членки кои биле воедно и членки на меѓународните финансиски институции и да им се сугерира за овозможување на заеми и кредити за двете земји. МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.49,п.9,д.5, Билтен бр.5, Биро за документација, Година III, Скопје, јуни 1962 година, стр.44. Според одредени извештаи за грчката должничка криза во 2010-2011 година, токму од 1962 година започнало неконтролираното задолжување на грчката држава, година по Берлинската криза и година на Кубанската ракетна криза.

[302] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.49,п.9,д.5, Билтен бр.5, Биро за документација, Година III, Скопје, јуни 1962 година, стр.44

специфично воена, многу ќе се придонело за општото кравање на животниот стандарт на Грција.[303]

Исто така во овој случај мора да се споменат и лукративните интереси на големите земји членки на НАТО, кога станувало збор за помош на неразвиените земји членки како што биле Турција и Грција. Западна Германија на Грција и овозможила заем без намена, кој бил потрошен за изградба на патишта. (м.з. во текот на 50-тите години). Почетокот на 60-тите години Владата на Западна Германија повторно изразила спремност за да и даде заем на Грција во висина од 200 милиони марки. Користењето на заемот бил обврзан само доколку имало поврзаност со претходните проекти (објекти) и доколку опремата би била нарачана кај германски фирми.[304]

Во секој случај владеачките кругови во Грција на секој начин инсистирале судбината на режимот што потесно да го поврзат со блоковските интереси на Запад при што се обидувале да ја искористат „истурената позиција“ за стопанското заздравување на земјата. Тоа било ‘рбетот на грчката политичка стратегија. Исто така и односот кон македонското прашање, кое од страна на Грција било претставувано како воено-политичко прашање за кое ќе мора да ја има подршката на целата Атланска заедница.[305]

Кои биле ефектите за грчката и турската економија може да видиме од тоа дека само воената помош дадена од САД за четириесет години, од 1947 година до 1991 година за Турција изнесувала 9 милијарди долари, а за Грција преку 5 милијарди долари.[306]

Членството на Грција во НАТО, пред се го искористила за економската стабилност на земјата и со видливи резултати во нејзиониот равој. Врз основа на податоците на грчката влада, од 1950 до 1961 година бруто националниот доход на Грција е зголемен за 97 проценти, додека порастот по жител на истиот период изнесува од 179 на 316 долари. Истите податоци наведуваат дека последните години Грција забележила просечен пораст на производството од 6,4 проценти, што бил најбрз од западните земји после Западна Германија.[307]

---

[303] Исто така, стр.45
[304] Исто така, стр.46
[305] Исто така, стр.46-47
[306] Monteagle Stearns, Entangled allies: U.S. policy toward Greece, Turkey, and Cyprus, Council on Foreign Relations, New York, 1992, стр.40
[307] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.49,п.9,д.5, Билтен бр.5, Биро за документација, Година III, Скопје, јуни 1962 година, стр.41

Заладувањето на односите на Југославија со источниот блок овозможило доближување на воено-политичката соработка на Југославија со Западниот блок и покрај различното општествено-политичко уредување, што можеби и ќе преставува најголемиот политички пораз за политиката на Сталин.

Договорот за пријателство и соработка помеѓу Република Турска, Кралството Грција и Федеративна Народна Република Југославија потпишан на 28 февруари 1953* година, ќе претставува еден од обидите за обезбедување и стабилзирање на јужното крило на НАТО односно на земјите кои гравитираат кон Средоземното Море, што подоцна ќе преставува и предизвик за американската надворешна политика поради историскиот товар од судирот помеѓу Турција и Грција.

Договорот имал и директна рефлексијата врз македонското национално прашање. Една од основните цели била елиминирање на опасноста од СССР и членките од Варшавскиот пакт, а воедно ниедно прашање кои било отворено не смеело да го попречи процесот на потпишување и пристапување кон договорот што ќе биде и наведено во договорот. Едно од тие отворени прашање се разбира било и македонското прашање.

Една од целите на договорот била да се чува и брани слободата и независноста на своите народи, како и својот територијален интегритет од секаков надворешен притисок, а заедничките интереси на своите народи бараат соодветни мерки за зачовување на мирот и безбедност на овој дел од светот. [308]

Во договорот се гледаат јасните намери и цели за зачувување на територијалниот интегритет на државите и обединување на заедничките напори и интереси за одвраќање од евентуална агресија која би доаѓале од надвор. Во **член 1** од договорот се вели: *"Со цел да се обезбеди постојана соработка, земјите потписнички ќе се консултираат за сите проблеми од заеднички интерес. Министрите за надворешни работи на земјите потописнички мораат редовно да се состануваат на конференција и тоа еднаш годишно, а почесто доколку се смета за потребно со цел разгледување на меѓународната политичка ситуација и да се превземат неопходни мерки во согласност со целите на договорот.* [309]

* Договорот ратификуван од Југославија 6 Април 1953; од Грција на 21 мај 1953; од Турција 29 Мај 1953.

[308] Treaty of Friendship and Collaboration Between the Turkish Republic, The Kingdom of Greece, and the FederalPeople'sRepublicofYugoslavia, February 28, 1953, http://avalon.law.yale.edu/20th_century/eu001.asp#1, диспозитив на Договорот

[309] http://avalon.law.yale.edu/20th_century/eu001.asp#1, член 1 од Договорот

Во **Чл.2** *Договорните страни имаат намера да продолжат со заедничките напори за зачувување на мирот и безбедноста на своите територии и да продолжат со проучување на проблемите поврзани со нивната безбедност, вклучувајќи и заеднички мерки за одбрана, потреба која можела да настане во случај на неоснована агресивност насочена против нив.*

Но договорот немал само воено одбранбен карактер туку *„Земјите потписнички ќе водат сметка и за соработката во економската, културната и техничката област..“*[310] што укажува дека намерата била да се зајакне соработката меѓу земјите во сите сфери на општественото живеење. Со анекс договорот помеѓу Југославија, Грција и Турција потпишан на 7 Ноември 1953 година во Белград, соработката требало да се продолжи и продлабочи во сите полиња, а воедно е формиран и постојан секратаријат на земјите потписнички кое било оперативно тело за подготвување на министерските конференции и да ги проучува прашањата кои се однесуваат на политичката, воената, културната, економската и техничката соработка помеѓу земјите членки на договорот .[311]

Од договорот и анекс договорот за пријателство и соработка на трите држави, јасно било дека требало да се елименираат сите отворени прашања кои претставуваат закана за меѓусебните односи меѓу кои се разбира спаѓало и македонското прашање.

Според француските дипломатски односи, Јосип Броз Тито уште во 1951 година, дал согласност за создавање на Балканскиот Пакт,[312] што се совпаѓа со годината на договорот за пристапот на Грција и Турција во НАТО пактот.

## 5.2 Смрта на Сталин и нормализацијата на односите помеѓу Југославија и Источниот блок

Голем интерес во Западниот блок, а уште повеќе во Источниот блок бил пројавен уште пред објавувањето за смртта на Сталин. Тоа ни укажува колку бил голем товарот и колкава била политичката тежината на Сталин во политичките односи помеѓу државите во двата блока. Како пример ги земав реакциите и известувањата

---

310 Treaty of Friendship and Collaboration Between the Turkish Republic, The Kingdom of Greece, and the FederalPeople'sRepublicofYugoslavia, February 28, 1953, http://avalon.law.yale.edu/20th_century/eu001.asp#1, чл.4 од договорот

311 Internacional Documennts, Martinus Nijhoff, The Hague, Netherlands, 1961, Additional agreement to the treaty of friendship and collaboration, стр.56

312 Лазар Лазаров, Македонија во француската политика на Балканот 1944 – 1957, ИНИ, Матица Македонска, Скопје, 1998, стр.161

пренесени од Романија и Бугарија, од страна на југословенските дипломати, од каде силно се чуствувало влијанието на СССР врз Југославија. Така југословенската амбасада во Софија јавила дека соопштението за болеста на Сталин кај народот е примено со големо задоволство и со силни уверувања дека тој всушност е мртов, а дека тоа соопштение претставувало само подготовка за соопштението за смртта. Во Романија соопштението на Сталиновата болест предизвикало приметно вознимерување кај власта, кое од ден во ден растело, додека на денот на сталиновата смрт и објавувањето на официјалното соопштение, според впечатокот на југословенските дипломати, тоа не предизвикало размери на „опседната состојба“.[313]

Во Романија поточно на улиците на Букурешт кружеле камиони полни со војници, полицијата во групи патролирала по градот деноноќно, стражите на сите важни пунктови во градот биле удвоени, а целокупната атмосфера укажувала на тоа дека се очекуваат некои важни настани и дека во врска со тоа, ситуацијата во земјата е многу напната. Посебни мерки за забрана на движење надвор од Букурешт, се воведени за сите дипломатски претставништва во Романија, со исклучок се разбира за претставништвата на земјите од „народната демократија“. Таквите мерки во амбасадата на Југославија се доживеани како обид на романските власти да ги спречат странците да добијат увид во тоа што се случува во врска со сталиновата смрт во внатрешноста на земјата. Полицијата доследно ги спроведувала наредбите и спречувала било каков обид за излегување на дипломатите надвор од градот, додека Министерството за надворешни работи на Романија, истотака доследно избегнувало да даде конкретен одговор зашто таквата забрана е спроведена.

За атмосферата на опседната состојба во Романија допринеле и гласините ( но и информациите со кои располагале одредени воени аташеа во Букурешт) за движењата на романските и советските трупи.[314]

За разлика од Романија, во Бугарија не биле забележливи знаци на напнатост и нервоза во круговите на власта. Одредени западни весници ги пренеле тврдењата дека бугарската војска префрлила значителни пешадиски и оклопни единици кон

[313] Vladimir Cvetković, Југословенски утисци о одјеку стаљинове смрти и Бугарској и Румунији, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 3-4/2008, стр: 62-63, www.ceeol.com
[314] http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=522ef2d1-7448-473c-836a-fc7d393a6f0e&articleId=fd13f57e-8a76-4057-a8e4-82d4f9bdeddb, Vladimir Cvetković, Југословенски утисци о одјеку стаљинове смрти и Бугарској и Румунији, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 3-4/2008, стр.63, www.ceeol.com

југословенската граница (особено во секторите кон Македонија) додека дел од војската бил вкопан кон границата со Турција.[315]

Според сведочењето на Ѓилас и Дедиер, смртта на Сталин предизвикало олеснување, па дури и радост кај југословенскиот партиски врв. Иако веќе во текот на 1952 година, станало јасно дека до директен напад од страна на СССР нема да дојде. Заминувањето на Сталин од политичкита сцена овозможило попуштање на затегнатоста, а потоа и детант во односите помеѓу Југославија и Советскиот Сојуз. Југословенското раководство на чело со Тито, иако донекаде превиено во фрази но сепак одлучно, барало од Москва да ја признае погрешноста на Сталиновата политика и да превземе иницијатива за нормализација на односите. Во исто време Тито, во говорот во Батајница кон крајот на мај 1953 година, го уверувал Западот дека Југославија останува верна на своите обврски (кон западот), но дека сака нормализација со Истокот. Промени се почуствувале на внатрешен план. Тито започнал критика на либерализацијата и за „влијанието на туѓите сфаќања во секојдневното наше живеење и тоа за многу чуствителни прашања, како што се на пример културниот и општествениот живот, печатот и науката, односот помеѓу луѓето„.[316]

Кон средината и втората половина на 1953 година и потоа, според француските дипломски извори, сред југословенските раководни структури на чело со Ј. Б. Тито, се чуствувало и имало обиди за приближување на Југославија кон источно социјалистичките земји. Според истите извори како поткрепа на југословенското приближување кон Исток се наведува потпишувањето на трговскиот договор на Југославија со Чехословачка, Унгарија и Романија, а посебно тоа се согледувало низ говорот на Јосип Броз Тито во Истра во јуни 1953 година, каде во врска со Балканскиот пакт, Тито изнел дека „Југославија не прави ништо да го ослобне Балканскиот пакт како моќна тврдина на мирот и дека Атланскиот пакт не и е потребен на Југославија, но со него може да се зближуваме – имаме декларација за борба против агресија но нема никогаш да се врзуваме со светот...“[317]

---

[315] Исто така, стр.63, www.ceeol.com

[316] Dobrivojević, Ivana; Miletić, Aleksandar R, Prilog izučavanju percepcije Sovjetske stvarnosti Jugoslovenskim medijima (1945-1955), Currents of History (1-2/2004), стр.88, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=63007027-1a1c-43cc-bb30-c18f0fac6392&articleid=6f665a5f-f38c-4e87-b268-1adbdcc2a058#a6f665a5f-f38c-4e87-b268-1adbdcc2a058

[317] Лазар Лазаров, Македонија во француската политика на Балканот 1944 – 1957, ИНИ, Матица Македонска, Скопје, 1998, стр.162

Сепак иако симптомите на „попуштање“ кон Југославија биле примени во сите држави кои се наоѓале во советскиот лагер, па и соседите, до клучно поместување во нормализација на односите не дошло се до јасниот сигнал даден од Москва. Тој одлучувачки сигнал бил испратен од Москва во јуни 1953 година, во вид на јасно изразена желба на Советите во Белград да го испратат својот амбасадор.[318]

Барањето на советската влада за добивање на агреман за новиот амбасадор Василиј Ваљков, во Белград, испратен е на 6 јуни 1953 година, иако непосредно пред тоа СССР, иманувал нов вршител на должност Кирсанов, што сведочело за брзината со која Москва ги носела одлуките во врска со нормализација на односите со Југославија што внело забуна меѓу југословенските дипломати во Москва, кои не биле сигурни, дали агрманот за Ваљков го поништува именувањето на Кирсанов.[319]

Изборот на Добривоје Видиќ за нов југословенски амбасадор во Москва, за кого агреман е побаран на 1 јули, сведочи за титовата претпазливост бидејќи бил уверен дека Видиќ, стар само 35 години и без поголемо дипломатско искуство, немал било какви контакти со советите или со НКВД, за разлика од некои постари кадри во кои не можел да биде сигурен.[320]

Првите две земји од источниот блок со кои Југославија ги нормализирала односите биле Унгарија и Бугарија. Всушност првата источноевропска држава која ја покренала иницијативата за размена на амбасадори со Југославија била Унгарија. Агреманот за својот нов дипломат во Белград, Шандор Куримски, Унгарија официјално преку вршителот на должност на југословенската дипломатска мисија во Будимпешта, ја побарала на 10 август 1953 година. Образложувајќи го барањето, унгарската влада навела дека сака да ги подобри односите со Југославија, кои претходно неколку години биле особено лоши, а што било во интерес на двете земји.[321]

По унгарската дошла и југословенската иницијатива за испраќање на нов југословенски дипломат во Будимпешта. Агреманот за Далибор Солдатовиќ југословенската влада го побарала на 29 септември 1953 година, а позитивен одговор од унгарска страна добила веќе на 10 октомври.[322]

---

[318] Vladimir Lj. Cvetković, Нормализација дипломатских односа Југославије са Мађарском и Бугарском 1953-1954, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 3 / 2009, стр.118, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=505041ba-4088-4927-953e-1a5e218c0ed4

[319] Исто така

[320] Исто така стр.119,

[321] Исто така

[322] Исто така стр.122,

По Унгарија следна „народнодемократска“ држава која покажала интерес за нормализација на дипломатските односи со Југославија била Бугарија. Официјалниот предлог за размена на амбасадори со бугарската страна е испратен на 24 август 1953 година, при разговорот на југословенскиот вршител на должност во Софија, Раиф Диздаревиќ со бугарскиот министер за надворешни работи Минчо Најчев. Бугарскиот министер во таа прилика прво го покренал прашањето на правилникот за регулирање на граничните инциденти, потоа разговорот бил воден за репатријација на група од околу 100 југословенски граѓани, за да на крајот од разговорот се изнел и бугарскиот предлог за испраќање на својот амбасадор Ангелов во Белград, за кого веднаш е побаран и агреман. Бугарскиот предлог наишол на подршка од страна на Белград, а агреман за новиот бугарски амбасадор е даден на 8 септември.[323]

Ставот на западните и другите држави кон нормализацијата на југословенско-советските односи може да го заклучиме и преку согледувањата на Вељко Миќуновиќ[324] каде што вели дека„...*Одредени западни земји веројатно сакале судирот помеѓу Нас и Русите никогаш и да не заврши. Нешто слично посакува и Русија во поглед на односите, на пример, САД и било која од државите од западната хемисфера. Причините за ваквите ставови и на едните и на другите биле лесно сфатливи. Не е тешко да се разбере политиката на подршка која ни ја укажувал Запад после 1948 година. Нашите основни интереси не упатувале да бараме помош и подршка за одбрана од Сталиновиот агресивен притисок на Југославија на сите страни и да ја прифатиме секоја помош која оди во прилог на одбрана на суверенитетот и независноста. Запад од своја страна, имал свои интереси да ни пуржи помош каква ние сме можеле да прифатиме.*[325]

Советските ставови по прашањето на односите во комунистичкото движење битно не се промениле и покрај процесот на десталинизација и прокламирање на демократизација на општествата. Иако Коминформот е распуштен, советските политичари не се откажале од императивот на парирање на капитализитичките земји низ постоење на еден меѓународен форум на комунситички земји кој би имал свој

[323] Vladimir Lj. Cvetković, Нормализација дипломатских односа Југославије са Мађарском и Бугарском 1953-1954, Currents of History (Tokovi istorije), issue: 3 / 2009, стр.124, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=505041ba-4088-4927-953e-1a5e218c0ed4

[324] Првиот амбасадор на Југославија во Москва по нормализацијата на односите со СССР.

[325] Veljko Mićunović,Moskovske godine, 1956 – 1958, Sveučilišna Naklada Liber-Zagreb, 1977 godina Zagreb, стр.23

раководен центар. Затоа и се инсистирало за формирање на нова комунистичка асоцијација, која југословенксото раководство би било спремно да ја прифати.[326]

Нормализацијата на односите со Источниот блок на Југославија, веднаш во прашање ги доведувало односите со Западните земји, а особено со Грција и тоа во однос на македонското прашање, како најчувствителното политичко прашање помеѓу двете земји.

Секое доближување или заладување на односите на Југославија со Истокот или Западот се рефлектираше врз македонското прашање. Веќе во текот на 1954 година по смртта на Сталин и се повидливиот детант на односите помеѓу Југославија и СССР, забележано е навредливо пишување на грчкиот печат за НР Македонија и мешање во внатрешните работи на ФНРЈ, при што со писмо од страна на Лазар Колишевски за таквата состојба бил информиран државниот секретар за надворешни работи Вељко Миѓуновиќ. Особено со највулгарни напади врз НР Македонија, бил солунскиот печат, кој НР Македонија ја нарекувал "вештачка творба" барајќи нејзино "расформирање". При тоа биле измислувани "аргументи" не само за непостоење на македонско национално малцинство во Грција, туку воопшто и за непостоење на македонска нација, која била нарекувана "етнолошка алхемија" и "московска измислица".[327]

Исто така кон насока на таквата политика е и Законот за колонизација на северните делови на Грција, донесен август 1953 година кој се спроведувал единствено кон Македонците, додека грчката влада, после кампањата која за тоа е водена во турскиот печат и по интервенцијата на турската влада, донесен е дополнување на истиот закон со кој се анулира важењето на Законот за колонизација во однос на припадниците на турското малцинство, со што потполно различно се третира положбата на турското малцинство за разлика од македонското кон кое се превземаат драстични мерки.[328]

Очигледно било дека таквата политика од страна на Грција, не била предизвикана од таа на македонското односно југословенското комунистичко раководство, бидејќи до 1953 година, Грците не реагирале на неколкуте осврти* кои

[326] Dragan Bogetić, PODSTICAJI I OGRANIČENJA NA PUTU NORMALIZACIJE JUGOSLOVENSKO-SOVJETSKIH ODNOSA TOKOM 1956,
Currents of History (Tokovi istorije), issue: 3-4 / 2005, стр.161,
http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=89ff31d0-275f-4556-bdf1-5e75ece8aa0f
[327] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.31,п.21,д.1, стр.1
[328] Исто така, стр.3
* Од 1949 година ниту во централниот ниту во републичкиот печат не се појавил ниту еден наслов, ниту една изјава на некој одговорен раководител кои би можеле да предизвикаат вознемиреност кај Грците со

биле пишувани во Македонија, а се однесувале за положбата на Македонците во Егејска Македонија. При тоа од страна на македонското комунистичко раководство била забележена голема нервоза и подгрвање на напади со најпогрдни зборови. Причините за таквата кампања и според тогашното мислење на македонското раковдство се двојни, прво нормализацијата на односите помеѓу Југославија и СССР која создавала забуна и нервоза, а потоа и неуспехот на грчката акција околу кипарското прашање.[329]

И покрај нормализацијата на односите Тито продолжил да го одржува курсот на дистанца од Москва, одржувајќи ја Југославија во позиција на неврзана земја во периодот на студената војна по нејзиното исклучување од советскиот блок. Советско – Југословенскиот судир имал одлучувачко влијание на карактерот на комунистичкиот блок кој се појавил кон крајот на 1940 и почетокот на 1950 – тите.[330]

### 5.3 Македонското прашање и политиката на Неврзувањето на Југословенската федерација како одговор на глобална воена-политичка поделеност

Критиката на сталинистичката комунистичка практика била сумирана на Шестиот Конгрес на КПЈ во ноември 1952 година. При тоа дефинирана е новата улога на партијата поради што уследила и промената на нејзиното име во Сојуз на комунистите на Југославија. И покрај изречените критики за бирократските и државнокапиталистичките појави, појавите на локалистичките тенденции, за етатистичките, секташките и бирократските појави кои не биле искоренети од партијата, идејата за самоуправувањето и самоуправното реформирање имала за тоа време позитивни ефекти, но како што покажала практиката не и потрајно историски перспективи. Позитивни ефекти биле видливи во заживувањето на стопанската

своите ставови за Егејска Македонија. Имало само една изјава на Лазар Колишевски, а се однесувала на политиката на Владата на НРМ за економското и социјално згрижување на бегалците од Егејска Македонија на територијата на НРМ и излегла само една книга, „Етнографско-историскиот карактер на Егејска Македонија" – зборник на трудови, кој се однесувал на периодот од средината на XIX век до 1941 година. Книгата не предизвикала возбуда во Грција, бидејќи грчкиот печат не ја прокоментирал. МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.31,п.21,д.4, стр.1

329 МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.31,п.21,д.1, стр.1, Писмо Претседника Народног собрања НР Македонија, друг Колишевског до Државном секретаријату за спољње послова ФНРЈ, другу Вељку Мићуновић, Београд, 18.XII.1954 година.

330 Geoffrey Roberts, The Soviet Union in World Politics, 1999 by Routledge 11 New Fetter Lane, London EC4P 4EE, стр.30

иницијатива што веќе кон крајот на 1952 година довеле до извесен стопански развој.[331] Во исто време може да се види дека државата ја стабилизирала и состојбата со храна пред се со житарица. Во Основната уредба за откуп на земјоделски производи во економската 1951/1952 и календарската 1952 година се наведува дека ќе се врши откуп само на одредени земјоделски производи меѓу кои и на житариците – пченица, 'рж, пченка, овес, јачмен, и тоа во економската 1952/53 година, а задолжителниот откуп ќе се врши само во оние производни реони во кои има пазарни одвишоци на наведените производи.[332]

Исто така и во однос на надворешната политика Југославија беше во ситуација да бара алтернатива која ќе биде закрила за нејзиниот суверенитет. Таа алтернатива Југославија ќе ја пронајде во неврзувањето кое подоцна ќе прерасне во противтежа на другите два воено – политички блока.

Неврзувањето како политичка идеологија се јавува во првите повоени години во услови на поделба на светот на воено-политички групации на големите сили, како намера на низа држави да не бидат вовлечени во "блоковскиот судир" и со зачувување на својата независна политика и рамноправна положба во меѓународните односи би допринеле за смалување на опасноста од нови воени судири и јакнење на силите кои се борат за мир, економски развој и општествен прогрес. Со своето одбивање на пристапат на блоковските групации, неврзаните земји го спречувале нивното ширење и го оневозможувале спроведувањето на нивната основна цел: тотална поделба на светот на воено-политички сојузи и сфери на влијаниа на големите сили.[333]

Неврзувањето се појавило како антитеза на политиката на блоковската поделба, како спротивставување на силите на доминација и хегемонија, на носителите на политиката од позиција на сила. Неврзувањето во воено-политичките групации на големите сили не било инспирирано со желба "да се остане на страна", пасивно набљудување на случувањето на меѓународната сцена, што е својствено на политиката на неутралност, туку со намера таквата слободна и независна меѓународна позиција да се искористи за развивање на силна меѓународна активност во прилог на јакнење на мирот, независноста, економскиот развој и општествениот прогрес.[334]

---

[331] Новица Велјановски, Државноправниот развој на Македонија (1947 – 1953), ИНИ, Скопје,1992, стр.198

[332] Виолета Ачкоска, Задолжителниот откуп во Македонија 1945 – 1953 година, ИНИ, Скопје, 1995, стр.163

[333] Međunarodni odnosi i vanjska politika socijalističke jugoslavije, studije i dokumenti, grupa autora, Zagreb, 1979, стр.86

[334] Исто така, стр.86

Ова движење било сложена појава во меѓународните односи. Барањето на корените и конституирањето на движењето води во повоениот период, низ кој минувал светот преку многу кризи предизвикани од спротивните интереси на блоковските држави. Студената војна од Европа била пренесувана на другите делови на светот. Војната во Кореја покажала дека Азија се претворила во главна почва за судирите меѓу блоковите, иако во тоа време Индија, Пакистан, Бурма и Индонезија добиле независност.[335]

Идејата на неврзувањето била изнесена на Конференциите одржани во Њу Делхи во 1947 и 1949 година, кои биле од огромно значење за оформување на оваа политика и движење.

На првата конференција од 1947 година присуствувале претставници на 25 азиски држави. Учесниците на Конференцијата прифатиле дека во случај на агресија, која има за цел доминација над некоја земја не требало да биде подржуван агресорот, со тоа што не би му се дозволувало да користи бази на нивна територија. Друга главна тема која била разгледувана, биле ослободителните движења, при што земјите од Азија се заложиле за давање на помош на земјите кои се бореле за ослободување од колонијализмот.

Втората конференција во Њу Делхи била одржана две години подоцна. На оваа конференција од 1949 година присуствувале и африканските земји (Египет, Етиопија). Повод за свикување на Конференцијата бил судирот кој избил меѓу Индонезија и Холандија. Иницијатор за одржување на овој собир бил Нехру. Собирот бил свикан во време кога во светот почнале да се шират гласови дека Азија сакала да создаде свој блок, кој би се спротивставил на Западната алијанса. Забележителен бил говорот кој го одржал Нехру, во кој истакнал дека земјите учеснички биле против било каков блок „затоа не може да се замисли дека би го храбреле формирањето на некаков нов блок на земји. *Конференцијата не е насочена против било која земја или народ. Таа не е ни* антиевропска, ни антиамериканска, ни антизападна“.[336]

Втората конференција имало огромно значење, бидејќи азиските земји презеле конкретна иницијатива за заедничко решавање на проблемите на овој континент.

[335] Маргарите Пешевска, Меѓународните односи по втората светска војна, Менора, 1999 година, Скопје, стр.137
[336] Исто така, стр.139

Конференциите кои биле одржани во Азија биле резултат на промените кои биле извршени на овој континент во процесот на деколонизација по Втората светска војна.[337]

Промоцијата на политиката на "еквидистанца" на југословенското раководство и нејзиниот антиимперијалистички став, а кој коинцидира со одлуките на конференциите во Њу Делхи, може да го забележиме од нејзиното дејствување во Генералното собрание на ООН, каде што секогаш користела прилика да ги промовира ставовите на надворешната политика. Таквите определби ќе бидат особено присутни во периодот по донесувањето на Резолуцијата на ИБ, кога некако и природно се наметна потребата, Југославија да его бара третиот пат во надворешно политичката ориентација, со оглед на специфичните политичко-економски и идеолошки услови во кои таа се создаваше и развиваше. На V-то редовно заседание на Генералното собрание на ООН одржано од 19 септември до 16 декември 1950 година, меѓу другото на една од сесиите се разгледувале и два предлога поднесени од југословенската делегација. Таквата активност како што е наведено и во извештајот на делегацијата била во согласност со интересите на Југославија и во согласност со интересите за борба против агресија и афирмирање на Југославија како мирољубива земја. Двата предлози биле Резолуција "За должностите на државите во случај на непријателство" и "Воспоставување на Комисија за добри услуги". Суштината на првата Резолуција е да се спречи или во најмала рака да се отежне на агресорот, својата агресија да ја камуфлира со одбранбена војна. Резолуцијата налага на секоја држава која би се нашла во вооружен судир, должност по автоматизам, без повикување на ООН, во рок од 24 часа, да објави спремност да ги прекине воените операции и повлекување на трупите и веднаш да го стори тоа, штом и другата страна ќе даде соодветна изјава. Државата која не постапува во смисла на оваа резолуција, со самото тоа, во очите на целиот свет, ја докажува својата одговорност за војна и органите на ООН тоа ќе го земат во предвид во ситуација на утврдување на одговорност за агресија.[338] Суштината на вториот предлог за "Создавање постојана Комисија за добри услуги" се состоел во тоа да се формира еден постојан орган составен од шест непостојани членки на Советот за безбедност и шест други членки (со исклучок на големите сили) чија задача била посебно да ја развива меѓународната соработка и без некој непотребен публицитет, да

[337] Исто така, стр.140

[338] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.37, п.2, д.1, Izveštaj Delegacije FNRJ na V redovnom zasedanju Generalne skupštine OUN, одржана од 19 септември до 16 декември 1950 година

ги потикнува погодените држави на директни преговори, при тоа да посредува и пропорачува не на суштински решенија во споровите, туку понуда на методите и патиштата за решавање во директен однос меѓу заинтересираните страни.[339] Двата предлози во својата основа ја имаат интенцијата за неутрализирање или минимизирање на влијанието на големите сили во ООН, но во прв план Југославија во конкретната ситуација се обидела да издејствува Резолуција која би ги штитела интересите на земјите кои би се нашле под акт на агресија.

Кон крајот на 1954 година и почетокот на 1955 година дошло до средба на Тито со претсадетелите на Индија и Бурма, што преставувало значаен настан во движењето на неврзување. Во заедничката изјава на Нехру и другите двајца државници, гласи: „политиката на невклучување во блоковите.., не претставува неутралност или неутрализам, ниту пасивност, како што понекогаш се тврди, туку активна конструктивна и позитивна политика која тежи кон колективен мир, на кој единствено може да почива колективната безбедност. Односите меѓу нивните две земји и влади ги засноваат и мораат и понатаму да ги засноваат на нечелата на меѓусебно признавање на суверенитетот, независноста и интегритетот, неагресии, рамноправност, взаемно почитување и немешање во внатрешните работи на другата страна или друга земја, како и на постигнување како за нив така и за останатиот свет, на разбирањето и условите на мирољубивата коегзистенција. Од тие основни разбирања треба да се раководат и во меѓународните односи и тоа треба да биде главен елемент на политиката и работата на Обединетите Нации.“

Во сенките на силните блокови кои сакале да дојдат до целосна поделба на светот и кои оставиле впечаток на голијатска сила, овие државници ја замислиле изградбата на политичката доктрина во која биле изразени интересите на малите и средните држави.[340]

Сепак неврзувањето во тој момент се наметнала и како единствена алтернатива во надворешната политка на Југославија, веднаш по смртта на Сталин и раскинувањето на сојузот помеѓу трите балкански држави Југославија, Грција и Турција како последица од започнувањето на кипарскиот конфликт.

Во текот на 1955 година, Југославија се побрзо се оддалечувала и од едниот и од другиот блок. Таа ги подржувала антиколонијалните движења и политичките и

[339] Исто така.
[340] Маргарите Пешевска, Меѓународните односи по втората светска војна, Менора, 1999 година, Скопје, стр.142

воените, а се залагала и за обединување и неутрализација на Германија. Југословенската политика на еквидистанца, одговарала и на Американците. Новата администрација со претседателот Ајзенхауер и со државниот секретар Далес на чело, сметале дека неутрализацијата на Југославија е подобро и пореално решение отколку нејзино привлекување кон Западот. Југословенската определба за неврзувањето не било само избор на Тито и партискиот врв, туку таа определба и одговарала и на најголемата западна сила, која во согласност со тоа и ја кроела својата (југословенска) политика.[341]

Состанокот од Бриони кој бил одржан на 18 и 19 јули 1956 година, помеѓу Тито, Насер и Нехру бил вистински во насока на создавање на неврзаното движење. Во таа насока била донесена и „Брионската декларација" потпишан од тројцата државници.

Целиот документ бил уневерзален, како по своите заклучоци така и по анализата на ситуацијата. Во изјавата била изразена позитивноста на „тесната соработка меѓу нив и тие со задоволство утврдиле дека, политиката која ја водат нивните земји придонесува, во извесна мерка, да се намали меѓународната затегнатост и развивање на рамноправните односи во светот".

Потоа било констатирано дека „мирот не може да се постигне со поделба, туку со тежнеење кон колективна безбедност во светски размери и проширување во областа на слободата како и завршување на доминацијата на една земја над друга".

Покрај политичките прашања тука биле разгледувани и економски прашања. Тројцата државници „укажале на значењето на меѓународната економска и финансиска соработка и сметале дека е потребно и пожелно да се предложи специјален фонд на Обединетите нации за економски развој".[342]

Брионскиот состанок во историјата на неврзаното движење се смета за прв договор на заедничко гледање на меѓународните проблеми, бидејќи бил повик на *земјите за пошироки консултации.*[343]

Надворешната политика на Југославија, нејзините активности и состојбата во меѓународните односи, неможеме да ги гледаме надвор од контекст на глобалните случувања.

---

[341] Dobrivojević, Ivana; Miletić, Aleksandar R., Prilog izučavanju percepcije Sovjetske stvarnosti Jugoslovenskim medijima (1945-1955), Currents of History (1-2/2004), стр.89, http://www.ceeol.com/aspx/issuedetails.aspx?issueid=63007027-1a1c-43cc-bb30-c18f0fac6392&articleId=6f665a5f-f38c-4e87-b268-1adbdcc2a058,

[342] Маргарите Пешевска, Меѓународните односи по втората светска војна, Менора, 1999 година, Скопје, стр.145

[343] Исто така.. стр.146

Доколку сакаме навистина да го разбереме развојот на македонското прашање не би смееле истото да го вадиме од контекстот на политичката констелација во југословенската федерација Во рамките на југословенската федерација македонската држава сепак се развиваше и македонскиот народ живеел поквалитетно во однос на Македонците во Бугарија и Грција, а економски развиена македонска држава на границите на грчката држава значело и голема опасност по безбедноста на самата Грција. Во еден извештај на ДСВР на ФНРЈ, Одделение за погранични работи и странци, од 20 август 1959 година, се вели дека грчкиот Генерал штаб до владата на Грција поднел извештај во кој ја предупредува на безбедносните последици кои би настапиле по потпишување на договорот за малограничниот промет. Со договорот се предвидувало грчката граница да биде преместена 15 километри во длабочина на грчката територија, по што Југославија би била во можност да добијат целосон увид за се што се наоѓа во тој појас.

Генералштабот исто така информира дека не може да се воспостави ефикасна контрола од позиција на безбедност во пограничните реони. Меѓу жителите на овие предели имало приличен број “славофони“ и тие не можеле да се третираат како целосно доверливи. Под влијание на македонскиот елемент од Југославија како и од грчките бегелци, тие би можеле да претставуваат опасност по безбедноста на Грците, бидејќи претставувале потенцијална база за работата на југословенската разузнавачка служба во пограничните региони и за акција на големомакедонските и иредентистички елементи. Тоа население според Генералштабот, еден ден ќе тежнеело да се присоедини на југословенска Македонија од чисто економски причини бидејќи гледало дека таму се подигнува голема индустрија – особено на границата – како и тоа дека таму материјално подобро се живее. Тоа се сметало за важен фактор кој ќе игра се поголема улога доколку грчките власти не вложат поголеми напори за подигнување на стандардот во Северна Грција. Тоа биле причините кои биле дадени од страна на грчкиот Генералштаб, поради кои владата не би требало да го ратификува Договорот за малогранична трговија зашто е опасен по безбедноста на Грција.

Жандермеријата во пограничните региони превземала широко безбедносни мерки, повторно проверување на населението, се правеле списоци на лица кои требало да се стават под контрола или да се одалечат од тие краеви итн. Жандармериските станици за таа цел добиле засилување. На основа на информациите со кои располагале функционерите на грчкото МВР, биле против ратификацијата, но сметале дека многу е тешко да се избегне ратификацијата зашто тоа лошо би влијаело на грчко –

југословенските односи. Според нивно мислење единствено можно решение е ратификацијата да се одложи за извесно време, со цел службата за безбедност да ги превземе сите потребни мерки.[344]

Од погоре наведениот документ може да констатираме дека во Грција не постоел поголем економски просперитет од оној во Југославија, односно Народна Република Македонија и покрај релизираната Труманова доктрина, Маршалов план, членството во НАТО и користењето на бенефициите од бројните меѓународни финансиски институции, особено не за Македонците од Егејска Македонија. Македонското прашање во една сложена политичко безбедносна состојба било крајно тешко за негово контролирање, а не пак да зборуваме за негово интегрално решавање. Територијата на која се создаде македонската држава во рамките на југословенската федерација и која претставуваше триесет и три проценти од нејзината етнографска граница ја доживее судбината да биде на средината помеѓу идеолошкиот судир на двата блока. Другиот дел од македонскиот народ, особено оној кој живееше во Бугарија се најде геополитички на страната на Источниот блок предводен од страна на СССР, а Македонците од Егејска Македонија геополитички се најде на страната на западниот блок предводен од страна на САД.

[344] МАНУ, Фонд Лазар Колишевски, к.31, п.25, Državni sekretarijat za unutrašnje poslove FNRJ, Odeljenje za pograničnu službu i strance, Br. G - 21674, 20 avgust 1959 god.

# ЗАКЛУЧОК

Македонското национално прашање по Втората светска војна може целосно да го разбереме и правилно да го толкуваме само доколку го анализираме во контекст на глобалната и регионалната политика која ја спроведувале двете супер сили САД и СССР и само во контекст на политичко-безбедносните и економски случувања во југословенската федерација. Со истовремено заострување на односите со Истокот и Западот во 1948 година, Југославија практично се нашла во потполна изолација во меѓународната заедница. Во никој случај македонското прашање и состојбите во НР Македонија не можело да се третираат надвор од рамките на југословенската федерација, а без притоа да не бидат загрозени интересите на останатите федеративни републики, а со тоа и интересите на југословенската држава во целост.

Општествено, политичките и економските состојби во НР Македонија беа рефлексија на оние случувања кои се одвиваа на целата територија на Југославија.

По завршувањето на војната во формално – правна смисла, безбедносната состојба во Југославијата скоро на целата нејзина територија била загрозувана од разни спротивставени идеолошки и воени формации. Посебна опасност претставувале околу 20.000 припадници на разни одметнични банди од редовите на преостанатите четници, усташи, балисти, припадниците на белата гарда и др., кои цели десет години вршеле тешки злосторства и предизвикувале несигурност кај народот. Во 1948 година вооружено делувале на целата територија на Југославија 6.611 припадници на одметнички банди, од кои 3.069 четници, 1.309 усташи, 40 балисти итн.

Идејно-политичките и економските интереси на двете супер сили САД и СССР, за повоеното уредување на светот биле различни. Во својата суштина и двата концепти имале единствени цели, а тое е што поголема контрола на глобалните општествено, политички и економски процеси, како и доминација и ширење на своето влијание на целата земјина топка.

Природно се наметнала потребата од канализирање на воено-политичката моќ, која ја стекнала особено САД, а потоа и СССР. Исто така не треба да се заборави и на огромниот влог на САД во финансиско материјална смисла во текот на Втората светска војна.

Напуштањето на изолационизмот како надворешно-политичка доктрина (позната како Монрова доктрина), бил напуштен од страна на САД, иако и околу тоа прашање се водела дебата пред домашната јавност. Напуштањето на изолационизмот

бил во согласност со американските национални интереси и нејзината безбедност и како резултат на причинско-последична врска со историските околности и услови кои се развиле пред, за време и по Втората светска војна. Нападот на Перл Харбур покажал колку можат да бидат ранливи американските национални интереси доколку се нема контролата на ситуацијата, а особено на политичко-безбедносната и економската ситуација во Европа. Рамнотежа на силите особено на европскиот континент било императив за американската надворешна политика по завршувањето на Втората светска војна. Кога се соочиле со предизвикот кој доаѓал од СССР, било јасно дека овој предизвик не би можело да се реши со една тотална војна.

Македонското прашање по Втората светска војна интегрално не било решено, но јас би рекол дека со создавањето на независна македонска држава во рамките на југословенксата федерација, всушност повторно се отвори македонското прашање на Балканот по трагичните 1913 и 1919 година. Македонското заедно со албанското прашање и ден денес останувaат отворени политички прашања на Балканот.

Создавањето на современата македонска држава во рамките на југословенската федерација скоро половина век ги градеше институционалните, инфраструктурните со еден збор државните и националните капацитети кои беа темелот на македонската современа држава од 1991 година. Секоја обид за девалвација во историска смисла на изминатите педесет години го девалвира концептот за современа македонска држава.

Историските факти кои зборуваат за односот на безбедностите служби кон политичките неистомисленици на режимот во никој случај сами по себе не смат да се користат за девалвирање на македонскиот национален дострел во југословенската федерација. Обидите за бришење на делови од македонската колективна национална свест од тој временски период ќе значат неповратно губење на историските основи на современата македонска држава.

## РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА


1. **Ален Бринкли**, Историја на САД-недовршената нација, Штрк, Скопје, 1999 година.
2. **Ачкоска Виолета**, Аграрно-сопственичките односи, промени и процеси во Македонија 1944-1953, ИНИ, Скопје, 1998
3. **Ачкоска Виолета**, Македонија во југословенската федерација : 29.11.1943-8.9.1991 : (хронологија), Институт за национална историја, 2001 Скопје, Менора
4. **Ачкоска Виолета**, Лекции од историјата на современата македонска држава : (1944-1991), Скопје, Филозофски Факултет, 2011
5. **Ачкоска Виолета, Никола Жежов,** Репресијата и Репресираните во најновата македонска историја, (прв дел), Макавеј, Скопје, 2005 година
6. **Бабановски Иван,** Југославија како објект на специјалната војна, Млад Борец, Скопје 1982
7. **Велјановски Новица**, Државноправниот развој на Македонија (1945-1953), ИНИ, Скопје, 1992
8. **Велјановски Новица,** Македонија 1945-1991 : државност и независност, Институт за национална историја, 2002, Скопје
9. **Велјановски Новица,** Македонија и Балканот : договори и односи по Втората светска војна, Македонска реч, 2007, Скопје
10. **Велјановски Новица**, Македонија во југословенско-бугарските односи,1944-1953, стр.25, ИНИ,Скопје 1998
11. **Гедис Л. Џон,** Хладни рат, Clio, 2003
12. **Глигоров Киро,** Македонија е се што имаме, ИЦ Три, Скопје, 2000
13. **Глигоров Киро,** Сите Југословенски (стопански) реформи, Култура, 2006 година
14. **Глок Ричард**, Историја Грчке новог доба, Clio, 2000
15. **Јелавич Барбара,** Историја на Балканот, дваесетти век, Том II, Ник Лист, Скопје 1999 година
16. **Мазовер Марк,** Откако војната заврши, Евро Балкан Прес, 2007 година
17. **Кирјазовски Ристо**, Македонското национално прашање и граѓанската војна во Грција, Институт за национална историја, Скопје,1998 година

18. **Кирјазовски Ристо**, Односот на големите сили од антихитлеровската коалиција спрема Грција во текот на Втората светска војна и проблемот на обединувањето на Македонија, Публикација АСНОМ педесет години македонска држава 1944-1994, МАНУ, Скопје, 1994 година
19. **Кирјазовски Ристо**, Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949), Здружение на деца бегалци од Егејскиот дел на Македонија, 2009 Скопје
20. **Кнежев Д.Зоран**, Западне силе и Југославија у другом светском рату,долазак комуниста на власт 1944 год., Evro, Београд, 2003 година
21. **Кремптон Џ. Ричард**, Балкан после другог светског рата, Clio, 2003
22. **Колишевски Лазар,** Аспекти на Македонското прашање, НИК „Наша Книга", Скопје, 1979 година
23. **Кръстев Георги**, Разузнавателните служби на България, възникване, развитие, перспективи, Военно издателство, 2006
24. **Лазаров Лазар**, Македонија во француската политика на Балканот 1944 – 1957, ИНИ, Матица Македонска, Скопје, 1998
25. **Лазаров Лазар,** Дипломатиите на некои европски земји и САД за Македонија и Македонците по Втората Светска војна, Гласник на Институтот за национална историја, Год. 33, бр. 1 (јануари-јуни 1989), стр. 65-75, Скопје
26. **Лакер Волтер**, Историја Европе : 1945-1992, Београд : Clio, 1999
27. Македонците и Словенците во Југославија, Институт за национална историја – Скопје – Љубљана, 1999
28. **Миноски Михајло** , Соединетите Американски Држави и Македонија-1869-1919, Архив на Македонија, Матица македонска, 1994, Скопје
29. **Миноски Михајло,** Македонија во меѓународните договори. Т. 2, (1941-1991), Државен архив на Република Македонија, 2008, Скопје
30. **Ортаковски Владимир,** Меѓународната положба на малцинствата, Мисла, Скопје, 1996 година
31. **Павел Шатев,** време – живот – дело (1882-1951), Прилози од Научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, Институт за национална историја – Скопје, Собрание на општина Кратово, Скопје, 1996
32. **Панзова Виолета**, Науката како занает, Филозофски факултет, Скопје 2007

33. **Петреска Даринка, Ачкоска Виолета,** Осознавње на историјата, , Универзитет Св."Кирил И методиј", Филозофски Факултет-Скопје, Скопје, 2007 година

34. **Пешевска Маргарита,** Меѓународните односи по Втората светска војна Менора, 1999 Скопје

35. **Пешевска Маргарита,** Политичките промени во земјите на Источна Европа по Втората светска војна, Годишен зборник. - ISSN 0350-1892

36. **Пешевска, Маргарита,** Меѓународните политички аспекти на прашањето за обединувањето на Македонија (1944-1948), Ченто и македонската државност, Институт за национална историја, 2004, Скопје

37. **Пешевска Маргарита,** Берлинска криза и нејзиното разрешување, Годишен зборник. - ISSN 0350-1892

38. Свет после другог светског рата, Слобода, 1975, Белград, Книга 1 и 2

39. **Узунов Никола,** Стопанството на Република Македонија, 1945 – 1990, МАНУ, Скопје 2001,

40. Устав на ФНРЈ од 1 јануари 1946 година

41. **Чепреганов Тодор**, Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948), Институт за национална историја, Екопрес Магна-скен, Скопје 1997

42. **Чепреганов Тодор**, Ставот на Соединетите американски држави кон британската "политика на компромис" спрема Југославија : (декември 1943-мај 1944), Гласник на Институтот за национална историја1-2, стр.145-157, Скопје, (1986)

43. **Чепреганов Тодор,** Американскиот печат за НОВ во Југославија (1941-1945), Институт за национална историја, 1992, Скопје

44. **Чепреганов Тодор,** Македонија во политиката и стратегијата на Велика Британија и Соединетите американски држави (1941-1945), Македонија во дваесеттиот век, Институт за национална историја, 2003, Скопје

45. **Чепреганов Тодор,** Воените операции на Грамос (јуни-август 1948) низ британски документи, ИСТОРИЈА. - ISSN 0579-0263

46. **Allan Todd**, History for the IB Diploma: The Cold War, Cambridge University Press, 2011

47. Bezbednosna funkcija u sistemu socijalistickog samoupravljanja, naucno-strucno savetovanje, Visa skola unutrasnjih poslova, Beograd, 1983 godina

48. **Branko Petranović, Momčilo Zečević**: Jugoslavija 1918-1988. Tematska zbirka dokumenata, Biblioteka Svedočanstva, Izdavačka Radna Organizacija „RAD" Beograd, 1988.

49. **Branko Petranović**, Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, treća knjiga, Socijalistička Jugoslavija 1945 – 1988, Nolit, Beograd, 1988

50. **Calvocoressi Petar**, World Politics, 1945- 2000, Biddles Ltd, King's Lynn, Norfolk, Great Britain, 2001 (8th. Ed.)

51. **Charles S. Maier,** The Cold War in Europe: era of a divided continent, Markus Wiener Publishers, 1996

52. **Darko Bekić,** Jugoslavija u hladnom ratu, Globus, Zagreb, 1988

53. **David Mayers**, George Kennan and the Dilemmas of US Foreign Policy, Oxford University Press, 1988.

54. **Dario Lisiero,** American Doctrine, Library of Congress, 2008,

55. **Elizabeth Edwards Spalding,** The first cold warrior: Harry Truman, containment, and the remaking of Liberal Internationalism, The University Press of Kentucky, 2006

56. **Elisabeth Barker,** Britanska politika prema jugoistočnoj Evropi u drugom svjetskom ratu, Globus, Zagreb, 1976

57. Enciklopedija Jugoslavije, t.5, Jugos – Mak, Zagreb MCMLXII, Leksikografskog zavoda FNRJ.

58. **Geoffrey Roberts**, The Soviet Union in World Politics, 1999 by Routledge 11 New Fetter Lane, London EC4P 4EE

59. Grupa autora, Medzunarodni odnosi I vanjska politika socijalisticke Jugoslavije, ed.udzebnici I prirucnici/medzunarodni odnosi 2, Zagreb, 1979 година

60. **John Lewis Gaddi,** Strategies of containment: a critical appraisal of American national security policy during the cold war, Oxford University Press, 2005

61. **Lorraine M. Lees**, Keeping Tito Afloat, The United States, Yugoslavia, and the Cold War, The Pennsylvania Universety, 1997

62. **Martinus Nijhoff**, Internacional Documennts, The Hague, Netherlands, 1961

63. Međunarodni odnosi i vanjska politika socijalističke jugoslavije, studije i dokumenti, grupa autora, Zagreb, 1979

64. **Michael J. Lacey**, The Truman Presidency, Press Syndicate of the University of Cambridge, 1989
65. **Monteagle Stearns,** Entangled allies: U.S. policy toward Greece, Turkey, and Cyprus, Council on Foreign Relations, New York, 1992,
66. Neprijatelska delatnost sa birokratsko – etatističkih pozicija, Savezni Sekretarijat za Unutrašnje Poslove, Centar za stručno obrazovanje radnika SDB, Beograd, 1976
67. **Norman A. Graebner**, The National Security Its Theory and Practice, 1945-1960, Oxford University Press,1986
68. **Peter Duignan**, NATO: its past, present, and future, Hoover Institution Press Publication, 2000
69. Politička enciklopedija, Savremena administrcija, Beograd, 1975
70. **Robert P. Watson**, Michael J. Devine, Robert J. Wolz, The national security legacy of Harry S. Truman, Truman State University Press, Kirksville, Missouri, 2005
71. **Sean Kay,** NATO and the future of European security, Rowman & Littlefield publishers,INC, 1998
72. Vojna Enciklopedija, drugo izdanje, t.8, Beograd, 1974
73. **Veljko Mićunović**, Moskovske godine, 1956 – 1958, Sveučilišna Naklada Liber-Zagreb, 1977 godina Zagreb
74. **Vojnoobaveštajna služba**, Grupa autora, Edicija »Razvoj oružanih snaga SFRJ 1945-1985«, Beograd, 1990
75. **Robert W. Tucker, David C. Hendrickson,** The imperial temptation: the new world order and America's purpose, Council on foreign relations press, 1992
76. **Obren Đorđević,** Osnovi Državne Bezbednosti, opšti deo, Viša škola unutrašnjih poslova, Beograd, 1980
77. **Obren Z.Dzordzevic**, Osnovi drzavne bezbednosti, opsti deo, Visa skola unutrasnjih poslova, Beograd, 1980
78. **Sesic Bogdan,** Opsta Metodologija, Naucna knjiga, Beograd, 1980

**Архивска објавена и необјавена документација**

1. Архивски фонд Лазар Колишевски, МАНУ (необјавена документација)

2. B.Petranović, M.Zečević, Jugoslavija1918-1988, Tematska Zbirka Dokumenata, Drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje, Izdavačka radna organizacija „RAD" , Beograd, 1988
3. Архив на Република Македонија, Документи 1951 – 2011, Скопје 2011

**Списанија и весници**

1. Безбедност
2. Tokovi istorije
3. Службен Весник на НРМ
4. Службен Весник на ФНРЈ

**Веб страни**

1. http://www.trumanlibrary.org
2. http://www.fordham.edu
3. http://www.ceeol.com
4. http://www.nytimes.com
5. http://avalon.law.yale.edu